Јавното претпријатие не може на Претседателот или на член на Управниот одбор, на Претседателот или на член на Надзорниот одбор или на Директорот да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

## 2. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**Член 20**

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола составен од 5 ( пет ) члена. Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од 4 ( четири ) години.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува, односно разрешува основачот.

За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование, кои поседуваат знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и ним им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат и на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаите за работа на Јавното претпријатие и по прегледувањето дава свое мислење од Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвојува годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието, ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

## 3. ДИРЕКТОР

**Член 21**

Со работата на Јавното претпријатие раководи Директор што го избира односно разрешува Градоначалникот на општина Охрид.

Изборот се врши врз основа на јавен конкурс.

Директорот се избира со мандат од 4 ( четири ) години.

За Директор на Јавното претпријатие може да се именува лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или со должност и
- да има минимум 5 ( пет ) години работно искуство,
- да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа : ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) -најмалку 74 бода, ИЕЛТС (ILETS) -најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English:First)- положен,БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS)-најмалку ниво Б2 (B2).

**Член 22**

Директорот на Јавното претпријатие:

1. Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците ид Управниот одбор,
2. Учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој и е одговорен за нејзиното реализирање,
3. Учествува во утврдување на критериумите за користење и располагање со средствата и употребата на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие,
4. Врши усогласување на деловната политика на Јавното претпријатие,
5. Ја организира работата и се грижи за реализацијата на програмите,
6. Донесува одлуки за потребата од засновање на работен однос и одлуки за избор од пријавените кандидати,
7. Избира и распоредува работници,
8. Одлучува за престанок на работен однос во прв степен и други дејствија согласно Законот за работни односи и Колективниот договор на претпријатието,
9. Донесува одлуки, решенија, наредби и заклучоци,
10. Формира комисии,
11. Директорот е должен да ги објави тримесечниот извештај за финасиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на веб страницата на претпријатието.

**Член 23**

Директорот на Јавното претпријатие за својата работа одговара пред Градоначалникот на општината. Директорот склучува договор со Градоначалникот на општината за уредување на односите со Јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно Закон.

**Член 24**

Директорот како застапник е овластен и во рамките на дејноста на Јавното претпријатие да склучува договори и потпишува спогодби, како и да го застапува претпријатието пред Судовите и другите органи.

За одредени работи и работни задачи, за застапување пред надлежните судови и други органи Директорот издава полномоштва во писмена форма.

Полномошникот го застапува Јавното претпријатие во границите на даденото полномоштво.

**Член 25**

Функцијата Директор, член на Управен одбор и член на Надзорен одбор на Јавното претпријатие е неспоива со функцијата Пратеник на Собранието на Република Северна Македонија, функциите Претседател и членови на Владата на Република Северна Македонија како и член на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите морале да знаат дека ги повредуваат интересите на Јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдуваат согласно одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

## VI. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 27**

Основни организациони облици во кои е организирано претпријатието се сектори, одделенија и две самостојни одделенија и тоа:

01. Одделение за подршка на Директорот – самостојно одделение
1. Одделение за планирање, инвестиции и развој – самостојно одделение

**I. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси**

I.1. Одделение за општи и правни работи
I.2. Одделение за човечки ресурси

**II. Сектор за финансиско работење, сметководство и комерција ( јавни набавки)**

II.1. Финансиско одделение и сметководство
II.2. Одделение за јавни набавки

**III. Сектор за канализација**

III.1. Одделение за стручни(технички) работи
III.2. Одделение за одржување на канализациона мрежа, градба на нови и реконструкција на постоечки делови од канализациона мрежа
III.3. Одделение за фекално и атмосферско одржување

**IV. Сектор за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта**

IV.1. Одделение за градежно одржување
IV.2. Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта

**V.Сектор за механизација**

V.1. Одделение за одржување на механизација и возила
V.2. Одделение за експлоатација на возниот парк

## VII. ОПШТИ АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 28**

Во Јавното претпријатие се донесуваат следните општи акти:

- Статут
- Правилник за организациона поставеност и систематизација на работните места и плати на вработените
- Колективен договор
- Други акти

Актите на Јавното претпријатие мора да бидат во согласност со Статутот.

Сите општи акти на претпријатието стапуваат во сила 8 ( осмиот ) ден од денот на донесувањето.

Толкување на општите акти дава Управниот одбор на претпријатието.

## VIII. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

**Член 29**

Управниот одбор и Директорот на Јавното претпријатие се одговорни за редовно, вистинито информирање на работниците за целокупното работење на претпријатието за остварување и распределба на добивката, за располагање, користење и здружување на средствата, како и за другите прашања од значење за работата на претпријатието во целина.

Работниците се информираат и преку огласните табли на претпријатието и други средства за информирање.

## IX. ПРОГРАМА И РАЗВОЈ НА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 30**

Со цел зголемување на добивката, развој на јавното претпријатие се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

Програмата ја донесува Управниот одбор на предлог на Директорот.

## X. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

**Член 31**

За заштита и унапредување на животната средина, Управниот одбор на Јавното претпријатие донесува Програма, Одлуки и мерки и обезбедува средства за таа намена.

По потреба формира комисии и задолжува поединци кои ќе се грижат за спроведување на Програмата, Одлуките и мерките.

## XI. СИНДИКАТ

**Член 32**

Јавното претпријатие е должно да создаде услови за активноста на Синдикатот во врск со заштитата на правата на работниците од работниот однос, утврдени со Закон и Колективен договор.

Активноста на синдикатот во согласност со став 1 од овој член не може да се спречи со акт на Јавното претпријатие.

**Член 33**

На барање на Синдикатот, Јавното претпријатие доставува податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба на Синдикатот ( работниците ) и ги разгледува мислењата и предлозите на Синдикатот во постапката на донесување на Одлуки и Решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на работниците.

На синдикалниот претставник му се овозможува непречено комуницирање со Јавното претпријатие или овластено лице, кога тоа е неопходно за остварување на функциите на Синдикатот.

**Член 34**

Претседателот на Синдикалната организација има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во неповолна положба, вклучувајќи го и престанокот на

неговиот работен однос поради членство во синдикатот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците, ако постапува во согласност со Закон и Колективен договор.

Посебната заштита на претставникот на Синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за превземени синдилкални активности.

**Член 35**

Претставникот на Синдикалната организација, поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците не може:

- да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец,
- да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ,
- против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ.

**Член 36**

На претставникот на Синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа за негово оспособување и ефикасно вршење на функциите на Синдикатот.

Начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот претставник се уредуваат со Колективен договор на ниво на јавното претпријатие.

**Член 37**

Член на Синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на Синдикатот, чие вршење бара привремено да престане со работа кај Јавното претпријатие има право по престанување на функцијата што ја вршел да се врати во Јавното претпријатие на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, за што се склучува посебен договор со Јавното претпријатие.

**Член 38**

Работниците првото на штрајк го остваруваат во согласност со Закон и Колективен договор на ниво на Јавното претпријатие.

## XII. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 39**

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на Јавното претпријатие, поедини податоци од работењето и односите во претпријатието претставуваат деловна тајна.

На трети лица можат да се соопштат на начин пропишан со Закон или посебен акт.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 40**

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Статутот стапува во сила по добиена Согласност од Советот на општина Охрид.

**Член 41**

Измени и дополнувања на овој Статут врши Управниот одбор на начин и постапка како и при неговото донесување.

Измените и дополнувањата стапуваат на сила по добиена Согласност од Советот на општина Охрид.

Толкување на одредбите на овој Статут дава Управниот одбор во консултации со Секторот за општи правни работи.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Горан Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/147** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид со статус на административни службеници за 2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид бр.02-315/4 од 06.03.2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**Дел.бр. 02-315/4**

**06.03.2024 година**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП Охридски Комуналец Охрид, а во врска со член 116 од Колективниот договор на Јавното претпријатие, Управниот Одбор на својата седница одржана на ден 06.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За утврдување вредност на бодот за пресметување на платите на вработените
во ЈП Охридски Комуналев Охрид

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, која е и вредност за давателите на услуги и помошно техничките лица, во ЈП Охридски Комуналец Охрид.

Вредноста на бодот се утврдува на 74,25 денари бруто вредност

**Член 2**

Вредноста на бодот се утврдува согласно Колективниот договор, Аналитичката процена на работните места, Правилникот за систематизација во ЈП Охридски Комуналец Охрид и Економско- финансиско вештачење, Финансиска анализа за пресметка на вредност на бод на ЈП Охридски Комуналец Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од Советот на општина Охрид.

**УО на ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид**
**Претседател**
Александар Буџакоски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/148**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/29**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НАПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2023 – 31.12.2023 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за период од шест месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 год. за реализација на:

- Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2023 – 31.12. 2023 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Развој на туристичка инфраструктура и производ**
2. **Туристичка промоција на Охрид**
3. **Стандардизација и развој на туристички услуги и производи**
4. **Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Промоција на туристичкиот потенцијал,
- Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој
- Реализација на активности од Анализата на визуелното оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација - “OHRID GO authentic”
- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 3031 станоиздавачи),
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2023 година.

1. Развој на туристичка инфраструктура и производ
2. Туристичка промоција на Охрид
3. Стандардизација и развој на туристички услуги и производи
4. Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2023 год. во однос на 2022 год.), според записници од општински инспекторат

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2023 – 31.12.2023 год.**

1. **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2023 | Изградба на адреналински парк | Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители. | Во консултација со ДЕУ утврдена е нова локација на паркот (во шумата во Касарна). Во овој период се правеше ново истражување на пазарот и подготовка на нова техничка документација соодветна на новата локација. Постапката за јавна набавка се реализира во Декември 2023. Евалуацијата на пристигнатите понуди и потпишување на договор ќе биде во почетоткот на 2024 по што ќе следи и реализација на активноста. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”. Не се потрошени финансиски средства. |
| **1.2 Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2023 | Изградба на PUMP TRACK полигон | Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од | Проектната документација е подготвена, одобрена е измената во буџетот. Постапката за јавна набавка е завршена, следува потпишување на договорот и започнување со реалзиација на активноста. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”. Не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично. | | |
| **1.3. Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2023 | Бесплатен hot spot интернет | Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на јавни локации е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот. Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид. | На почетокот на 2023 година беше издаден налог за отпочнување и извршување на услуга за бесплатен hot spot интернет до избраниот економски оператор согласно склучениот договор со истиот од 25.11.2022 година чие времетраење беше 1 година.<br>Со оглед на тоа дека операторот не постапи по дадениот налог во текот на времетаењето на договорот, активноста не беше реализирана. | Не се потрошени финансиски средства. |

## 2. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализиран и финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2023 | Промоција на туристичкиот потенцијал | Промоција на туристичкиот потенцијал се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид. Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство. | Учество на саем за туризам во Белград – Р. Србија 24-26.02.2023. Општина Охрид зеде активно учество на штандот на АППТ на РС Македонија како и учество на промоцијата на Охрид пред српски туристички работници, која се одржа во рамки на саемот.<br>Доставени промотивни материјали до АППТ при нивните учества на | Реализирани се 400.288,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | одржаните саеми за промоција на туризмот.<br><br>Учество во саем за туризам и спорт во Приштина – Р.Косово 27-28.04.2023. Општина Охрид учествуваше со свој штанд и се представи пред посетителите на саемот и туристичките работници на Косово.<br><br>Учество на саем за бизнис инвестиции во Сараево – Р.Босна и Херцеговина 18-20.07.2023. Општина Охрид учествуваше со свој штанд и се представи пред посетителите на саемот и бизнис заедницата. | |
| **2.2. Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Редизајн на веб страна www.ohrid.com во информативен портал | Оваа активност вклучува редизајнирање на веб страната www.ohrid.com со цел поширока промоција на културно-историското наследство на градот Охрид, како и споделување на информации од промотивен карактер кои ќе се од корист на туристите и посетителите на Охрид. На веб страната, покрај за културно-историските знаменитости ќе бидат содржани информации за сместувачките капацитети на градот, информации за настани како и останати содржани кои ќе бидат од корист на посетителите. | За реализација на оваа активност беа спроведени две тендерски постапки. Првата објава не беше успешна, по што постапката за јавна набавка беше повторена.<br>По втората објава, со избраниот економски оператор беше склучен договор, но поради неисполнување на обврските од договорот истиот не се реалзираше и беше раскинат. Во 2024 ќе биде објавен нов тендер за оваа активност согласно годишната програма. | Не се потрошени финансиски средства. |

## 3. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.** | **Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој** | | | | |
| 1. | Јануари – Септем. 2023 | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот | Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество. | Активноста се реализираше со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество.<br>Комисијата донесе одлука за кофинансирање на 6 проектни предлози во делот од Туризам:<br><br>1.1. Здружение- Културно уметничко друштво: КУД ФАЛАНГА село Лескоец - Охрид, - „Вечер на јаготка“ - 63.760,00 ден.<br><br>1.2. Здружение Добротољубие 2014 при црквата Свети Георгиј – Охрид, - „Изработка на стасиди во длабока резба“ - 120.000,00 ден.<br><br>1.3. Нуркачки Центар Амфора, - „Флората во изворите Св. Наум - 60.000,00 ден.<br><br>1.4. Здружение за истражување и | Исплатени се средства во износ од 123.760,00 ден. Заклучно со 2023 година сите проекти се евалуирани во целост, пресметан е одобрениот износ на подобни трошоци за финансирање, но поради недостиг на средства на соодветно конто поради извршување истите ќе бидат исплатени во целост во наредната 2024 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | заштита на пештери СПИРИДОН СПЕЛЕО - Охрид, - „Прелиминарка карстолошка евалуација на пештера Козја дупка“ - с. Куратица; - 98.580,00 ден.<br><br>1.5. Здружение АВТО МОТО КЛУБ ОФФ РОУД ЛИХНИД Охрид – „Промоција на туризам во Охрид Атрактивни ОФФ роуд тури низ терените на планината Галичица“ - 66.000,00 ден.<br><br>1.6. ЕДЕН - Туристички кластер на југозападен плански регион – „Вкуси го Охрид локално“ - 90.890,00 ден. | |
| **3.2.** | **Реализација на активности од Анализата на визуелното оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација - “OHRID GO authentic”** | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2023 | Анализа на визуелно оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација | Елементите на урбаната опрема претставуваат нишка која "ги спојува" деловите на градот како целина. По искуствата и принципите на туристичките метрополи со стари автентични градски јадра, таа треба да има униформен изглед (дизајн, материјали, бои), осмислено поставени - со јасни правила / принципи на распоред со одреден ритам и "геометриска логика". Само на овој начин “јавната опрема” може да придонесе за уредноста, просторниот и визуелен | Од секторот за ТЛЕР е извршен мониторинг и комплетна теренска анализа на постоечката состојба на објекти опремени со огласни табли (фирми) и други визуелни и рекламни опреми, на потегот на улиците Цар Самоил и Коста Абраш, почнувајки од Св. Софија до плоштадот Св.Климент Охридски. По комплетното скицирање на постоечката состојба на посочениот потег, беше изработена детална техничка спецификација за | Во текот на 2023 година не се исплатени средства по однос на склучениот договор со избраниот економски оператор. Активноста беше во целост реализирана заклучно со 2023 година, но поради недостиг на средства на соодветното конто |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | поредок на градот, (посебно најексклузивниот дел на градот), кој индиректно ќе влијае врз целокупното однесувањето на луѓето, гостите и туристите. | потребите и условите за јавната набавка по што беше објавен тендерот на кој беше избран еконосмки оператор за изработка на стандардизираните табли.<br>Заклучно со 2023 година се поставе 74 табли, колку што беа и планирани. | заради извршување, плаќањето ќе се реализира на почетокот на 2024 година. |

**4. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.2 Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2023 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 3031 станоиздавачи од кои во текот на на 2023 година се регистрирани 125 нови станоиздавачи | Не се реализирани финансиски средства. |
| **2.** | Јануари – Декември 2023 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во текот на годината поднесени се 186 барања за продолжување на решенијата за категоризација. Постапено е по однос на сите. | Не се реализирани финансиски средства |
| **3.** | Јануари – Декември 2023 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на 2023 година заверени се 80 нормативи за храна и пијалоци | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.** | Јануари – Декември 2023 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на 2023 година поднесени се вкупно 70 пријави за | Не се реализирани финансиски |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | утврдување на работно време од кај угостителските објекти | средства |
| **5.** | Јануари – Декември 2023 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Базата со податоци за вршители на угостителска дејност од мал обем се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |
| **6.** | Јануари – Декември 2023 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Базата со податоци за вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |

## 5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| **5.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – Септември 2021 | Учество во имплементација на проекти | Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори.<br>Во текот на првиот квартал се реализирани проектните активности. | Реализација на проектот „Развој на спортски туризам на општина Охрид - изградба на вежбалиште за голф“. Вкупниот износ на сите реализирани активности изнесува 5.313.176,00 денари. Во текот на првото полугодие доставен е финален извештај кон Министерството за локална самоуправа и се исплатени сите обврски за реализираните активности по однос на проектот. Во програмата за 2024 е предвидена набавка и поставување на заштитна мрежа. | Реализирани се 3.696.976,00 мкд |

**II.Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2023 до 31.12.2023** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| 1 | **Јануари** | 327.376 | 64.816 | 392.192 |
| 2 | **Февруари** | 223.424 | 73.120 | 296.544 |
| 3 | **Март** | 283.648 | 24.992 | 308.640 |
| 4 | **Април** | 244.672 | 10.824 | 255.496 |
| 5 | **Мај** | 871.416 | 30.016 | 901.432 |
| 6 | **Јуни** | 1.390.576 | 85.472 | 1.476.048 |
| 7 | **Јули** | 3.886.501 | 192.377 | 4.078.878 |
| 8 | **Август** | 3.286.258 | 294.460 | 3.580.718 |
| 9 | **Септември** | 3.762.598 | 592.136 | 4.354.734 |
| 10 | **Октомври** | 2.175.352 | 206.768 | 2.382.120 |
| 11 | **Ноември** | 1.292.304 | 142.946 | 1.435.250 |
| 12 | **Декември** | 595.056 | 164.724 | 759.780 |
| | **ВКУПНО** | 18.339.181 | 1.882.651 | 20.221.832 |

**Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 20.221.832,00 денари.**

**Споредба Јануари - Декември**

**За споредба, во 2022 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 17.498.585,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за период од јануари до декември, 2023 година е зголемена за 16 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2022 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2023 год. во однос на 2022 год.)**

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б | Месец | Дом. Ноќевања | | Однос % | Стр.Ноќевања | | Однос% | ВкупноНоќевања | | Однос % |
| | | 2022 | 2023 | 2023/22 | 2022 | 2023 | 2023/22 | 2022 | 2023 | 2023/22 |
| 1 | Јануари | 8.590 | 6.518 | 75.9 | 3.146 | 5.914 | 188.0 | 11.736 | 12.432 | 105.9 |
| 2 | Февруари | 5.905 | 5.286 | 89.5 | 3.844 | 5.671 | 147.5 | 9.749 | 10.957 | 112.4 |
| 3 | Март | 6.999 | 5.603 | 80.1 | 7.253 | 7.012 | 96.7 | 14.252 | 12.615 | 88.5 |
| 4 | Април | 8.974 | 8.825 | 98.3 | 13.046 | 24.901 | 190.9 | 22.020 | 33.726 | 153.2 |
| 5 | Мај | 14.863 | 20.376 | 137.1 | 31.896 | 51.795 | 162.4 | 46.759 | 72.171 | 154.3 |
| 6 | Јуни | 22.810 | 24.327 | 106.7 | 41.863 | 58.052 | 138.7 | 64.673 | 82.379 | 127.4 |
| 7 | Јули | 250.808 | 254.349 | 101.4 | 69.425 | 81.647 | 117.6 | 320.233 | 335.996 | 104.9 |
| 8 | Август | 292.104 | 309.890 | 106.1 | 74.491 | 88.554 | 118.9 | 366.595 | 398.444 | 108.7 |
| 9 | Септември | 31.501 | 34.110 | 108.3 | 46.856 | 59.921 | 127.9 | 78.357 | 94.031 | 120.0 |
| 10 | Октомври | 28.509 | 21.883 | 76.8 | 26.126 | 28.549 | 109.3 | 54.635 | 50.432 | 92.3 |
| 11 | Ноември | 10.745 | 12.049 | 112.1 | 9.361 | 9.532 | 101.8 | 20.106 | 21.581 | 107.3 |
| 12 | Декември | 8.576 | 9.701 | 113.1 | 8.726 | 9.535 | 109.3 | 17.302 | 19.236 | 111.2 |
| ВКУПНО | | 690.384 | 712.917 | 103.3 | 336.033 | 431.083 | 128.3 | 1.026.417 | 1.144.000 | 111.5 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на ноќевањата од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем за период од 01.01.2023 – 31.12.2023 година, во однос на 01.01.2022 – 31.12.2022 година, е зголемен за 11.5% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 03.3%, а кај странските има зголемување за 28.3%.**

**Број 08-2953/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/149**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/31**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**Извештај**
**за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2023 до 31.12.2023 година.**

Во текот наовојпериод одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид.

Општина Охрид оваа програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој. Овој период скоро сите мерки во програмата опфаќаат социјална инклузија на сите граѓани, се водеше сметка за социјалната димензија да биде инкорпорирана во повеќето мерки.

Активностите за реализација на годишната програма за 2023 се реализираат во следните области на делување:

1.Подобрување на економската конкурентност на Охрид и рационална употреба на ресурсит преку партиципативно учество на заедницата.

2.Охрид – Паметен и зелен град /SMART AND GREEN CITY
3.Развој на рурални средини.;
4. Подготовка на проекти и проектно управување;

**Посебен акцент вопрограмските активности одовој период од работењето на одделението за локален економски развој се даде на следните активности:**

- Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна;
- Изготвување на инвестициски каталог за Охрид;
- Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
- Субвенционирање на занаетчиски дејности;
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд. (Кузман Шапкарев);
- Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој;
- Имплементација на проект „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)” од програмата EU for municipalities.

Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2023 – 31.12.2023год.**

**1. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

1.1. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид
1.2. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна
1.3. Изработка на инвестициски каталог за Охрид
1.4. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид
1.5. Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид
1.6 Субвенционирање на занаетчиски дејности

**2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY**

2.1 Изработка на Green City Action Plan (GCAP), со цел аплицирање во програмата на EBRD Green Cities
2.2 Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди
2.3 Smart Street “Ohrid Go Smart” – Поставување на Паметни урбани елементи на ул. „Македонски Просветители“

**3. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој
3.2 Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини. – субвенционирање на регистрирани даватели на туристички и угостителски услуги во руралните средини

**4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

4.1.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти.
4.2.Средства од аплицирани и одобрени проекти.

## 1. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Имплементација на Лидер пристапот во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2023 | Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид и формирање на ЛАГ | LEADER/ЛИДЕР пристапот како метод за иницирање и мобилизирање на руралното население за спроведување на активности во локалните рурални заедници е нова тема LEADER/ЛИДЕР и е дел од 5-тата компонента на ИПА – програмата ИПАРД. | ЛИДЕР пристапот и неговата имплементација е тесно поврзан со формирање и регистрација на Локална Акциска Група или ЛАГ, што ќе обезбеди ефикасно користење на финансиска помош од ИПА 3 програмата за рурален развој. На територија на општина Охрид и општина Дебрца формално постои ЛАГ кој што е сосема нефункционален, неактивен и не е регистриран во Министерството за земјоделие и рурален развој. Во оваа година се превземени низа на активности а отворање на постапка за бришење на постоечкиот ЛАГ од централниот регистар на Р.М. Донесени се сите одлуки на собранието на ЛАГот според Статутарните и други документи. Процедурата за бришење во централниот регистар не е отпочната | За оваа активност не се предвидени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | заради административни пречки и неоперативност на досегашните членови на формално регистриранаta ЛАГ група. Најефикасна процедура за функционална ЛАГ група е да се отпочне со формирање на нова Локална Акциска Група со заинтересирани страни и основачи.<br>Во тек се активности кои ќе доведат до бришење на постојната Локална Акциона Група и создавање нова. | |
| **1.2 Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна** | | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2023 | Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да | Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на нејзината намена долгорочно, и подготовка на акциони планови за реализација на стратешките насоки, се добива можност целата оваа област да се транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори, а воедно ќе биде и алатка за привлекување на инвеститори. Преку оваа студија ќе се добие | Изготвена финална верзија на Студијата, одржана Јавна Расправа по која се дадени и коментари, кои се инкорпорирани во Студијата од страна на изработувачот, по што истата е финализирана и во наредната година ќе биде предложена за усвојување пред Советот на општина Охрид. | Во овој период не се реализирани средства. Исплатата ќе биде во 2024 година. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | биде функционално искористена. | и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки, 3Д анимации и сл. | | |
| **1.3.** | **Изработка на инвестициски каталог за Охрид** | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2023 | Оваа активност предвидува изработка на брошура за подршка и стимулирање на економијата со привлекување инвестиции. | Активност предвидува изработка на брошура за промоција на мерките кои се насочени кон поддршка на економијата, чија основна цел е стимулирање на инвестиции, технолошки развој и зголемување на конкурентноста на македонските компании, но и промоција на поволностите кои се на располагање привлекување странски инвестиции и поддршка на извозот. | Изработен е инвестициски каталог за просторот на поранешната Касарна во кој се наведени сите улови за инвестирање во овој простор, како и можностите за соработка . Истиот беше промовиран на Саемот за инвестиии во Сараево. | Оваа активност е дел од тековните активности на проектот Охрид ГО. |
| **1.4.** | **Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид** | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2023 | Преку наведената активност општна Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на младите и на невработените лица, како и обуки за стекнување на дополнителни вештини. | Со оваа активност е предвидено одржување на серија стручни обуки кои се реализираа во соработка со ОЈУ ОГУ Кузман Шапкарев со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идновработување. | Оваа активност се реализираше преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 23.02.2023 год.<br>Имајќи ги во предвид бараните профили за преквалификација и доквалификација беше формирана група за водоинсталатери при што курсот успешно го завршија 40 кандидати. | Реализирани се 400.000,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.5. Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид** | | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2023 | Овие активности произлегуваат од досегашното активно учеството на општината во реализација на проектот: Национална платформа за женско претприемништво (НПЖП). | Поддршката на оваа Платформа е направена преку потпишување на Декларација за учество од страна на градоначалникот на општина Охрид и иницијативата за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на општина Охрид.<br>Целни групи на активностите би биле жени претприемачи (тековни и потенцијални); Невработени жени од Општина Охрид; Микро, мали и средни компании од општината; Организации за поддршка на бизнис секторот од Општина Охрид; Здруженија на граѓани и невладини организации од Општина Охрид | Во текот на 2023 година се оформи Советот за женско претприемништво со одлука на Совет на општина Охрид. Одржани се повеќе обуки во текот на цела година на тема решавање проблеми и креирање бизнис идеи и иновации.<br>Изготвена е нацрт верзија на Стратегијата за женско претприемништво на општина Охрид.<br>Истата е во финална фаза и во текот на 2024 година ќе биде доставена на разгледување пред Советот на општина Охрид. | За оваа активност не се предвидени финансиски средства, но предвидените активности се реализирани како дел од работните обврски во одделението. |
| **1.6 Субвенционирање на занаетчиски дејности** | | | | | |
| 1. | Јануари - Декември 2023 | Мерката за субвенционирање на занаетчиски дејности предвидува поддршка на веќе регистрирани занаетчии. | Секторот за ТЛЕР реализираше мерка за субвенционирање на одредена категорија на занаетчии. Право на користење на субвенцијата имаа веќе регистрираните занаетчии (листа на занаети која беше утврдена во соработка со Регионалната Занаетчиска Комора). Реализацијата се одвиваше преку објавување на | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 30.03.2023 год.<br>Право на користење на субвенцијата имаа дефицитарни занаети и занаети во изумирање.<br>По извршената евалуација врз основа на критериумите и условите наведени во Јавниот | Реализирани се 156.000,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Јавен Повик во кој беа дефинирани критериумите и условите за користење на средства. | повик, 13 занаетчии ги исполниле условите за добивање на субвенции за дефицитарни занаети и занаети во изумирање и тоа 4 свеќари, 1 клучар, 1 книговез, 4 чевлари, 1 опинчар, 1 сервис за електрични апарати и 1 работилница за рачна изработка на хартија, а 5 апликанти не ги исполниле условите од Јавниот повик. | |

## 2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.2 Smart City Bike System "Ohrid Go Mobile" – Градски Систем за Велосипеди** | | | | | |
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/153** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**

За работењето на ***Одделението за комунални такси*** за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за

фирма (назив), изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма (назив), како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема и врши наплата на истите, изготвување на задолженија за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со законот за Комунални такси.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма (назив)**

За 2023 година изготвени и генерирани се **3244 решенија** за комунална такса за фирма (за правни лица -комунална такса за фирма – назив 2931 решенија и комунална такса за фирма на трговци поединци – 313 решенија). Решенијата и оваа година се доставуваа по електронски пат. Покрај електронската достава од минатата година се воведе и можност за елекронско наплаќање на истите.

Во текот на месец март и април се доставија сите решенија, периодот за наплата оваа година беше пролонгиран. Се воведе и модулот за електронска достава на опомените за заостанати долгови на обврзниците по однос на комунална такса за фирма – изготвени и доставени се вкупно 1863 опомени за заостанат долг од 2020- 2021 год. Треба да се земе во прдвид дека овој период од 2020 до 2021 год. беше еден од потешките периоди воопшто за бизнис секторот како во светски размери така и во Општина Охрид – бизнисот се соочи со пандемија, принудно затворање на бизнисите, полициски часови и сл. Со оглед на овие последици присилната наплата ја одложивме за оваа година. Направени се 725 решенија за прсилна наплата на заостанати долгови од 2020/2021 година. Во тековната година се изработуваа и опомените за комуналната такса за фирма – фирмарина за 2022 год.

Одделението за комунални такси се соочува со проблеми кои се од законодавна природа, т.е. произлегуваат од не соодветната законска регулатива. Поради тоа имаме голем број регистрирани фирми кои не работат повеќе од 5-6 години и подолго, а граѓаните не ги затвораат тие фирми поради скапа и долга процедура, законската регулатива дозволува да се прават чести промени на името на фирмата, седиштето на фирмата, адресата на фирмата, бројот на деловни единици исл. овие промени обврзницие не ги пријауваат на време во одделението. Ова се најчестите причини зошто имаме голем годишен облог а мала наплата. Комуналната такса застарува за период од две години, при бришење на фирмите обврзниците немаат обврска да ја имаат измирено оваа такса за да ја завршат постапката за бришење, затоа најчесто имам фирми кои се избришани со неплатени обврски за комунална такса.

Земајќи ги во предвид сиете овие тековни недостатоци, за регистарот на фирми треба да се донесе соодветна законска регулатаива како да се прочисти, бидејќи моментално облогот е многу поголем од што реално е и реално може да се наплати, поради фирмите во миуривање (т.е. со стаус - неактивни). На фирмите во мирување нема законска можност да не им се пресметува фирмарина, а нема ни начин како да им

се наплати долгот бидејќи најчесто имаат не-функционални (затворени) трансакциски сметки. Ова е долго-годишен проблем на централно ниво на одделенијата за комунални такси.

Со ваквите предизвици и доставата е еден круцијален проблем, но со воведувањето на електронската достава има некој степен на подобрување на доставата, сепак треба сеуште да се работи на подобрување на доставата и наплатата на решенијата за фирмарина.

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **9.887.036,00** денари.

Како за втора година од воведување на електронска достава и наплата на фирмарината, земајќи ги во предвид и другите потешкотии од непрочистен регистар и сл . наплатата во споредба со претходната година е подобра за околу 2.000.000 ден. притоа неземајќи ги во предвид режиските трошоци за тонери, хартија, поштарина со препорачана пошта и сл. Имаме тренд на подобрување на наплатата по воведувањето на електронската достава на решенијата и опомените за фирмарина.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2023 год до 31.12.2023 година по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам, изработени се **101** задолженија пред деловни простории. Остварен е приход во вкупен износ од **7.796.482,00** денари. По склучувањето на договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до Одделението за комунални такси, обврзниците се задолжуваат за уплата на комуналната такса, која е еден од условите за добивање на одобрение за поставување урбана опрема.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштади и друг простор во градот (ТЕНДЕРИ), со цел изложување предмети, изложби и забавни приредби**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп, во времетраење од 90 дена, за доделените локации во Секторот за урбанизам, по нивното доставување во одделението за комунални такси издадени се **6** задолженија за накит и сладолед, **11** задолженија за презентации на плоштади и **31** задолженија за куќарки и сувенир чиј закуп го дава ЈП Градски пазар и **13** задолженија за отворени и затворени шанкови. Остварен е приход во износ од **686.454,00 ден.**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, остварени се приходи во износ од **6.944.785,00 денари.**

**5.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година изготвени се **93 решенија**, **39 опомени.** Остварен е приход од **272.250** ден.

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места**

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година изготвени се **5 решенија (**5 оператори кои имаат повеќе локаци**) за билборди** и **3 решенија (**односно 3 оператори кои имаат повееќе локации**) за автобуски постојки.** Остварен е приход од **122.000** ден.

**7. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, остварени се приходи во износ од **96.036.307.00 ден.**

**8. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на површини во кампови, подиг.шатори и др. сл. употреба.**

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, остварени се приходи во износ од **288.280.00 ден.**

**Број 08-2953/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/154** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 99/18 и 171/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА**
**РЕАЛИЗАЦИЈА НА П Р О Г Р А М А**
**Заштита на животната средина и природата за 2023 година**
**за период од 01.01.2023год до 31.12.2023год**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сѐ поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од

областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената програма за заштита на животната средина и природата за 2023 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2023 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот

за 2023 година . Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

**Предлог - проекти:**

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2023год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 550.000, 00ден | Проектот е реализиран, спроведена е тендерска постапка и избран е најповолен понудувач **Завршен проект** |
| 2. | **Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало - Сулфатарата во с.Косел заради негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 240.000, 00ден | Избран е најповолен понудувач, изготвен е Елаборат за валоризација на локалитетот Дувало - Сулфатарата во с.Косел **Завршен проект** |
| 3. | **Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000, 00ден | Избран е најповолен понудувач и изработена е Нацрт верзија на документот, изготвен е извештај за стратегиска оцена и Стратегијата за развој на зеленилото е усвоена од страна на Советот **Завршен проект** |
| 4. | **Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од | Проектот беше отпочнат во април Поради огромниот интерес и пристигнати голем број барања за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2023година** | 400.000, 00ден | исплата на субвенции, а ограничениот број на средства за оваа намена и заради неможност за исплата на сите граѓани и доведување во нееднаква положба, Градоначалникот на Општина Охрид донесе одлука за поништување на јавниот повик. |
| 5. | **Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 400.000, 00ден | Зпочната е тендерска постапка за Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид. Не е избран најповолен понудувач и прекината е тендерската постапка. |
| 6. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Пректот беше реализиран во почетокот на месец јуни, по повод одбележувањето на 5-ти јуни Светскиот ден на животната средина **Завршен проект** |
| 7. | **Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 200.000,00ден | Избран е најповолен понудувач,проектот беше реализиран во текот на септември **Завршен проект** |
| 8. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)** | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Пректот беше реализиран во текот на месец јуни **Завршен проект** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Пректот беше реализиран во текот на месец септември **Завршен проект** |

II – Финансиски дел за активности за период 01.01.до 31.12.2023 година

Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани финансиски средства во висина од 2.718 935,00 денари.

**Број 08-2953/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/155** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**Годишен извештај**
**За реализација на програмата за спорт и рекреација**
**2023 год.**
**Периодод 01.01 до 31.12.2023**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид во склоп на Ј.П. „Билјанини Извори“ - Охрид, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката на Сојузот на училишен спорт е од особено значење за учество во училишните лиги за основно и средно образование во повеќе спортови кои непречено се одржуваа во текот на целата учебна година.

Во соработка со Сојуз на училишен спорт и во текот на 2023 година продолжи со реализација проектот за усовршување на наставата по физичко и здравствено образование во петто одделение во сите основни училишта во Општина Охрид во кој беа вклучени 5 наставници по фзо и спорт.

Во текот на месец февруари се одржа спортската манифестација **„Најдобрите од спортот во Општина Охрид” за 2022** година,за која претходно одделението за спорт распиша конкурс и по кој одлучуваше седумчлена комисија формирана од страна на градоначалникот по правилник за избор на **„Најдобрите од спортот во Општина Охрид”.**

Општина Охрид добитниците парично ги награди и им додели плакети за постигнатиот успех.На овој начин на спористите им се дава признание за вложениот труд и афирмацијата на спортот во Охрид и Македонија.

Се направи целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта таму каде ги нема .

Се изврши санација и реконструкција на оградата од мултифункционаното спортско игралиште при ООУ „Христо Узунов“ - Охрид.

Во текот на годината од страна на Градоначалникот се изврши прием на повеќе поединци,спортски клубови и здруженија кои постигнаа значајни резултати на меѓународно и државно ниво а добиле и финансиска поддршка од Општина Охрид.

Во програмата за спорт и рекреација за 2023 година беа предвидени вкупно **41.870.000,00** денари.

Оваа година заради судски извршни решенија од буџетот на Општина Охрид, од програма спорт и рекреација 2023 беа извршени вкупно 2.378.060,00 денари.

Од конто 424390 (одржување на други објекти) извршени се вкупно 299.652,00 денари, средства кои требаше да се исплатат на Ј.П.„Градски Пазар“ - Охрид како изведувач за реконструкција на оградата за мултифинкционалното игралиште во ООУ„Христо Узунов“- Охрид.

Средствата за исплата се предвидени во програмата за спорт и рекреација 2024 .

Од конто 425130 (изнајмување на друг тип објекти) извршени по основ на судски извршни решенија се вкупно 768.408,00 денари.Овие средства се предвидени како субвенции за спортските клубови и здруженија за користење на спортските терени при Ј.П.„Билјанини извори“ - Охрид.

Извршените средства за исплата кон Ј.П.„Билјанини извори“ - Охрид се предвидени во програмата за спорт и рекреација за 2024 година.

Од конто 425920, средства предвидени за копирање, печатење, набавка на плакети, дипломи за спортски манифестации на кој организтор е Општина Охрид извшени се 60.000,00 денари.

Извршените средства за исплата се предвидени во програмата за спорт и рекреација за 2024 година.

Од конто 463110 и конто 463120 средства предвидени за подршка на програми од спортски клубови и здруженија извршени се вкупно 480.000,00 денари.

Извршените средства се предвивени во програмата за спорт и рекреација 2024 година.

Од конто 464990 средства предвидени за подршка на спортски манифестации, настани, проекти од областа на спортот и спортисти индивидуалци извшени по основ на судски извршни решенија се вкупно 770.000,00 денари.

Извршените средства за исплата се предвидени во програмата за спорт и рекреација за 2024 година.

**Од вкупно предвиден буџет 41.870.000,00 денари,реализирани се вкупно 41.831.655,00 денари.**

Вкупно распределени средства за подршка на спортски клубови и здруженија, спортски манифестации, настани, проекти од областа на спортот како и на спортисти индивидуалци се 39.453.595,00 денари, остатокот се извршени по судски извршни решенија.

Од вкупниот износ преку јавни повици/конкурси распределени беа вкупно 32.540.000,00 денари додека остатокот од средствата беа директно предвидени во програмата за спорт и рекреација за 2023 година.

Во текот на месец јануари беше подготвена документација и распишани два јавни повици,првиот за субвенционирање за користење на терените на Ј.П. ,,Билјанини Извори” – Охрид и вториот за распоредување на финансиските средства од програмата за спорт и рекреација 2023 година за финансирање програми од спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации, спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на Општина Охрид.

Со решение на градоначалникот беа формирани две комисии кои ги разгледуваа пристигнатите пријави врз основ на ПРАВИЛНИК за критериумите, условите и постапката за субвенционирање и доделување финансиски средства од програмата за спорт и рекреација спорт од буџетот на Општина Охрид за програми на спортски клубови,спортски здруженија,спортски манифестации,настани, проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортот.

Врз основа на предлогот на комисијата, градоначалникот донесе решенија за субвенционирање на трошоците за користење на терените при Ј.П. „Билјанини Извори'' – Охрид и решенија за распоредување на финансиските средства од програмата за спорт и рекреација 2023 година за финансирање програми од спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации, спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на Општина Охрид.

Во 2023 на Ј.П. „Билјанини Извори“ - Охрид субвенции користеа 21 спортски клуб за одржување на тренинзи и натпревари и 18 спортски клубови и здруженија кои организираа спортски манифестации и настани.

Табела со добитници за 2023 година за субвенционирање на трошоци за користење на терените при Ј.П.„Билјанини Извори'' – Охрид

| Бр. | Спортски клубови и здруженија | 2023 |
|---|---|---|
| 1 | **ГРК Охрид** | 805,000.00 |
| 2 | **ГФК Охрид** | 805,000.00 |
| 3 | **ГКК Охрид** | 500,000.00 |
| 4 | **ФК Воска Спорт** | 350,000.00 |
| 5 | **РК Лихнид 2012** | 130,000.00 |
| 6 | **ФК Оск Фер Плеј** | 100,000.00 |
| 7 | **ФК Некст Левел 2020** | 100,000.00 |
| 8 | **ФК Еврофудбал 2 Вардар-Охрид** | 90,000.00 |
| 9 | **АК Охрид трчаТ** | 80,000.00 |
| 10 | **ФК Охрид Топ тим** | 75,000.00 |
| 11 | **ФК Ла Масиа** | 75,000.00 |
| 12 | **ТК Адвантико** | 50,000.00 |
| 13 | **ТК Охрид** | 50,000.00 |
| 14 | **РК Сани 14** | 50,000.00 |
| 15 | **Кик Бокс голден Тим** | 40,000.00 |
| 16 | **ЖФК Билјанини извори** | 40.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | **ФК Св.Троица Црногорци** | 40.000,00 |
| 18 | **КК Колибри** | 40,000.00 |
| 19 | **БК Фит Бедар-Охрид** | 40,000.00 |
| 20 | **ПК Охридски бранови 2008** | 25,000.00 |
| 21 | **ПК Акваспирит** | 25,000.00 |
| 21 | **ФК Копенхаген** | 0.0,00 |
| 21 | **АК Охрид** | 0.0,00 |
| 23 | **Голф клуб Охрид** | 0.0,00 |

| Бр. | Спортски манифестации и настани | 2023 |
|---|---|---|
| 1 | **ФК ОСК Фер Плеј-Меѓународен турнир во фудбал„Фер Плеј Куп 2023”** | 80.000,00 |
| 2 | **ФК Копенхаген-фудбалски турнир „Балкан Промисис”** | 50.000,00 |
| 3 | **ФК Копенхаген-фудбалски турнир „Балкан Промисис-Св.Климентов Куп”** | 15,000.00 |
| 4 | **ФК Копенхаген-„Новогодишен фудбалски турнир”** | 15.000,00 |
| 5 | **ФК Некст левел2020-Некст левел Куп** | 40.000,00 |
| 6 | **ФК Охрид Топ Тим-7-Ми Меѓународен турнир „Трофеј Топ Тим”** | 40.000,00 |
| 7 | **ПК Охридски бранови 2008-пливачки митинг„Св.Климент Охридски”** | 10.000,00 |
| 8 | **ПК Акваспирит-„Трет меѓународен пливачки митинг Охрид Опен 2023”** | 10,000.00 |
| 9 | **ПК Акваспирит-„ОВФ Пливачки митинг”** | 10,000.00 |
| 10 | **РШ Седмерец-Петка за ракомет** | 30,000.00 |
| 11 | **Теаквон-до клуб Хваранг Фист-Охрид Опен 2023** | 30,000.00 |
| 12 | **Теаквон-до клуб Хваранг ИТФ-Лескоец Меѓународен отворен теаквондо турнир Охрид Опен 2023** | 30,000.00 |
| 13 | **Теаквон-До клуб Мастер-Охрид Државно ИТФ првенство** | 30,000.00 |
| 14 | **ОФС-Детска фудбалска лига** | 30,000.00 |
| 15 | **ФК Еврофудбал 2 Вардар-турнир во фудбал„Охридски бисер”** | 40,000.00 |
| 16 | **КК Кун-Су-То Меѓународен карате турнир„Охрид опен 2023”** | 30,000.00 |
| 17 | **КК Колибри Турнир во кошарка„20 години Колибри”** | 20,000.00 |
| 18 | **КК Колибри Турнир во кошарка„Св.Климент Охридски”** | 30,000.00 |
| 19 | **АК Охрид-Атлетски митин„Влатко Димитров”** | 0,0.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | **АК Охрид трчаТ „Национална лига за Детска Атлетика” „Атлетски натпревар за пионери”** | 0.0,00 |
| 20 | **Голф клуб Охрид „Голф лига”** | 0,0.00 |

Спортски клубови и здруженија кон кои во текот на 2023 година се исплатени финансиски средства добиени преку јавен повик и со ребаланс на буџет на Општина Охрид.

| **Бр.** | **Спортски клубови и здруженија** | **2023** |
|---|---|---|
| **1** | **ГРК Охрид** | **13.000.000,00** |
| **2** | **ГФК Охрид** | **8.000.000,00** |
| **3** | **ФК Воска Спорт** | **2,500,000.00** |
| **4** | **Градски кошаркарски клуб-Охрид** | **4.000.000,00** |
| **5** | **Боксерски клуб Алексо Огненоски** | **170,000.00** |
| **6** | **РК Лихнид 2012** | **110,000.00** |
| **7** | **Акватика Јахтинг** | **126,000.00** |
| **8** | **РК Сани 14** | **80,000.00** |
| **9** | **ШК Ласкер** | **55,000.00** |
| **10** | **Кајак клуб Стрмец** | **90,000.00** |
| **11** | **Тениски Клуб Охрид** | **95,000.00** |
| **12** | **СК Охрид** | **55,000.00** |
| **14** | **ЖСК Лихнидос** | **50,000.00** |
| **15** | **АК Охрид трчат** | **180,000.00** |
| **16** | **ФК ЕвроФудбал 2-Вардар** | **56,000.00** |
| **17** | **ЖФК Билјанини Извори** | **55,000.00** |
| **18** | **Риболовно друштво Св.Апостол Петар** | **55,000.00** |
| **19** | **ФК ОСК Фер Плеј-Охрид** | **56,000.00** |
| **20** | **АК Охрид** | **55.000,00** |
| **21** | **КБС Кун-су-то** | **55,000.00** |
| **22** | **Билјард Клуб 8-ка** | **50,000.00** |
| **23** | **ПК Акваспирит** | **55,000.00** |
| **24** | **ФК Охрид ТОП ТИМ** | **50,000.00** |
| **25** | **ФК Ла Масиа** | **51,000.00** |
| **26** | **Карате Клуб Фудошин** | **90,000.00** |
| **27** | **БЏЏ Д Стронгест енд Рутс** | **45.000,00** |
| **28** | **КК Чоле** | **55.000,00** |
| **29** | **ПК Охридски бранови 2008** | **50.000,00** |
| **30** | **ОФС** | **50.000,00** |
| **31** | **ФК Света Троица Црногорци** | **40.000,00** |
| **32** | **ФК СветаТроица 2021** | **40,000.00** |
| **33** | **ФК Рудар** | **40,000.00** |
| **34** | **ФК Лескоец 999** | **40,000.00** |

| | | |
|---|---|---|
| 35 | **ФК Куршум** | **85,000.00** |
| 36 | **ТК Адвантико** | **95.000,00** |
| 38 | **ФК Некст Левел 2020** | **56.000,00** |

На Голф клуб„Охрид“ – Охрид ,Здружение за Таеквон-До„Хваранг Фист“- Охрид не им се исплатија средствата,додека на БК„Алексо Огненовски“ - Охрид не му се доисплатија и истите се предвидени програмата за спорт и рекреација 2024.

Финансиски средства кои се исплатени кон спортски клубови и здруженија за реализација на спортски манифестации, настани и проекти од областа на спортот.

| Бр. | Спортски настани, манифестации и проекти | 2023 |
|---|---|---|
| 1 | **Охрид Опен 2023-Хваранф Фист** | **70.000,00** |
| 2 | **Охрид Опен 2023 – КБС Кун – Су –То Охрид** | **70.000,00** |
| 3 | **Охрид УлтраТраил - Топ Адвенчрс** | **150.000,00** |
| 4 | **Планинско Езерски Фестивал Охрид Галичица 2023 - Планинско лудило** | **186.000,00** |
| 5 | **Мал Илинденски маратон - ПК Охридски Бранови 2008** | **60.000,00** |
| 6 | **Фер Плеј Куп - ФК ОСК Фер Плеј Охрид** | **65.000,00** |
| 7 | **Охрид опен 2023 - ПК Акваспирит Охрид** | **90.000,00** |
| 8 | **Промоција на рекреативно нуркање за деца - Нуркачки клуб Амфора** | **69.500,00** |
| 9 | **Еко Охрид 2023 - Нуркачки клуб Акватек** | **100.000,00** |
| 10 | **Олимписки пливачки маратони 2.5км 5км и 10км -ПК Охридски бранови 2008** | **45.000,00** |
| 11 | **Кајакарска меѓународна кајак кану Регата 2023 - ККК Стрмец** | **100.000,00** |
| 12 | **На Бована Сараиште-ВК шампион систем** | **20.000,00** |
| 13 | **Акватлон - АК Охрид трчат** | **150.000,00** |
| 14 | **Сојуз за училишен спорт Охрид-Турнир во фудбал за млади категории„Охридски Фудбалски надежи’’** | **150.000,00** |
| 15 | **Охрид трчаТ викенд 2023** | **530.000,00** |
| 16 | **Меѓународен отворен теаквондо ИТФ турнир Охрид Опен 2023 - Хваранг ИТФ Лескоец Охрид** | **100.000,00** |
| 17 | **Прва Регата околу Охридско езеро - ЕК Меч рејс клуб Охрид** | **40.000,00** |
| 18 | **Друмска Велосипедска тура-Куп Охрид – ВК Лихнидос** | **45.000,00** |
| 19 | **Пештани Верткал екстрим – АК Охрид Трчат** | **55.000,00** |
| 20 | **Меѓународна Охридска Веслачка регата - ВК Горица Ремо Охрид** | **50.000,00** |
| 21 | **Регата со традиционални качиња - ВК Горица Ремо Охрид** | **32.500,00** |

| | | |
|---|---|---|
| **22** | **Пливаме во Сино – ПК Акваспирит Охрид** | **20.000,00** |
| **23** | **Петка за ракомет - РК Седмерец Охрид** | **40.000,00** |
| **24** | **Балкански Надежи - ФК Копенхаген Охрид** | **60.000,00** |
| **25** | **Петка за ракомет-РК Вардар Седмерец Охрид** | **30.000,00** |
| **26** | **Ревијален Ватерполо турнир - ПК Охридски бранови 2008** | **25.000,00** |
| **27** | **Турнир во мал фудбал Велгошти 2023 – Велгошка Гордост** | **100.000,00** |
| **28** | **Езерски бисер - ШК Ласкер Охрид** | **30.000,00** |
| **29** | **Езерска кралица – ШК Ласкер** | **30.000,00** |
| **30** | **Младински рапид турнир 2023 – ШК Ласкер Охрид** | **20.000,00** |
| **31** | **Некст Левел куп - ФК Некст Левел Охрид** | **65.000,00** |
| **32** | **Експрес сејлинг - Акватика Јахтинг Охрид** | **30.000,00** |
| **33** | **Куп Охрид Пливка-Св.Апостол Петар** | **30.000,00** |
| **34** | **Турнир 20 години КК Колибри – КК Колибри Охрид** | **30.000,00** |
| **35** | **Државно првенство ИТФ - ТК Мастер Охрид** | **25.000,00** |
| **36** | **Запознај го езерото - Јахтинг клуб ОЛС Охрид** | **25.000,00** |
| **37** | **Пливачки митинг ОВФ – ПК Акваспирит** | **30.000,00** |
| **38** | **Охрид Опен 2023 -ПК Акваспирит Охрид** | **90.000,00** |
| **39** | **Кошарката обединува - Про Баскет Охрид** | **20.000,00** |
| **40** | **Трофеј Охрид 2023 - ВК Шампион Систем** | **25.000,00** |
| **41** | **Турнир во стрелаштво - ЖСК Лихнидос Охрид** | **15.000,00** |
| **42** | **Илинден 2023 - СК Охрид Охрид** | **30.000,00** |
| **43** | **Отворени Голф денови - Голф клуб Охрид** | **30.000,00** |
| **44** | **Суб Трка Суб Јога 2023 - Кик Старт Про** | **20.000,00** |
| **45** | **ГРК Охрид-Меморијален турнир во ракомет„Крсте Андоновски Усташ** | **500.000,00** |
| **46** | **ПК„Охридски бранови 2008“-Охридски пливачки маратон 2023“** | **1.000.000,00** |
| **47** | **Фестивал на водените спортови-Охрид 2023” „Ohrid water festival’’2023** | **600.000,00** |
| **48** | **Сојуз за училишен спорт Охрид-Училишни спотртски лиги за основни и средни училишта** | **350.000,00** |
| **49** | **Сојуз за училишен спорт Охрид- Правилен раст и развој кај учениците од петто одделение во основните училишта во Општина Охрид** | **330.000,00** |
| **50** | **Сојуз за училишен спорт Охрид-фудбалски турнир за млади категории„Охридски фудбалски надежи“** | **150.000,00** |
| **51** | **Децата во велосипедизмот - ВК Шампион систем** | **22.000,00** |

| | |
|---|---|
| **Финсиски средства за спортски клубови и здруженија кој во 2023 година согласно јавен повик се добитници на средства од буџетот на општина Охрид за реализација на спортски манифестации,настани и проекти од областа на спортот,истите ги реализирале но поради извршување на буџетот на општина Охрид по судски извршни решенија средствата половично или во целост не им се исплатени.** | |
| **1.ФК„ОСК Фер Плеј“-„Фер Плеј Куп 2023“** | **65.000,00** |
| **2.ЕК„Акватика Јахтинг“-„Интернационална едриличарска регата“** | **139.000,00** |
| **3. ЕК„Акватика Јахтинг“-„Експрес селинг“** | **30.000,00** |
| **4„Клуб за подводни дејности Охрид“-„Охрид нуркат“** | **140.000,00** |
| **5.ПК„Охридски бранови 2008“-Охрид „Мал Илинденски Пливачки маратон„** | **60.000,00** |
| **6.ПК„Охридски бранови 2008“-„Олимписки пливачки маратони 2.5км,5км,10км“** | **45.000,00** |
| **7.ПК„Охридски бранови 2008“-„Ревијален Ватерполо турнир2023“** | **25.000,00** |
| **8.ВК.„Шампион Систем“-„На Бована Сараиште“** | **20.000,00** |
| **9. ВК.„Шампион Систем“-„Трофеј Охрид 2023“** | **25.000,00** |
| **10.ЕК„Меч Рејс Клуб“-„Прва регата околу Охридско езеро“** | **40.000,00** |
| **11.АК„Охрид трчаТ-„Пештани Екстрим Вертикал“** | **55.000,00** |
| **12.ВК„Горица Ремо“-„Меѓународна веслачка регата2023“** | **50.000,00** |
| **13. ВК„Горица Ремо“-„Регата со традиционални кајчиња2023“** | **32.500,00** |
| **14.ПК„Акваспирит“-„Пливаме во сино“** | **20.000,00** |
| **15.ЖСК„Лихнидос“-Охрид„Турнир во стрелаштво 2023“** | **15.000,00** |

| | |
|---|---|
| **16.ФК„ФЦ Копенхаген“-Охрид„Свети Климентов куп-фудбалски турнир** | **30.000,00** |
| **17. ФК„ФЦ Копенхаген-„Новогодишен Куп 2023“** | **30.000,00** |
| **18.ШК„Ласкер“-Охрид„3-то општинско 7-мо Ноемвриско првенство во шах** | **30.000,00** |
| **19.КК„Колибри“-Охрид„Св.Климент Охридски 2023“кошаркарски турнир** | **30.000,00** |
| **20.ГК„Охрид“-„Отворени голф денови“** | **30.000,00** |
| **21.ЗГ„Кик Стар Про“-Охрид „Суп трка“„Суп јога“** | **20.000,00** |
| **22.НК„Амфора“-Охрид„Промоција на рекреативно нуркање за деца“** | **69.500,00** |
| **23.Јахтинг клуб „ОЛС“-Охрид „Запознај го едрењето,заштити го езерото“** | **25.000,00** |
| **24.ВК„Лихнидос“-Охрид „Куп Охрид 2023“Друмска велосипедска тура** | **45.000,00** |
| **25.Параглајдинг клуб„Флај Ох“-Охрид„Охрид Флај фестивал“** | **69.500,00** |

**Во текот на 2023 година се одржаа 56 спортски манифестации, настани и 4 проекти од обласа на спортот.**

За прв пат од оваа година под покровителтво на Општина Охрид и градоначалникот Кирил Пецаков во периодот од 19-27 Август 2023 година се одржа Фестивалот на водени спортови Охрид (Ohrid Water Festival 2023).

**OHRID WATER FESTIVAL / Фестивал на водени спортови Охрид** е проект кој ги поврзува водените спортови, охридското природно богатство и развојот на охридската заедница. Основната визијата и мисија е со реализацијата на овој проект обединување на сите охридски водени спортови и нивните активности во рамки на еден спортско - туристички БРЕНД со име Ohrid Water Festival. Охрид и Македонија конечно добија модерен и стратегиски проект поврзан со нашиот заштитет знак Охридското езеро. Ohrid Water Festival и нејзиниот концепт како спортски фестивал е токму тоа што треба Охрид како спортско-туристички град да го нуди на пошироката домашна и интернационална туристичко-спортска јавност. Потенцијалот на фестивалот е огромен и во иднина се надеваме дека Охрид и Фестивалот во годините пред нас ќе се издигнат на ниво на светски најпосетуваните и најбараните спортско-туристички дестинации наменети за љубителите на водата, водените спортови и добрата забава. Стратешкиот фокус кон езерото, заштитата на езерото, спортовите на вода, клубовите и здруженијата поврзани со водата и посебно спортските работници кои се секојдневно посветени на водата (езерото) се причина плус фестивалот и Општина Охрид максимално се посветат во креирање на нова спортска традиција која охридскиот активен туризам и градот Охрид да го издигнат на европскиот пиедестал на спортско - туристички градови.

Фестивалот беше во времетраење од 9 дена, програмата беше поделена на спортски и забавен дел во кој влегоа 17 спортски манифестации од спортови на вода кои се одржува во утринските и попладневните часови, додека во вечерните часови од 19 до 23 часот опфаќаше програма од социјално, забавни и едукативни содржини.

Сите спортски настани и манифестации позитивно влијаат на развојот на спортскиот туризам,во текот на годината и за време на одржувањето на истите се реализираат неколку десетици илјади ноќевања со што влијаат врз зголемување на потрошувачката и влијаат на економскиот бенефит на локалната заедница и Општина Охрид, воедно претставуваат промотор на Охрид надвор од границите на Македонија.

Со сите добитници на субвенции за трошоци за користење на спортски терени на ЈП.„Билјанини Извори“ – Охрид како и добитниците на финасиски средства од буџетот на Општина Охрид од програмата за спорт и рекреација за 2023 година, за програми на спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации, настани, проекти, спортисти и други правни лица од обласа на спортот се потпишаа договори со кои се регулираа односите, правата и обврските, помеѓу корисникот (спортски клуб, здружение, спортист индивидуалец ) и општината, претставувана од страна на градоначалникот на Општина Охрид.

За искористените финансиски средства од буџетот на Општина Охрид заклучно со 31.12.2023 година спортските клубови, здруженија и спортисти индивидуалци доставија финансиски и наративни извештаи согласно потпишаните договори.

Во поднесените финансиски и наративни извештаи се гледа дека добиените средства од буџетот на општина Охрид спортските клубови и здруженија, спортски манифестации,

настани, проекти и спортисти индивидуалци ги искористиле наменски, односно во најголем дел се однесуваат на купување опрема ,патувања согласно поднесената програма, исплата на средства кон федерации за котизации, исплата средства за судии, хонорари за ангажирани лица, тренери, физиотерапевти, медицински лица.

Краток осврт по поднесените наративни и финасиски извештаи од спортски клубови, здруженија, спортски манифестации, настани, проекти и спортисти индивидуалци кој се корисници на финасиски средства од програмата за спорт и рекреација за 2023 година.

**ГРК „Охрид“ - Охрид**

Континуирана подршка на најуспешниот клуб во градот,во склоп на клубот работат пионерско младинските школи кој се натпреваруваат во соодветните лиги.Клубот во тековната 2022-2023 година играше во плеј оф на ракометната супер лига на Македонија.Согласно поднесениот финансиски и наративен извештај средствата се искористени за патувања,храна,ресторански и хотелски услуги,хонорари за играчи,тренери,стручен штаб,физиотерапевт,медицински лица,сместување,опрема за клубот,средства за судии и котизации. Во прилиг го доставуваме и извештајот на ГРК Охрид за 2023 година.

**ГКК „Охрид’’- Охрид**

Клубот избори пласман во првата најквалитетна лига на Македонија,во рамките на клубот работи и кошаркарска школа во сите категории,за машки,женски над 200 деца.Пријавени и веќе се натпреваруваат генерациите М-14,М-16,М-18 во машка конкуренција како и женската екипа.Согласно финасискиот извештај од сектор за финансии префрлени се средства кои согласно поднесениот извештај искористени за спортска опрема,хонорари за играчи,тренери,котизации,храна,сместување,средства за исплата на судии и делегати,патувања.

**ГФК„Охрид-Лихнидос“ - Охрид**

Клубот се натпреварува во втората македонска фудбалска лига,во рамките на клубот има пионерска,кадетска и младинска екипа кои се натпреваруваат со успех во соодветните лиги.Во 2023 по поднесениот извештај средствата се искористени за хонораи за играчи,стручен штаб,медицински лица,надоместоци за делегати и судии,трошоци за припреми,превоз,трошоци за сместување и храна,набавка на опрема,котизации и други расходи.

**ФК„Воска Спорт“ Охрид**

Клубот од сезона 2023 е дел од првата македонска фудбалска лига.Во рамките на клубот работи и фудбалска школа,чии екипи се натпреваруваат во содветни лиги во пионерска,кадетска и младинска конкорунција.По поднесениот извештај средствата се искористени за хонорари за играчи и стручен штаб ,превоз,котизации и лиценци за стручно усовршување на тренери,спортска опрема и други расходи.

**ШК„Ласкер“ Охрид**

Развој на шаховскиот спорт,учество на домашни и меѓународни турнири и остварени солидни резултати.Школата во континуитет работи со млади таленти,а е и организтор на неколку натпревари на локално и државно ниво.Средствата се искористени за превоз,котизации,набвка на медали,книговотствени услуги,награден фонд за првенство одржано во Охрид. Клубот организираше и три турнири во шах од национален и мегунарден карактер.

**БК„Алексо Огненовски“ Охрид**

Клубот успешно се натпреварува во македонската боксерска лига и има учество на меѓународни натпреварувања.Членови на клубот се дел од Македонската боксерска репрезентација.Средствата се искористени за специфични подготовки во Охрид,учества на првенства,тренажен процес,котизации,храна,патни трошоци.

**РД„Св.Апостол Павле“ Охрид**

Учества на државни натпревари и организација на риболовен државен натпревар во Охрид.Средствата се искористени за риболовна опрема,превоз,гориво,организација на државен натпревар во Охрид.Во организација на клубот се одржа и национално првенство во спортски риболов Пливка 2023.

**„Охридски Бранови 2008“**

Добиените финансиски средства ПК Охридски бранови 2008 ги искористи за организација на 4 спортски манифестации од кој три беа дел од Фестивалот на водени спортови Охрид 2023.

**„Олимписки Пливачки Маратон 5 и 10 км”.**Настанот се одржа на 23.08.2023 на потегот помеѓу хотел.Палас и хотел Милениум во должина од 5 и 10 км на кој учество зедоа 12 натпреварувачи од Македонија.

**„Ревијален Ватерполо турнир за ветрани” с**поред доставениот извештај настанот се одржа на 25.08.2023 на градско пристаниште беше поставен терен со понтони,пред хотел Александрија.На турнирот учествуваа клубови од Охрид ,Струга, Скопје и гости од Хрватска и Србија.

Под покровителство на општина Охрид,а во техничка органиација на клубот на 26.08.2023 година се одржа 23-то издание на **„Охридскиот Пливачки Маратон“** патека **„Климе Савин“** со старт од брегот кај манастирот Св.Наум Охридски до градското пристаниште во Охрид.

**„Илинденски Пливачки Маратон 2023”** кој се одржа на 02.08.2023 на патеката од 2,5 км од Горица до градското пристаниште со учество на преку 50 натпреварувачи од клубови во Македонија.Ова беше негово 44 издание

Во рамките на клубот работи и пливачка школа,добините средства за клубот се искористени и за набавка на реквизити и голови за ватерполо.

**Акватлон – Охрид ТрчаТ 2023** Настан организиран од Атлетски Клуб „ Охрид ТрчаТ “ на ден 28.08.2023 година.Оваа година настанот беше дел од „Фестивалот на водени спортови-Охрид 2023“.

Акватлон е мултиспортска дисциплина која се состои од елементи на континуирано трчање и пливање. Натпреварувачите завршуваат пливање веднаш по што следи трчање на различни растојанија. На второто издание од Охрид трчаТ АКВАТЛОН 2023 зедоа учество 175 натпреварувачи од нашата земја и околните држави,воедно натпреварите беа и официјално државно првенсто во Акватлон во рамките на Триатлон федерацијата на Македонија. Спортската манифестација се одржа на плажата Кампинг КЈ дивоно,каде што натпреварувачите пливаа и пешачката патека од хотел Парк преку мостот кај езерската полиција до хотел Сити Палас и назад, се одржуваше натпреварот во трчање.

**„Пливачки клуб Акваспирит”-Охрид**

Во организација на клубот се одржа вториот по ред меѓународен пливачки митинг **„Охрид опен 2023’’.**На митингот зедоа учество 200 пливачи од Македонија,Албанија и Косово.Настанот се одржа во отворениот олимписки базен ,,Атина Бојаџи’’на 22.07.2023 год. при ЈП „Билјанини извори“Охрид.

Во 2023 година за прв пат клубот организираше и **ОВФ пливачки митинг** кој беше дел од „Фестивалот на водени спортови-Охрид 2023“.Настанот се одржа на базенот Атина Бојаџи на кој зедоа учество над 150 пливачи од земјата и од неколку европски држави.
Од месец април отпочна со реализација на проектот **„Пливаме во сино”.** Проектот се реализираше во затворениот базен при Специјалната коснозглобна болница Св.Еразмо Охридски.Со проектот беа опфетени деца со потешкотии во развојот и разни заболувања на локомоторниот апарат.

**Фер Плеј Куп 2023**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 160 деца.Средствата се искористени за превоз и за учество на фудбалски турнири и набавка на спортска опрема за потребите на школата.Искористени се и средствата за организација на еден од најголемите турнири за млади категории на кој учествуваа 2200 фудбалерчиња од 7 Балкански земји во времетраење,првиот дел од турнирот од 16.06 д0 18.06 2023 додека вториот дел од 25-27.08.2023 година. Турнирот е во организација ФК ОСК Фер плеј Охрид и ова беше негово 12-то издание.

**- Меморијален Турнир во ракомет„ Крсте Андоноски – Усташ“** во организација на ГРК Охрид второ негово издание од 25-27 август во спортската сала при ЈП„Билјанини извори“ Охрид во кое зедоа учество познати екипи од Македонија,покрај ГРК Охрид,беа и РК Голден Арт,РК Бутел-Скопје и РК Еурофарм Пелистер,додека екипи надвор од Македонија беа РК Бешикташ од Р.Турција,РК Олимпијакос од Р.Грција,РК Металопластика од Р.Србија и РК Татран Прешов од Р.Словачка.
Турнирот е организиран во чест на легендарниот спортски работник и ракометен тренер Крсте Андоноски – Усташ кој остави длабок печат во охридскиот и македонскиот ракомет.

**ВК.„Лихнидос Охрид“- Охрид** за прв пат оваа година го организираше натпревар во велосипедизам - Друмска Велосипедска трка **„Куп на Охрид“**на кој зедоа учество над 200 велосипедисти од Македонија.Натпреварот се одрша на 14 мај 2023 година.

**Јахтинг клуб „ОЛС“ - Охрид**

Во рамките на „Фестивалот на водени спортови Охрид 2023“ на 25.08.2023 година со неколку едрилици организираше настан **„Запознај го едрењето, заштити го езерото“.**Присутните имаа можност да се запознаат со едрењето како спорска дисциплина и подигањето на еколошката свест за што повеќе пловила во Охридското езеро кој не користат фосилни горива.

**ККК„Стрмец“- Охрид**

Кајак клубот Стрмец е еден постарите клубови во Охрид и во континуитет се натпреварува на првенствата на Македонија во кајак и кану и на многу меѓународни такмичења.Доделените средства се искористени за набавка на опрема за клубот од Република Полска и дел за храна,сместување и превоз.Средствата се користат за организација на традиционалната 23-ра **Меѓународна Кајакарска Регата 2023** со учество на домашни и странски кајакари. Покрај кајакари од нашата земја,учество зедоа кајакари од Полска,Србија,Грција и Бугарија.Настанот се одржа од 18.08 до 20.08.2023 година и оваа година беше дел од „Фестивалот на водени спортови Охрид 2023.“

**„СУП клуб Охрид“ - СУП Јога и Суп Трка**

Два спортски настани кои беа дел од „Фестивалот на водени спортови“ кои уште од првата година се етаблираа како настани кој кај многумина од земјата и надвор пројавија интерес.

Суп Јога се одржа на 21.08.2023 година кај малото пристаниште со над 40 учесници, додека трките со Суп се одржаа на 22.08.2023 година на истата локација.Се организираа трки во различни старосни категории со над 60 учесници од Македонија и земји од Европа. Спортските настани беа во организација на СУП клуб Охрид.

**ТК „Адвантико” Охрид**

Согласно договорот потпишан со општина Охрид се реализара проектот „Тенис за сите” кој се одвива преку целата година.Исплатени се средствата, со доставување на финасиски и наративен извештај.Директни корисници беа 80 деца од основните и средните училишта затоа што проектот е насочен за едукација и тренинг на млади од територијата на општина Охрид.Клубот во континуитет работи со млади категории кои се натпреваруваат во националнито првнство во тенис и се присутни на голем број мегународни турнири.Членови на клубот се дел репрезентацијата на Македонија во пионерска и кадетска кнкуренција.

**ЕК„Акватика Јахтинг“ Охрид**

Во рамките на клубот работи школа за деца од 7 до 18 години во текот на целата година.Средствата се искористени за спортска опрема,рекламен матријал за школата,безбедносна опрема за функционирање на школата.Средствата кои ги доби од Општина Охрид според извештајот ги искористи за организација на Едриличарската Регата – Акватика Јахтинг 2023 на Охридското езеро.Настанот се спроведе под името „**Интернационална Едриличарска Регата Охрид 2023“**

во која покрај едриличари од Македонија зедоа учество и едриличари од околните Балкански држави.

Оваа година на 22-23.08 во рамките на „Фестивалот за водени спортови Охрид 2023“ клубот организираше спортски настан **турнир во едрење„ЕКСПРЕС СЕЛИНГ“** на кој зедоа учество натпреварувачи од Македонија.

**„Велгошка Гордост“ с.Велгошти Охрид**

Традиционален турнир во мал фудбал кој се одржува во с. Велгошти.На турнирот земаа учество над 40 екипи од Македонаија и традиционално финалниот натпревар се игра на големиот првославен празник Св.Петка.

Средствата е искористени за исплата на дел од награден фонд како и печатарски услуги за потребите на турнирот.

**АК „Охрид трчаТ“ - Охрид**

Средствата се исплатени за организација на 7-то издание на спортската атлетска манифестација Охрид Трчат 2023 која се одржа од 2 до 4 јуни 2023 година.Во рамките на спортската манифестација Охрид трчаТ на 10-ти мај „Светски ден на физичка активност” се одржа Детска трка за сите деца од општина Охрид и општина Дебрца ученици во прво одделение,вкупно 570 деца.

Во рамките на клубот фунционира и школа за атлетика во која членуваат 80 атлетичариод 5 години до 30 годишна возраст. Клубот е вклучен во националното првенство при Атлетската федерација на Македонија и постигнува значајни резултати.Во 2023 година клубот е Вицешампион во пионерска конкуренција.Член на клубот е и актуелниот шампион на Македонија во планинско трчање Дејан Ангелоски.Покрај Дејан Ангелоски и Теа Божиноска е дел од националната селекција на Македонија.Теа Божиноска е актуелен шампион на Македонија во крос.Добиените средства од општина Охрид искористени се за превоз и купување реквизити и опрема за подобрување на условите за тренинг на атлетичарите.

Во периодот од 22-24 септември за прв пат ја организира планинската трка **Пештани Екстрим Вертикал** која се одржа во с.Пештани и Националниот Парк Галичица.Настанот започна од петокот,22 септември со доделување стартни пакети за детската траил трка и главната трка.Во саботата на 23.09 се одржа детска траил трка(прва планинска трка за деца во НП Галичица) на која зедоа учество 60 деца родени од 2014 до 2008 година.После трка традиционално се делеше паста за сите присутни,додека главната трка се одрша во неделата на која зедоа учество 42 тркачи.На двете трки имаше учесници од повеке земји,Македонија,Србија,Албанија,Полска,Холандија,Велика Британија и Белгија.

**Параглајдинг клуб Флај ОХ**

Средствата се искористени за организација на **„Flay Of-7 ми Ноември“.** Настанот се одржа од 07.11.2023 година на денот на ослободување на Охрид со учество од над 20 параглејдеристи кои направија над 50 прелети над Охрид,а во чест на празникот со претходно креиран банер со пригодна содржина од општина Охрид и со државното знаме на Македонија направија посебен прелет.

**Клуб за подводни активности „Охрид” Охрид**

Го реализира пректот „Охрид нуркаТ” кој е годишен ,односно 11 месеци и целта на овој проект е преку нуркањето едукација на најмладите за значењето на вода ,атмосфера,спасување од давење и сл.

Во рамките на Фестивалот за водени спортови имаа своја презентација на опрема за нуркање како и презентација на „Флора и фауна во Охридското езеро“ во поставен аквариум во делот за презентација на фестивалот.

**„Денот на Галичица”-Планинско лудило**

Планинарско велосипедски настан кој има за цел промоција на здрави животни навики, љубов кон природата,планината, како и подигнување на еколошката свест за зачувување на автентичноста на НП. Галичица.Главниот настан се организира на 16 до 18 јуни, на кој имаше над 500 учесници од земјата и странство,кој заеднички го искачија врвот Магаро на планината Галичица.

На настанот им претходеа 10 еко акции за расчистување на Галичица,3 велосипедски тури од кој 2 планински и една околу Охридското езеро,како и за прв пат републичка акција МАГАРО,на кој зедоа учество планинари од цела Македонија.

Согласно финансискиот и наративен извештај средствата се искористени за ангажирање на водичи во планина,медицински лица,обезбедување,теренски возила,хонорари за ангажирани лица за логистика,вода,сокови,енергетски пијалоци,житарки,овошје.

**НЦ „Амфора“ Охрид**

Средствата кои ги добија од Општина Охрид според извештајот ги искористи за организација на настан „Промоција на рекреативно нуркање за деца“ кој беше дел од „Фестивалот за водени спортови Охрид 2023“.

Над 100 деца имаа можност да се запознаат со тајните на нуркањето.

Во базен кој беше поставен во делот за презенатација на фестивалот,во тревникот пред хотел Палас со помош на сертифицирани нукачи децата во нуркачка опрема имаа можност да нуркаат.

**НК „Акватек” Охрид**

Како и останатите Нуркачки клубови и центри средствата кој ги добивааат ги користат за организација на голем број акции за чистење на дното на Охридското езеро.НК „Акватек” реализира Еко акции во текот а целата година.
Во рамките на фестивалот клубот организираше изложба на подводна фотографија на тема „ **Потонато културно историско богатство“.**

**ФК.„Охрид Топ Тим’’**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 50 деца.Вкупно добиените средства се искористени за лекрски прегледи,котизации за турнири и учество на семинари.

**Хваранг ИТФ -Теквондо турнир**

Хваранг ИТФ -Теквондо турнир кој се одржа на 24.06.2023 година. На турнирот зедоа учество над 200 натпреварувачи од 24 клубови од 7 земји од регионот,Бугарија,Хрватска,Албанија,Бих,Чешка,Србија и Македонија.

**ТК „Хваранг Фист“ Охрид**

Средствата се одобрени за организација на турнир „Охрид Опен 2023“. За добиените средства поднесен е финансиски и наративен извештај.Средствата за клубот с искористени за котизации,патувања и опрема за членовите од клубот.

**ВК„Горица Ремо“-Охрид**

Клубот активно работи веќе втора година,во текот на 2023 година во рамите на Фестивалот за водени спортови организира две регати од кој првата од мегународен карактер „ **Охридска веслачка регата“додека втората е регата е од локален карактер „ Охридска веслачка регата“.Клубот организираше изложбо во соработка со фотографот и вњубеник во фотографија Петар Паунче Скитник насловена „ Почетоците на веслањето во Охрид“.**

**Меч Рејс клуб Охрид-„Прва регата околу Охридско езеро“**

Дисциплина во спортско едрење во кој меѓусебе се натпреваруваат повеќе тимови во две идентични едрилици.На 21-22.08. 2023 година за прв пат се организираше „Регата околу Охридското езеро’’во која зедоа учество едрилици од Македонија и Бугарија.Настанот беше дел од „Фестивалот на Водени спортови 2023“.

**РК „Седмерец“ Охрид**

Трета година по ред се организира турнир за млади категории „5-ка за Ракомет”.На турнирот зедоа учество екипи од Македонија и според извештајот средствата се потрошени за организација на турнир за деца генерација 2011/12,одржан на 13.05.2023.

**РШ „Вардар Седмерец“ Охрид**

На 27.05.2023 се одржа вториот турнир 5-ка за ракомет во организација на РШ „Вардар Седмерец“.За добиените средства поднесен е финансиски и наративен извештај.

**ФЦ„Копенхаген“ Охрид-„Св Климентов Куп 2023“**

Средствата наменети за турнирот во фудбал за млади категории „Св Климентов куп 2023“ кој се одржа од 08.12 до 10.12.2023 година во целост се искористени и поднесен е финансиски и наративен извештај.

**ФЦ„Копенхаген“Охрид-’’Балкански надежи’’-детски фудбалски турнир**

Во организација на ФЦ„Копенхаген“–Охрид од 19.06-25.06.2023 година негово 4-то издание,фудбалски турнир за млади категории.Учество зедоа екипи од Македонија,Албанија и Косово.Финасиските средства се искористени за хотелско сместување на екипи за турнирот,како и за тековни трошоци во организација на истиот.

**ФК„ФЦ Копенхаген-„Новогодишен Куп 2023“**
Фудбалски турнир за млади категории кој се одржува втора година.Учество земаат екипи од Охрид и регионот.
Се одржува пред Новгодишните празници.
**ФК.„Некст левел 2020“**
Од 9 до 11 јуни се организираше првото издание на турнирот во фудбал за млади категории „Некст левел Куп 2023“.На турнирот зедоа учество 45 екипи од Македонија,Албанија,Косово и Србија со над 600 учесници.
Фудбалската школа работи со деца од 6 до 14 годишна возраст,согласно документацијата и увидот во школата тренираат 160 деца.Средствата ги имаат искористено за набавка на опрема и реквизити за подобрувањње на условите за работа.
**Тениски клуб „Охрид“**
Клубот работи долги години и е двигател на тенисот во Охрид.Членови на клубот се дел од Македонската тениска репрезентација.Искористените средства ги има потрошено за покривање на тековни трошоци во клубот.
**СК„Охрид“ Охрид**
Редовни учесници на државни и меѓународни првенства.Членови од клубот се дел и од Македонската Стрелачка репрезентација. Средствата се искористени за котизации,набавка на стрелачка опрема,превоз и храна за стрелци,шпедитертски трошоци при набавка на оружје и трошоци за организација на меѓународен турнир во стрелање „Илинден 2023”.
**Про Баскет Јуниор** На 20.05.2023 година го организираше турнирот во кошарка за млади категории„Кошарката обединува“.На турнирот зедоа учество екипи од општина Охрид.
**ТК „Мастер“** мај,2023 година за прв пат се организираше Државно првенство во Таеквондо на кое зедоа учество клубови од Македонија.Борбите се одвиваа во спортската сала при Ј.П.„Билјанини Извори“ - Охрид.
**ЖСК„Лихнидос“ - Охрид**
Редовни учесници на државни и меѓународни првенства.Членови од клубот се дел и од Македонската Стрелачка репрезентација.Средствата се искористени за котизации,набавка на стрелачка опрема,превоз и храна за стрелци,шпедитертски трошоци при набавка на оружје.
**РК „Сани 14’’- Охрид**
Ракометна школа која работи со деца од 6 до 14 годишна возраст.Средствата се искористени за опрема и организација на натпревари во млади категории.
**ФК„Ла Масиа“ - Охрид**
Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 60 деца.Средствата се искористени за превоз за учество на фудбалски турнир како и опрема за подобрувањее на условите за работа.
**КК„Колибри“ - Охрид** Од 19 до 22 ЈУНИ 2023 година го организираше меѓународниот кошаркарски турнир за девојчиња и момчиња во генерации М12,М 14 и М16 „20години КК Колибри“,додека во месец декември го организираше мегународниот турнир „Св.Климент Охридски“ во кој зедоа учество кошаркари од млади категории од Македонија,Албанија и Косово.
**ФК „Еврофудбал Вардар 2“ - Охрид**
Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 140 деца.Средствата се искористени за превоз,котизации,опрема за потребит на клубот. Средствата се во целост искористени.

**„Топ Адвенчрс“- Охрид**,се одржа 5-то издание на **Охрид Ултра траил** од 26 до 28 мај 2023 година кое втора година по ред е во организација на „Топ Адвенчрс“-Охрид.Трката се одржуваше во НП.„Галичица“ и зедоа учество тркачи од повеќе земји во светот.На трката учествуваа 369 тркачи во трките на 100км,60км,40км и 22км.

**ФК „Рудар’’-с.Куратица**
**ФК „Лескоец 999“ с.Лескоец**
**ФК „Света Троица 2021“ Охрид**
**ФК „Вапила“ с.Вапила**
**ФК „Куршум’’-с.Д.Лакочереј**
Клубовите се натпреваруваат во општинската фудбалска лига.Средствата се искористени за купување спортска опрема за играчите од клубот и транспорт
**„Сојуз за училишен спорт Охрид“**
Средствата се наменети за реализација на проектот **„Правилен раст и развој кај учениците од петто одделение во основните училишта во Општина Охрид’’**кој го реализираат 5 проф.по Физичко и здравствено образование.
Во текот на 2023 година се отпочна со реализација на проектот за унапредување на наставата во V одделение **„Правилен раст и развој кај учениците од петто одделение во основните училишта во Општина Охрид’’**.Носител на проектот е Сојузот за училишен спорт Охрид,а во наставата како тандем наставник вклучени се 5 професори по физичка култура.За реализација на овој проект во кординација со одделението за образование на општина Охрид добиена е согласност од бирото за развој на образованието и од Министерство за образование и наука за реализација на истиот.
Започнувајки од февруари 2023 година до декември 2023 година се реализираа **Училишните спортски лиги** во повеке спортови(футсал,баскет,одбојка,пинг-понг,шах) за основни и средни училишта.Најдобрите ученици зедоа учество на регионалните натпревари кој се во организација на **Федерацијата за училишен спорт на Македонија.**

Во текот на месец октмври втора година по ред под покровителство на градоначалникот на општина Охрид,а во организација на **„Сојуз за училишен спорт Охрид“** се одржа фудбалски турнир за млади категории за фудбалските школи од Охридскиот регион.На турнирот зедоа уцество над петстотини деца од генерации 2011 до 2017.Турнирот траеше 2 денови,а се играше на фудбалските терени при ЈП„Билјанини извори-Охрид“
**Сојузот за училишен спорт Охрид** во рамките на**„ Фестивалот за водени спортови Охрид 2023“** во базенот **„Атина Бојаџи“**организираше **„Водени игри 2023“** кој беа од забавен и промотивен карактер.На истите зедоа учество екипи составени од компании од Охрид,а платената котизација од страна на екипите беше донирана на дневниот центар **„Зраци“.**
**КК „Фудошин“ Охрид**
Одржувач на традицијата на карате спортот во Охрид.Од година во година со се повеќе успеси како на индивидуален така и на клубски план.Средствата ги користи за тековни активности на клубот како и за патувања на натпревари.
**КК„КБС КУН-СУ-ТО“ Охрид** и **КК„Чоле“Охрид** на 14.05.2023 година го организираа Меѓународниот карате турнир во карате.На турнирот зедоа учество над 600 каратисти од повеќе држави од Балканот,како и учесници од Украина.

Двата клубови се дел од карате федерацијата на Македонија и се активни учесници на сите национални и меѓународни натпреварувања каде имаат постигнато одлични резултати.

**АК„Охрид“ Охрид**

Клубот со своите членови редовно се натпреварува на државните и меѓународни натпреварувања.Членови од клубот се дел од Македонската Атлетска репрезентација.Средставата се искористени за патувања во странство и државата за натпревари како и тековни трошоци на клубот.

**РК„Лихнид“ Охрид**

Средствата се искористени за тековните активности на клубот и трошоци околу натреварувачката сезона.Клубот се такмичи во младинското првенство при РФМ.

**ВК„Шампион систем“ - Охрид**

ВК.„Шампион систем“-започнувајќи од март до крај на април го реализираше проектот „ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ“.проектот се реализираше по основните училишта во општина Охрид со цел едукација на учениците.

Клубот организираше уште две манифстации во месец септември.

Првата **„Трофеј Охрид 2023“-**камп за велосипедизам во кој зедоа учество велосипедисти од Македонија и втората манифестација **„На Бована Сараиште“**која покрај натпеварувачки карактер со Суп даски и кајаци настанот има и забавен карактер.Настанот се одржа на плажа Сараиште.

Во 2023 година отпочна со работа **„Голф клубот Охрид “**на новите голф терени во склоп на поранешна Касарна**.**

На 16.09.2023 голф клубот Охрид организираше Отворен ден-запознавање со голф

17.09.2023-Отворен голф ден-Ревијален турнир за аматери,гости и туристи

22.09.2023-Отворен голф ден,запознавање со гоф,правила и етикета

30.09.2023-Отворен голф ден-Ревијален турнир

Спортските манифестации,пливачки митинг „Св Климент Охридски“во организација на Пк„Охридски бранови 2008“„Трофеј Охрид Топ Тим“во организација на ФК„Охрид Топ Тим“„Експерти во глобалниот спорт“од ЕК„Пират“Охрид и „Крапски куп“од риболовно друштво Св.Апостол Петар не се одржаа за што организаторите на писмено навремено не известија.

За овие спортски манифестации општина Охрид не изврши исплата на финансиски средства.

Во 2023 година финансиска подршка по претходен јавен повик добија и спортисти индивидуалци кој согласно поднесените финансиски и наративни извештаи средствата наменски ги искористиле за храна,опрема котизации,патувања,медицински третмани.

Листа на корисници на финансиска подршка за 2023 година:

| **Бр.** | **Спортист индивидуалец** | **2023** |
|---|---|---|
| 1 | **Дејан Ангелоски** | 85.000,00 |
| 2 | **Ана Стојаноска** | 18.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Ива Кецкарова** | 17.000,00 |
| 4 | **Никола Баракоски** | 55.000,00 |
| 5 | **Искра Маџоска** | 17.000,00 |
| 6 | **Стефан Стефаноски** | 25.000,00 |
| 7 | **Јована Милевска** | 18.000,00 |
| 8 | **Бојан Спасеновски** | 18.000,00 |
| 9 | **Блаже Љушев** | 17.000,00 |

**Број 08-2953/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за 2023 година за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/156** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за 2022 година за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ
## 01.01.2023- 31.12.2023

Преку програмата за работа со млади и невладини организации општина Охрид директно влијае во сферата на интерес и потребите на младата популација и признавање на улогата на младите во развојот на градот како позитивна движечка сила која е носител на развојот на градот Охрид и промотор на новите вредности на општеството и државата.

Од друга страна за општина Охрид значаен е придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството. Интенцијата на општина Охрид се движи во правец на вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките. Планирано е општина Охрид преку спроведувањето на оваа програма да воспостави партнерски однос и поделба на задачите со претставниците на граѓанскиот сектор во сегменти каде општината ќе има потреба а претставниците на невладините организации ќе имаат капацитет соодветно да одговорат на потребата. Секако во сите овие процеси општина Охрид силно ја почитува независноста и слободниот пристап на овој сектор при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од тука произлегува и основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид, да биде главна контактна точка помеѓу потребите на младите, невладините организации и општина Охрид. Главната задача на вработените во ова одделение е преку остварување на активностите предвидени во оваа програма да овозможат: подобрување на положбата на младите во општеството, вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво, учество и вклучување во креирањето на младинските политики, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

Спроведувањето на програмата се одвива преку два клучни сегменти и тоа:

1. Поддршка на невладини организации

2. Поддршка на млади и младински политики

Силна поддршка за младите луѓе од 15 до 29 години кои живеат на територијата на општина Охрид е врвен приортет на локалната самоуправа.

Соработката со граѓанскиот сектор е еден од клучните постулати на работата на општина Охрид. Отворено, транспарентно секогаш почитувајќи ја нивната независност и самостојност во носењето на одлуките ќе се трудиме реализирајќи ги активностите од оваа програма да градиме партнерски однос базиран на взаемна доверба и почитување. Тоа секако ќе придонесе општина Охрид користејќи ги услугите на граѓанскиот сектор да испорачува поквалитетни услуги кон своите граѓани.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2023)**

**Поддршка на невладини организации**

***1. Учество во проектот ReLOAD2***

- **Јавен повик за граѓански организации за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2)**

По претходно потпишан меморандум за разбирање помеѓу општина Охрид и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) со цел да се обезбеди рамка за спроведување на проектот под наслов „Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан“ и одржани неколку средби со претставниците на УНДП на 04.11.2022 година општина Охрид во партнерство со програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) објави јавен повик за граѓански организации за поднесување на предлог поректи.Јавниот повик траеше до 02.01.2023 година а на истиот апликации имаа поднесено 11 организации од кои беше избрана само една од „Регионален зелен центар“-Охрид,проект„Дигитализација и промоција на културното наследство во Охрид“.

Од тие причини како и потребата за искористување на преостанатите средства предвидени во програмата на одделението за Млади и Невладини организации, беа оджани повеќе средби со представниците на УНДП на кои беше дискутирано за потребата од распишување на нов јавен повик.

На 16.06.2023 година Општина Охрид објави повторен јавен повик за граѓански организации за поднесување на предлог пороекти во рамки на регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (RELOAD2).

Јавниот повик траеше до 14.07.2023 година а на истиот имаа право да поднесат предлог проекти сите граѓански организации чии проекти се доследни на развојните цели на општина Охрид:младински активизам и партиципација, родова еднаквост,економска и социјална инклузија, заштита на животна средина, туризам и култура.

На овој јавен повик апликации поднесоа две невладини организации:“Здружение,клуб за нуркање АКВАТЕК-Охрид“ и “здружение за поддршка на идентификувани и потенцијани ранливи групи ЖРТВА –Охрид“.

После извршената еваулација на состанокот оддржан на 10.08.2023 година, на којшто присуствуваа двајца представници од општина Охрид и двајца представници од УНДП, проектите на гореспоменатите организации беа одобрени за финансирање.

За реализација на проектот “Зелена младина зелена иднина“ на организацијата “ здружение, клуб за нуркање АКВАТЕК-Охрид“ се предвидени 608.032,00

За реализација на проектот “Превенција од насилен екстремизам и радикализам кај млади“ на организацијата “здружение за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи-Жртва Охрид“ се предвидени 1.487.500,00

Врз основа на одлуката со број 08-8751/95 0д 31.08.2021 година општина Охрид се обврза да обезбеди средства од буџетот на општината во висина од минимум 25% од вкупниот одобрен буџет на општината.

Врз основа на Меморандумот за разбирање меѓу програмата за развој на Обединетите Нации(УНДП) и општина Охрид со број 09-9395/1 од 13.09.2021 и договорот за кофинансирање со број 09-8071/1 од 30.05.2023 година, поднесовме барање до градоначалникот на општина Охрид со, во кое побаравме исплата на финансиски средства во февруари месец во висина од41.546,00 денари и во јуни месец во висина од од 376.806,00 денари од буџетот на општината за релизација на наведената активност. Овие средства беа префрлени за реализација на проектот во рамки на RELOAD2 програмата .

| ***Ставка*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| Средства наменети за кофинансирање на проектите на ГО во рамките на проектот ReLOaD2 | **418,352.00** |
| Реализирани средства | **418,352.00** |

**Поддршка на млади и младински политики**

1. ***Младински центар Охрид***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање ќе се спроведуваат програми, дискусии и работилници кои ја подобрат положбата на младите во општеството.

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината. Исплатата на финансиските средства се изврши намладинската организација Коалиција „ СЕГА “ врз основа на доставена годишна програма за работа на Младинскиот центар.

**Предвидени средства за трансвер до младинската организација “Сега“ која го координира Младинскиот центар, за 2023 година се 1.855.788,00 денари.**

Во изминатиов период поточно по барање бр.31-1184/1 од 30.01.2023, на младинската организација коалиција “Сега“ се исплатени 371.158,00 денари средства предвидени во програмата за Млади и Невладини Организации за 2023 година.

На 26.05.2023 година на млдинската организација коалиција “Сега“ се исплатени 1.484.630 средства предвидени во програмата за млади и невладини организации за 2023 година.

**Во прилог Ви го доставувам финансискиот извештај за раководењето со Младинскиот центар Охрид од страна на Коалицијата на младисnки организации СЕГА како и кратко резиме на годишен извештај за 2023 година**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

Младинскиот центар во Охрид е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

Целта на постоењето на Младинскиот Центар Охрид е да обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- неформално образование: обучување и подучување на млади;
- информирање, менторство, подучување и советување;
- информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

Младинскиот центар е отворен секој работен ден и е достапен за младите најмалку 40 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период младите доаѓаат во Центарот, учествуваат во програмските активности и ги користат постојаните услуги, се дружат и ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот.

Коалиција на младински организации СЕГА е избрана младинска чадор организација да раководи со Младински Центар Охрид.

**Работен Пакет 1: Координација и раководење со проектот**

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО организираа редовни неделни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид. Состаноците се одржуваа онлајн и со физичко присуство во МЦО секој понеделник со цел непреченост, континуитет и ефикасност во работењето, покрај секојдневната двонасочна комуникација. Проектниот тим беше задолжен за целосна техничка и логистичка поддршка за сите настани предвидени со програмата на МЦО. Од јануари до декември 2023 година, се развија сите неопходни процедури за работа кои овозможија непречено функционирање на Младинскиот Центар Охрид, согласно програмата и акциониот план за работа каде беа интегрирани млади лица од различни категории. Проектниот тим беше задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот редовно споделува информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, linkedin,tik-tok) се користат како канали за комуникација со јавноста.Линкови од веб страна и профили на социјалните мрежи: Веб страна на МЦО, Facebook страна,Instagram профил,Linkedin страна, ТИК ТОК профил, Youtube Канал.

**Работен пакет 2: Јакнење на капацитети на младинските работници**

Согласно предвидената програмата на МЦО, како и потребните капацитети, СЕГА организира обука со цел зајакнување на вештините за работа со млади за тимот на центарот т.н „Сертифицирана обука за Работници со млади” во период од 21.12.2022-31.05.2023, каде низ повеќе различни модули, учесниците имаа можност да се стекнат со неопходни компетенции за областа во која делуваат. Воедно беа реализирани интерни обуки кои повторно беа фокусирани кон успешно спроведување на Програмските Активности на МЦО, а спроведувани од претставници на персоналот на СЕГА. Членовите на тимот на МЦО имаа

можност да се стекнат со нови знаења и вештини преку нивно учество на национални и меѓународни настани (студиски посети, конференции, работилници, обуки, семинари и размени).

**Работен пакет 3: Промоција на работата на МЦО**

За потребите од промоција на Младинскиот Центар Охрид, беа дополнително креирани значки, стикери и маички кои се користат наменски при реализацијата на програмските активности.Беа брендирани дел од прозорците со цел поголема видливост на самиот Центар. Беа организирани повеќе ИНФО денови за промоција на МЦО: [1] Инфо ден – Гаранција за млади (07 јули 2023 година), [2] Инфо ден - Beach Film Festival (19 јули 2023 година), [3] Инфо ден – Ohrid Water Festival (23.08.2023 година).

На креираните профили на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, тик-ток), како и веб-страна, кои се користат како канали за комуникација со јавноста, секојдневно се врши промоција на Младинскиот Центар и промоција на услугите и програмите што ги нудиме. Статистики од FACEBOOK (до 31.12.2023): post reach: 114.404; engagement: 33.107; followers: 1250; Статистики од INSTAGRAM (до 31.12.2023): Accounts reached: 15.592; Accounts engaged: 2480, Total Followers: 618; ГОДИШНА ОЦЕНКА ЗА ВЕБ СТРАНАТА: вкупно посети 96.351.

Работен пакет 4: Програмски Активности на Младински Центар Охрид

**Програма Младинско Учество:** Согласно планираните активности, беше развиена и спроведена Кампања за младинско учество која се спроведуваше од февруари – декември 2023 година. Кампањата беше фокусирана на Законот за младинско учество и младински политики и имаше за цел да ги информира младите од Охрид за можностите за нивно институционално учество во процесите на креирање политики. Беа реализирани неколку едукативни работилници за младинско учество со средношколци и волонтери во МЦО, а редовно преку социјалните мрежи на јазик разбирлив за младите беше презентиран Законот како и функционирањето на Локалниот Младински Совет на Општина Охрид. Во рамките на истата програма, се реализираа 2 младински кругови, а беше воспоставен и Клуб за Дебата во кој преку редовни состаноци со членовите на клубот се градеа нивните капацитети за аргументирано и критичко размислување и дебата. На иницијатива на членовите на Волонтерскиот клуб се организираше и Локална дискусија на тема Потребите и предизвиците на средношколците.

**Програма Младинско Информирање:** Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво), младинските работници редовно објавуваа информации на веб страната и на социјалните мрежи. Воедно се промовираа европските програми за интернационални мобилности и волонтерство, интеркултурни размени како и можностите за искористување на овие програми од страна на младите. За младинските организации од Охрид редовно се објавуваа можности за грантови, вмрежување и ресурси. Во рамките на програмата, продолжи да работи Медиа Клубот. Преку овој клуб младите кои имаат интерес за новинарство, графички дизајн и фотографија имаа можност да известуваат за теми од интерес на младите. Беа изработени 2 списанија во текот на 2023 година: Младинско Летно списание – YOUTH Vibe, и Ревија на настани „Една година МЦО“.

**Програма Вработување и претприемништво:** Согласнопланираните активности во рамките на оваа програма се организираа 3 работилници за кариерно советување (17.03,

31.05 и 30.10.2023 година) во соработка со кариерни советници. Во истата програма на 12 мај 2023 година во Младински Центар Охрид се реализираше Саем за образование и кариера. На саемот учествуваа четирите средни училишта од Општина Охрид и едно средно училиште од Општина Струга со промотивни материјали, каде ги презентираа нивните програми и можности за учење пред полуматурантите. Покрај можностите за полуматурантите на саемот учество зедоа и дел од универзитетите и факултетите, каде имаа можност да ги претстават своите програми за студирање пред матурантите. На овој саем учествуваа: Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, АУЕ – ФОН, Факултетот за информатички технологии и науки „Св. Апостол Павле“ – Охрид и Градежен факултет при УКИМ.
Во рамките на програмата, во соработка со ООУ Кочо Рацин, во МЦО се организираше серија од 10 мотивирачки трибини со наслов „И јас сум од Кочо Рацин“. На трибините главна улога имаа поранешни ученици од училиштето, кои својот пат до успехот и чекорите за градење на нивната кариера ги презентираа на учениците.

**Програма Култура:** Посебен фокус во работата на МЦО во 2023 имаше програмата Култура. Оваа програма вклучи активности во насока на развивање на креативниот потенцијал на младите но и промоција на млади уметници и креативци. Креативниот Клуб беше воспоставен со цел да се поттикне креативноста кај младите, каде на информален начин младите се дружеа, креираа и твореа. Заедно со членовите на клубот се организираа повеќе креативни работилници на различни теми и со различна тематика согласно барањата на младите. Беше воспоставена и Театарска Работилница за младите кои имаат аспирации за глума. Во 2023 членовите на театарска работилница подготвија театарски перформанс, кој ќе се презентира пред младите на почетокот од 2024 година. Во насока на промоција на младите креатори и творци на ракотворби, МЦО по повод 15ти октомври, светскиот ден на занаетчиство, организираше Саем на рачни изработки. Низ сите активности, МЦО промовираше млади уметници од Охрид преку поддршка и промоција на бројни музички, културни и уметнички настани организирани од млади и за млади. Во МЦО за младите Охриѓани во повеќе наврати се прикажуваа краткометражни и долгометражни филмови. МЦО беше официјален партнер на Beach Film Festival и во рамките на фестивалот беа реализирани бесплатни проекции на филмови во просториите на МЦО. Во соработка со Regional Green Center Ohrid/ Регионален зелен центар Охрид реализираше изложба на фотографии како дел од проектот „Мапирање и управување со трската во Охридското Езеро“. Исто така МЦО поддржа локални млади автори преку промоција на нивни дела пред младите од Охрид. МЦО организираше летната школа за фотографија во соработка професионален фотограф и летна школа за гитара.

**Програма Неформално образование:** Во рамите на оваа програма беа опфатени различни теми од интерес на младите: здравје, екологија, недискриминација, безбедност и сл. Во првиот квартал од 2023 година, МЦО формираше Волонтерски Клуб кој имаше можност да се вклучи во работата на Центарот преку промоција на активностите и програмите на Центарот, но и преку учество во различни иницијативи. Заедно со персоналот на МЦО волонтерскиот клуб организираше работилници на различни теми од интерес на младите. На почетокот на 2023, тимот на МЦО и членовите на Волонтерскиот клуб креираа Календар за одбележување на позначајни денови, кој опфати онлајн и офлајн активности. Дел од деновите беа одбележани со објави на веб страната на МЦО и социјалните мрежи, а дел беа одбележани со физички настани и едукативни работилници на различни теми: Млади

против корупција (09.12), Запознајте ги своите права (12.02), натпревар во знаење (квиз) (28.04), Социјални медиуми (30.05), Градење на мир: стереотипи, предрасуди и дискриминација, Климатски промени и одржливост на животната средина, и сл.
Главен фокус во одбележувањето на позначајни датуми имаше одбележувањето на Неделата на Млади: по повод 12 август, Светскиот Ден на младите. Тимот на МЦО подготви неделна програма со активности за млади во соработка со организации и училишта од Охрид. Па така, програмата за одбележување на Денот на Млади вклучи: Летна школа за гитара (од 07 – 12.08); Работилница за Младинско Учество со учество ЛМ Совет и ЛМ Собрание (07.08), Младински Круг на тема "Ментално Здравје" (10.08); На 11.08.2023 со посебна неколкучасовна програма беше организирана неформална дружба и забава за младите охриѓани која вклучи проекции на краткометражни филмови, и промоција на музички бендови; Истиот ден, беше поставена изложба во Дворот на МЦО на младата артистка - Нина Ангелоска, со прекрасни фотографии од Охрид; а беше организирана и Работилница за Цртање на Канвас со Проф. Жанета Стаиќ. Во рамки на одбележување на неделата за млади се вклучија и локални младински организации кои преку свои активности ги анимираа и едуцираа младите од Охрид.

**Програма Спорт:** Иако со предложените активности за 2023, не беше предвидена оваа програма, во согласност со потребите и желбите на младите МЦО континуирано даваше поддршка на спортски активности и го промовираше спортскиот дух кај младите. Па така, на 30 јуни, во организација на Младински Центар Охрид се одржа рекреативен пинг-понг турнир за млади, а МЦО беше и домаќин на II рапид турнир организиран од Ш.К. Ласкер. На 22 август 2023, во рамки на четвртиот ден од Ohrid Water Festival, се одржаа СУП трките за деца, млади и возрасни организирани од SUP Club Ohrid, на кој учествуваа и членови на волонтерскиот клуб на МЦО кои освоија и награди (1 место и 4 место). Во периодот септември – октомври се организираа функционалните тренинзи со Емилија Колоска. На 14.07.2023, Младински Центар Охрид, заедно со ВОПС Поддршка од Инклузивна Игротека "Радост" и Kasarna HUB, организираа инклузивна работилница со цел преку дружба и вмрежување до уредување на надворешниот дел од објект кој е склоп на различни категории млади лица.

**Други услуги за млади, младински организации и организации за млади**

За потребите од младинските организации, организациите за млади, младинските неформални групи и младите воопшто, како и за училиштата од Охрид, МЦО во текот на 2023 година ги изнајмуваше бесплатно своите простории за реализација на нивни настани но и за поттикнување на нивниот развој. Па така во МЦО се организираа бројни презентации, обуки, работилници, промоции и концерти.

**Работен пакет 5: Соработка со локални актери**

***Соработка со училишта***

Тимот на МЦО во ја институционализираше соработката со четирите средни училишта од Охрид и со едно основно училиште преку потпишување на Меморандум за соработка.

***Состаноци со локални младински организации***

МЦО одржуваше континуирана комуникација со граѓанските организации и неформалните групи од Општина Охрид. Како резултат на соработката беа потпишани и меморандуми за соработка за подолгорочно заедничко делување во согласност со програмата на МЦО.

На иницијатива на Младински Центар Охрид, во просториите на МЦО се организираа Денови на Младински Центри. За реализација на овие активности беше побарана и пренамена на неискористени средства од буџетот на проектот. Во одбележувањето на деновите на Младинските центри во периодот од 15 до 17 декември 2023 година, во Младински Центар Охрид, се одржа Семинар за вмрежување и унапредување на МЛАДИНСКАТА РАБОТА на кој учествуваа претставници од: Младински Центар Битола, Младински Центар Кавадарци, Младински Центар Пробиштип, Младински Центар Мултукулти Куманово, Youth Resource Center – ICan, Youth and Community Center – Gostivar, ЛМС Струмица, ЛМС Гостивар, како и службениците за млади од Општина Карпош и Општина Охрид. Целта на овој семинар беше да се придонесе кон унапредување на младинската работа во центрите и подобрување на можностите за младите на локално ниво. Со семинарот се обезбеди можност за врежување и дијалог помеѓу младинските работници од младинските центри и службениците за млади преку взаемна размена на искуства, практики и можности за унапредување на младинската работа преку работата на центрите.

***Состаноци со претставници на локалните власти***

Во текот на 2023, тимот на МЦО имаше континуирана двонасочна комуникација со претставници на Општина Охрид, како и редовни месечни координативни средби со претставници на Локален Младински Совет.

## ФИНАНСИСКИИЗВЕШТАЈЗА2023ГОДИНА

| ЗараководењесоМладинскицентарОхридво2023година,Коалицијанамладинскиорганизации СЕГА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Единица** | **Тип** | **Количина** | **Месеци/** | **Побарано од општина Охрид** | **РЕАЛОКАЦИИ** | **КОРИГИРАНИЗНОС** | Реализирани трошоцив о2023 | **Учество наапликантот** | **ВКУПНО** |
| | **Опис натрошокот** | **Тип** | **Цена** | **#Единици** | **Единици** | **(МКД)** | | | **(МКД)** | **(МКД)** | **(МКД)** |
| **1.Персонал** | | | | | | **1,146,600.00** | **-124,828.00** | **1,021,772.00** | 1,021,772.00 | **1,222,572.00** | **2,369,172.00** |
| 1.1 | Програмски Раководител (СЕГА) | месец | 49,570.00 | 1 | 12 | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 594,840.00 | 594,840.00 |
| 1.2 | МЦОКоординатор (СЕГА) | месец | 40,311.00 | 1 | 12 | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 483,732.00 | 483,732.00 |
| 1.3 | МЦОраководител | месец | 34,950.00 | 1 | 12 | 419,400.00 | 15,314.00 | 434,714.00 | 434,714.00 | 0.00 | 419,400.00 |
| 1.4 | МЦОМладински работник | месец | 30,300.00 | 2 | 12 | 727,200.00 | -140,142.00 | 587,058.00 | 587,058.00 | 0.00 | 727,200.00 |
| 1.5 | Финансиски асистент | месец | 12,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 144,000.0 | 144,000.00 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (СЕГА) | | | | | | | | | 0 | |
| **2.Патнитрошоци** | | | | | | **37,920.00** | **0.00** | **37,920.00** | 36,142.00 | **48,000.00** | **85,920.00** |
| 2.1 | Патни трошо цизак оорди натив ни состаноциза мониторинг иевалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | | 25,920.00 | 14,188.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локалнипат нитрошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | | 12,000.00 | 21,954.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 2.3 | Патнитрошо циза учествонаоб укии | месец | 2,000.00 | 2 | 12 | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 48,000.00 | 48,000.00 |
| **3.Обуки** | | | | | | **9,000.00** | **0.00** | **9,000.00** | 10,120.00 | **0.00** | **9,000.00** |
| 3.1 | Интерна обука (патнитрош оци,сместув ање,работни материјали, храна) | единиц а | 3,000.00 | 3 | 1 | 9,000.00 | | 9,000.00 | 10,120.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| **4.Другидиректн итрошоци** | | | | | | **9,600.00** | **0.00** | **9,600.00** | 9,133.00 | **0.00** | **9,600.00** |
| 4.1 | Банкарскиза дршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | | 9,600.00 | 9,133.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| **5.Индиректнитр ошоци** | | | | | | **72,000.00** | **0.00** | **72,000.00** | 71,443.00 | **24,000.00** | **96,000.00** |
| 5.1 | Канцеларис ки материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | | 14,400.00 | 20,854.00 | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежување заМЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | | 12,000.00 | 12,123.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средствазао државање наканцелари јаМЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | | 9,600.00 | 9,466.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лицезачисте њена просториина МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | | 36,000.00 | 29,000.00 | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуникаци ски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 24,000.00 | 24,000.00 |
| **6.Специфичнит рошоци поврзанисо проектот** | | | | | | **187,660.00** | **77,870.00** | **265,530.00** | 261,878.00 | **0.00** | **187,660.00** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.1 | Печатењен апромотивн иматеријал и(500 значки, 50 маици,стик ери) | единиц а | 39,160.00 | 1 | 1 | 39,160.00 | -517.00 | 38,643.00 | 38,643.00 | 0.00 | 39,160.00 |
| 6.2 | Трошоцизао свежувањеза организира ње нанастани | единиц а | 2,000.00 | 6 | 1 | 12,000.00 | | 12,000.00 | 10,730.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.3 | Организира њенанастан заДеннамла ди | единиц а | 35,000.00 | 1 | 1 | 35,000.00 | -8,350.00 | 26,650.00 | 32,950.00 | 0.00 | 35,000.00 |
| 6.4 | Театарскара ботилница-реквизити | единиц а | 9,000.00 | 1 | 1 | 9,000.00 | | 9,000.00 | 9,000.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| 6.5 | Медиаклуб (печатење навесник) | единиц а | 5,000.00 | 2 | 1 | 10,000.00 | | 10,000.00 | 11,400.00 | 0.00 | 10,000.00 |
| 6.6 | Креативенкл уб | месец | 3,000.00 | 6 | 1 | 18,000.00 | -9,066.00 | 8,934.00 | 6,351.00 | 0.00 | 18,000.00 |
| 6.7 | Активности на волонтерски клуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | -4,028.00 | 7,972.00 | 6,898.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.8 | Национална кампањаза младинскоу чество | единиц а | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | -20,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.9 | Спонзорира њена објави насоцијални мрежи | месец | 2,000.00 | 12 | 1 | 24,000.00 | -8,169.00 | 15,831.00 | 9,831.00 | 0.00 | 24,000.00 |
| 6.1 | Бордигри | единиц а | 5,000.00 | 1 | 1 | 5,000.00 | | 5,000.00 | 5,070.00 | 0.00 | 5,000.00 |
| 6.11 | Печатењена материјали | единиц а | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | | 3,500.00 | 2,100.00 | 0.00 | 3,500.00 |
| 6.12 | Семинарзав мрежувањес о Младински Центри - сместување и храна | единиц а | 2,700.00 | 20 | 2 | | 108,000.00 | 108,000.00 | 60,230.00 | 0.00 | 0.00 |
| 6.13 | Печатењепр омотивнима теријали | единиц а | 20,000.00 | 1 | 1 | | 20,000.00 | 20,000.00 | 68,675.00 | 0.00 | 0.00 |
| **7.Трошоцизаопр емувањена МЦО** | | | | | | **224,300.00** | **27,729.00** | **250,049.00** | 276,646.00 | **0.00** | **778,724.00** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ОХРИД (В1)
## 01.01.2023 - 31.12.2023

**Основни цели на оваа програма се:**

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на детската заштита и
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на процесот на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст.

**Активностите** на општина Охрид во областа на детската заштита во 2023 година беа насочени кон поттикнување, поддржување и помагање при остварувањето на целите на Програмата пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните проекти за 2023 година.

**Финансирање:** Активностите од областа на детската заштита планирани за 2023 година се финансираа од средства на Министерството за труд и социјала, од сопствени приходи на градинката и од донации. Најголемиот дел од тековните обврски детската градинка ги покрива од сопствените приходи и блок дотацијата.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2023)**

| Предвидена активност согласно програма | Степен на реализација со опис | Предвиден буџет согласно Програма | Потрошени средства |
|---|---|---|---|
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се одвива континуирано | 54.065.008,00 Блок дотација | 12.041.215,00 ден. блок дотација (1 квартал) 13.153.789,00 блок дотација (2 квартал) 14.137.585,00 (3 квартал) блок дотација 14.975.768,00 (4 квартал) блок |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | дотација |
| Режиски трошоци | Активноста се реализира континуирано | 7.474.105,00 блок дотација | 979.910,00 ден. блок дотација (1 квартал) 934.705,00 блок дотација (2 квартал) 359.839,00 ден. блок дотација (3 квартал) 4.818.267,00 (4 квартал) блок дотација |
| Прехрамбени продукти | Активноста се одвива континуирано согласно потребите | 11.582.004,00 Сопствен буџет | 2.237.660,00ден. сопствени средства (1 квартал) 3.337.309,00 сопствени средства (2 квартал) 2.260.280,00 ден. сопствени средства (3 квартал) 1.699.367,00 ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Дополнителен кадар ангажиран во градинката | Активноста се спроведува континуирано | 9.068.211,00 Блок дотација Буџет на општина Охрид | 671.917,00 ден. блок дотација и 1.798.230,00 ден. општински средства (1 квартал) 13.263,00 ден. блок дотација и 1.885.244,00 ден. општински средства (2 квартал) 274.634,00 ден. блок дотација и 1.816.526,00 ден. општински средства (3 квартал) 2.006.694,00 ден. блок дотација и 600.000,00 ден. општински средства (4 квартал) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тековно одржување на објектите и опремата | Активноста се спроведува континуирано | 977.629,00 сопствен буџет градинка | 332.328,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 95.630,00 ден. сопствени средства (2 квартал) 143.007,00 ден. сопствени средства (3 квартал) 198.212,00 ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Средства за хигиена | Активноста се спроведува континуирано | 782.168,00 Сопствен буџет градинка | 144.642,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 203.103,00 ден. сопствени средства (2 квартал) 184.423,00 ден. сопствени средства (3 квартал) 231.365,00 ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведува континуирано | 75.000,00 Сопствен буџет градинка | 9.440,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 14.160,00 ден. сопствени средства (2 квартал) 14.160,00 ден. сопствени средства (3 квартал) 14.160,00 ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените во градинката | Активноста се спроведува континуирано | 210.000,00 Сопствен буџет градинка | 100.000,00 ден. сопствени средства ( 3 квартал) 8.800,00 ден. сопствени средства ( 4 квартал) |
| | Активноста се спроведува континуирано | 848.757,00 Сопствен буџет на градинката | 192.536,00 ден. сопствени средства (1 квартал) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Материјали и ситен инвентар | согласно потребите | | 126.681,00 ден. сопствени средства (2 квартал) 314.550,00 ден. сопствени средства (3 квартал) 162.888,00 ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Канцелариски материјали,списанија,весници | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 289.229,00 Сопствен буџет на градинката | 50.230,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 85.721,00 ден. сопствени средства (2 квартал) 36.284,00 ден. сопствени средства (3 квартал) 102.040,00 ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Униформи и обувки | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 600.000,00 Сопствен буџет на градинката | 0(1,2,3 квартал) 280.840,00 ден. сопствени средства(4 квартал) |
| Договорни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 246.695,00 Сопствен буџет на градинката | 43.762,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 52.937,00 ден. сопствени средства (3 квартал) 0 ден (4 квартал) |
| Дератизација, дезинфекција, дезинсекција | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 88.000,00 Сопствен буџет на градинката | 0 43.885,00 сопствени средства(2 квартал) 0 (3 квартал) 53.260,00 ден. (4 квартал) |
| Закупнина за просториите од училиштата кои ги користи детската градинка | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 378.000,00 Сопствен буџет на градинката | 72.000,00 ден. сопствени средства (1 квартал) 108.000,00 ден. сопствени средства (3 квартал) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 90.000,00 ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 156.022,00 Блок дотација | 96.022,00ден. блок дотација (1 квартал) 60.000,00ден. блок дотација (2 квартал) 0 (3 и 4 квартал) |
| Семинари,огласи и др.оперативни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 272.000,00 Сопствен буџет на градинката | 63.648,00ден. сопствени средства ( 1 квартал) 54.104,00ден. сопствени средства (2 квартал) 84.020,00ден. сопствени средства (3 квартал) 68.360,00ден. сопствени средства (4 квартал) |
| Патни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 7.500,00 Сопствен буџет на градинката | 0 (1,2, 3 квартал) 7.500,00(4 квартал) |
| Надоместок за годишен одмор (К15) | Активноста е реализирна | 1.266.654,00 Блок дотација | 1.266.654,00 (4 квартал) |
| **Вкупно:** | | **88.386.982,00** | **18.733.540,00 (1 квартал) 19.963.709,00 (2 квартал) 19.886.245,00 (3 квартал) 26.584.175,00 (4 квартал)** |

**96,36% финансиски реализирано од планирано**

| V1 | | | |
|---|---|---|---|
| 930 | 65,930,000.00 | 65,790,262.00 | 99,79% |
| 630 | 6,100,000.00 | 6,100,000.00 | 100% |
| 787 | 16,356,982.00 | 13,277,407.00 | 81,17% |
| **Вкупно:** | **88,386,982.00** | **85,167,669.00** | **96,36%** |

**Број 08-2953/566** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2022-2024 ГОДИНА (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022-2024 година (ВА) за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/162** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2022-2024 ГОДИНА (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022-2024 година (ВА) за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/57** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2022-2024 (ВА)
## 01.01.2023 - 31.12.2023

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022 – 2024 година (ВА Програма) беа насочени кон реализација на капитални инвестиции во објектите на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид („Централна“, „Развигорче“, „Лихнида“, „Росица“ и „Билјана“) и групите формирани во други просторни услови во ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец, ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани, ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти и ООУ „Кочо Рацин“, на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники во воспитување и згрижување на децата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар воспитно-образовен процес претставува предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа Програма треба да овозможи современи услови за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, пријатни услови за децата и воспитувачите кои поголемиот дел од денот го поминуваат во градинката. Програмата е изработена во транспарентна и инклузивна постапка со вклучување на сите релевантни чинители и разгледување на сите предлози и идеи кои пристигнаа во рамки на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита. Со цел квалитетна изработка на Нацрт - програмата се оддржа и граѓанска трибина на која јавно со присутните релевантни чинители надополнети со граѓански организации и граѓани разговараа за потребите и можностите за капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“- Охрид.

Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022 – 2024 година (ВА Програма) на Секторот за образование, детска,здравствена и социјална заштита поставена на овој начин за тригодишен период овозможи услови за полесно работење а создаде и можности за бројни апликации пред меѓународни и домашни донатори. Активностите предвидени во оваа програма се финансираат од МТСП преку блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на градинката и од донации.

Предмет на овој извештај се активностите реализирани во 2023 година

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2023)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на тоалети и трпезарии и набавка на маси и столчиња за трпезарии и набавка на шкафчиња за објекти Росица и Лихнида | Изработен е проект со комплетна документација и аплицирано е до Центарот за развој на југозападен плански регион. Апликацијата е одобрена. | 7.100.000,00 Домашен донатор | |
| Набавка на аспиратор за кујната објект: Централна | Аспираторот е набавен и монтиран | 400.000,00 Буџет на општина Охрид | 400.000,00 ден (3 квартал) |
| Промена на електричната инсталација | Активноста е реализирана | 1.000.000,00 Буџет на општина Охрид | 999.891,00 ден општински средства (3 квартал) |
| Реконструкција на кујна објект – Централна | Градежните работи се завршени. | 1.800.000,00 Сопствени средства | 0 (1,2 и 3 квартал) 1.100.000,00 ден. (4 квартал) |
| Набавка на кујнска опрема,машини за перење и клима уреди ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’ | Набавени се дел кујнска опрема и клима уреди согласно потребите на градинката | 680.000,00 Сопствени средства | 0 (1,2 и 3 квартал) 598.148,00 ден. (4 квартал) |
| **Вкупно:** | | **3.880.000,00** | **1.399.891,00 (1,2 и 3 квартал) 1.698.148,00 (4 квартал)** |

**79,85% реализирано од планирано**

| VA | | | |
|---|---|---|---|
| 930 | 0.00 | 0.00 | 0 |
| 630 | 1,400,000.00 | 1,399,891.00 | 99,99% |
| 787 | 2,480,000.00 | 1,698,148.00 | 68,47% |
| **Вкупно:** | **3,880,000.00** | **3,098,039.00** | **79,85%** |

**Број 08-2953/58**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за здравствена и социјална заштита за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/163** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за здравствена и социјална заштита за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (Т1)
# 01.01.2023 - 31.12.2023

Здравствената и социјалната заштита играат клучна улога во јакнењето на заедницата, како и поддршка на сите засегнати страни со цел подобар и поквалитетен живот на сите засегнати лица кои живеат на територијата на општина Охрид. Основните цели на Годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2023 година генерално се насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на здравствена и социјалната заштита и
- Изнаоѓање форми за утврдување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на здравствената и социјална заштита во 2023 година беа насочени кон поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма и употреба на сите неопходни мерки, средства и механизми кои се потребни за реализирање на активностите и проектите за 2023 година.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2023)**

| Предвидена активност согласно програма | Степен на реализација со опис | Предвиден буџет согласно Програма | Потрошени средства |
|---|---|---|---|
| Општинско корисна работа - „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца. Ангажирани 10 образовни асистенти во средните училишта | Со почетокот на новата учебна година општина Охрид поднесе апликација и повторно доби проект за реализација на оваа активност заедно со УНДП. За таа цел во рамки на средните училишта во општина Охрид се ангажирани 10 образовни асистенти кои работат со ученици со потешкотии во развојот. | 696.000,00<br>412.500,00<br>Буџет на општина Охрид и средства на УНДП | 567.600,00 (1 квартал)<br>128.400,00 (2 квартал)<br>0 (3 квартал)<br>82.500,00 (4 квартал) |
| Субвенционирање на трошоци за | Објавен е јавниот повик и извршена е | 2.438.200,00<br>Буџет на општина | 146.235,00 (исплатени се ф-ри од минатата година) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| комунални услуги | евалуација на пристигнатите барања. Градоначалникот донесе решенија за субвенционирање на трошоци за комунални услуги, завршена е комплетната процедура | Охрид | 334.046,00 (2 квартал)<br>1.124.030,00 (3 квартал)<br>338.333,00 (4 квартал) |
| ЗГ „Зраци„ – Охрид „Поддршка на дневен центар на лица со интелектуална попреченост„ | Проектот е завршен. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Активностите се завршени | 700.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 200.000,00 (1 квартал)<br>200.000,00 (2 квартал)<br>200.000,00 (3 квартал)<br>100.000,00 (4 квартал) |
| ЗГ „Добротољубие 2014„<br>Дневен центар за згрижување на лица со попречености во рамки на црквата „Св. Ѓоргија„ Охрид | Проектот е завршен. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 120.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 60.000,00 (1 квартал)<br>60.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ Ретко е да си редок „Реткоста инспирира„ „Подигање на јавната свест за постоење на ретките болести и | Се спроведуваше врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на | 150.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 150.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| предизвиците со кои се соочуваат пациентите со ретки заболувања„ | граѓани од обласга на социјалната заштита. Проектот е завршен и е доставен финален извештај | | |
| Владо Горичан дипл. Физио и ерготерапевт Набавка на специјални тренинг комбинизони (Eurosuit) | Проектот е реализиран. | 172.200,00<br>Буџет на општина Охрид | 172.200,00 |
| Здружение на слепи лица Охрид „ Активности на слепите лица на полето на спортот, културата и рекреацијата„ | Проектот е завршен. | 50.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0<br>50.000,00 (2 квартал) |
| ЗГ на „Глуви и наглуви лица„ „Социјализација на Глувите лица Охрид во локалната самоуправа за 2023 година„ Обука за знаковен јазик и останати активности на здружението | Проектот е реализиран. | 40.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 40.000 денари (3 квартал) |
| ОО Црвен крст Охрид „И менталното здравје е важно!„ | Проектот е завршен. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 50.000,00 (1 квартал)<br>50.000,00 (4 квартал) |
| Здружение на граѓани за еднаква | Се спроведуваше врз основа на | 240.000,00<br>Буџет на општина | 240.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| застапеност на лица со посебни потреби во медиумите „СОС Балкан медиа„ Охрид „И ние можеме„ | јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектот е завршен и е доставен финален извештај | Охрид | |
| ЗГ „В.О.П.С. Поддршка„ Охрид „Активности за ставање во функција на инклузивната игротека„ во рамки на просторот кој е доделен во Старата касарна во општина Охрид | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 160.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 80.000,00<br>80.000,00 (4 квартал) |
| ЗГ „Инклузија„ (заедно со ТВМ Охрид) „Информација за секого без предрасуди„ Вести за глуви и наглуви лица | Проектот е во тек. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 50.000,00<br>50.000,00 (4 квартал) |
| Финансиска поддршка за центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој. Мерката е наменета за деца кои потекнуваат од социјално загрозени | За реализација на оваа активност беше објавен јавен повик за финансиска поддршка на граѓанска организација која работи на територијата на | 432.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 432.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| семејства | општина Охрид и координира Центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој и аутистичен спектар. Средствата треба да се наменети исклучиво за поддршка на семејства од социјален ризик и теба да овозможуваат намалување на трошоците на овие семејства кон Центарот. Согласно јавниот повик беше избрано Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој | | |
| Образовен додаток за студенти | Активноста е реализирана | 396.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 228.000,00 (4 квартал) |
| Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државни и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби | Беше објавен конкурс за доделување на стипендии. Стручна комисија го разгледа пристигнатите пријави и му предложи а Градоначалникот да склучи договори со избраните лица. Активноста е комплетно реализирана | 828.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 460.000,00 ( 1 квартал)<br>368.000,00 (2 квартал) |
| Еднократна финансиска поддршка за | За првпат оваа година доделена е финансиска | 110.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 90.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „згрижувачки семејства„ (финансиската поддршка се дава по згрижено дете и изнесува 10.000,00 денари) | поддршка на згрижувачки семејства од општина Охрид во знак на поддршка на овој процес. | | |
| Набавка на социјални пакети | Активноста се одвива контиунуирано согласно потребите | 50.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст кое не е примател на стипендија или друга помош од општина Охрид | За првпат оваа година доделена е еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст. На 6 семејства од општина Охрид им се доделени по 15.000 денари | 90.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 90.000,00 |
| ЗГ „Тајните на моето срце„ Охрид „Социјализација и инклузија на деца со ПОП | Проектот е завршен. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 150.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 75.000,00<br>75.000,00 (4 квартал) |
| **Извршување** | | | 1.000.181,00 |
| **Вкупно:** | | **7.427.900,00** | **2.862.235,00 (1 квартал)<br>1.141.046,00 (2 квартал)<br>1.364.030,00+1.000.181,00 (извршување) (3 квартал)<br>1.003.833 ( 4 квартал)** |

**85,77% финансиски реализирано од планирано – реална реализација**
**99 % реализација заедно со извршување**

**Број 08-2953/60** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година

**Број 09- 2953/164** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/61**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА**
**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен- обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2023 – 31.12.2023 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка„Јасна Ристеска“,основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**

Со ѕвезди во рацете и пеење на коледарската песна Вечниот Бог, повеќе од 800 деца од Охрид беа дел од годинешната Бадникова литија и предвесници на Христовото раѓање.

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**
- Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, во духот на верата и традицијата се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **“Богојавление – Водици“;**
  По завршувањето на Богојавленскиот водосвет, точно на пладне на градскиот плоштад се одржа концерт на етно составот „Чалгија Саунд систем“ кои во духот на празникот ги веселеа бројните туристи од Р.Македонија и регионот, а на Сараиште беше одржано свето крштение кое со години наназад претставува интересна специфика за Охрид како Ерусалим на Балканот.
- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од **смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на традиционалната културна манифестација “Прличеви беседи”.**

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување.

Со доделувањето на наградата за најдобра поема на лауреатот Зоран Анчески и претставување на поемата „Коњски житија“ на малата сцена во НУЦК „Григор Прличев“ започнаа свеченостите на годинешните „Прличеви беседи“.

На вечното почивалиште на ловороносецот, во дворот на црквата Света Богородица Перивлепта беше одржана панихида во чест на Григор и Кирил Прличеви.

Во спомен- куќата на Григор Прличев беше одржана традиционалната манифестација „Стихови и звуци за Прличев“ на која за вонвременското значење на Прличев беседа одржа проф. Александра Ѓуркова.

На свеченоста беа доделени и пофалниците за првонаградените ученици на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“ во чест на својот Патрон.

Како дел од чествувањата во библиотеката „Григор Прличев“ се одржа и традиционалната „Прличева визита“ на која беше прогласена најдобрата беседа за 2023 година на тема: „Прличев и ние“, а се одржа и промоција на аудио- засписот „Душевните очи на Григор Прличев“ од академик Анте Поповски.

- Во соработка со Завод и музеј од Охрид, п.е на Историскиот архив и основните училишта, со полагање цвеќе пред родната куќа на гемиџијата и свечена програма во спомен- куќата на Христо Узунов,одбележана е 115 **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**
- Во НУ Библиотека „Григор Прличев“, во организација на здружението на граѓани „Креативна верига“ , а со поддршна на Општина Охрид, за прв пат беше организирана манифестација на еминентниот поет и писател за деца,охриѓанецот Тоде Илиевски.
  Во негова чест беа доделени наградите од распишаниот конкурс за најдобра необјавена песна за деца.
- На 24.03.2023 година беше промовирана книгата **„Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика**“ од проф.д-р Димитар Пандев во издание на општина Охрид.
  Книгата е издадена во тираж од 300 примероци и во неа на 370 страници се поместени осврти, текстови и други објави од книжевната критика за поезијата, книгите и творештвото на овој истакнат охридски и македонски поети, кои се напишани од страна на врвни писателски имиња од Македонија и странство.
- Маскирани, во супер херои во маски од своите омлени ликови, принцези, самовили, пирати и во сите најпознати цртани ликови, најмладите охриѓанчиња денеска беа главни ѕвезди на Првоаприлскиот хепенинг под маски кој по повод **Меѓународниот ден на шегата** се одржа на градскиот плаоштад „Св. Климент Охридски “.
- Во организација на општина Охрид и Исламската верска заедница – муфтиство од Охрид се одржа традиционалната манифестација **Ифтарска вечер.**

Општина Охрид во соработка со ЈП Градски пазар на 13.04.2023 година го организира традиционалниот Велигденски базар проследен со концер и музичко сценски перформанс на охридските културно – уметнички друштва.
На базарот зедоа учество сите заинтересирани фирми, занаетчии, слаткари, пекари, уметници, производители на охридски и македонски традиционални јадења и дру.

Во забавниот дел од настанот настапија КУД „Ѓердан од бисери“, КУД „Ѓердан“, КУД „Отекс“, КУД „Фаланга“, КУД „Филиграни“, КУД „Илинден“, учесниците на детскиот музички фестивал „ Распеано рибарче“, малите ѕвездички со КА - Двојче, најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ и учениците од општинските основни и средни училишта.

Велигденскиот концерт и велигденскиот базр беа од хуманитарен карактер а дел од собраните средства од продажба на производите беа донирани онаму каде што е најпотребно, токму во духот на големиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден.

- Во организација на Здружението Мултикултурна интернационална организација за фолклорни фестивали – МИОФФ, а со поддршка на општина Охрид се одржа традиционалниот **фолклорен фестивал „ Велигденски фестивалски денови“.** На фестивалот зедоа учество над 200-те у чесници од Македонија, Србија, Грција, Босна и Херцеговина, Бугарија, Турција и др земји.
- Со полагање свежо цвеќе пред спомен- обележјето на илинденците во градскиот парк беше обеежана **годишнината од смртта на охридскиот револуционер Методи Патчев.**
- Со пригодна свеченост, полагање цвеќе и културно – уметничка програма во с. Ливоишта беше одбележана **годишнината од загинувањето на македонскиот бранител Благојче Крстаноски-** првата жртва на вооржените сили во независна Македонија, чесно, пожртвувано извршувајќи ја својата должност во одрбрана на медалот за храброста од претседателите Борис Трајкоски и Ѓорѓе Иванов.
- Со полагање цвеќе беше одбележана годишнината од смртта на војводата, учителот и револуционерот **Христо Узунов.**
  **ООУ „Христо Узунов“** достојно го прослави својот патронен празник а во спомен-куќата на Узунов беше организирана и пргодна свеченост.
- Под покровителство на Општина Охрид на 19-ти мај во НУЦК „Григор Прличев“ се одржа 24-то издание на **традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.**
- Со пригодна културно – уметнчка програма, полагање свежо цвеќе и доделување награди на учениците кои освоиле први места на регионални, државни и меѓународни натпревари се одбележа 24-ти мај – **Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј.**
- Во црквата Св. Софија во чест на сесловенските просветитеУметниците во чест на светите браќа Кирил и Методиј беше одржан настанот Уметниците во чест на светите браќа. Во рамките на овој проект настапија учениције од ОМУ Методи Патче во класата на проф.Даниел Чурскоски и младата охридска пијаниста Викторија Митеска. Исто така во рамки на свеченоста за животот и делото на сесловенските просветители беседешепроф. Д-р Димитар Пандев, а беше отворена изложбата на фотографии **„Охрид во духот на средниот век“** од Славчо Малезанов**.**
- Под покровителство на општина Охрид, во катедралната црква Св. Софија се одржа традиционалниот меѓународен фестивал „**Охридски бисери“.** Фестивалот траеше 10 дена со натпревари од сите видови инструменти.
- Општина Охрид беше вклучена во **реализација на проектот „Мала ноќна музика“** чиј носител беше збратимениот град Крагујевац од Србија.

Покрај Охрид партнери на проектот беа и градовите Бар- Црна Гора и Фоча –Босна И херцеговина.

Како дел од активностите на проектот кој се реализира во период од 2-ри до 5-ти јуни 2023 година во Крагуевац се одржаа работилници за Менаџмент во културата и две концертни вечери на кои настапија младите охридски флејтисти Даниела Петкоска, Светлана Богданоска Ристоски, Моника Стојкоска и Ана Матеска. Целта на проектот беше да се продлабочи пријаелството помеѓу збратимените градови. Проектот беше финансисран од Фондот за Западен Балкан, Општина Охрид, Општина Крагуевац и музичкиот центар од Охрид и „Културолошка иницијатива 5 до12“.

- Во просториите на општина Охрид во издание на градоначалникот на општина Охрид **беше промовирана збирката поезија„Тие доаѓаат“**создадена од учениците од основните и средните училишта во Охрид во тираж од 200 примероци. Книгата е поделена во два дела и тоа прв дел се песните од учениците од основните и средните училишта, додека вториот е резервиран за учениците од средните училишта. Збирката вкупно брои 55 песни од кои 43 се од основнците а 12 од средните училишта. Промотор на книгата беше Славе Ѓорѓо Димоски, а главен и одговорен уредник Митре Велјаноски.
- Со почетокот на летото и летната сезона во Охрид започна и второто издание на винскиот фестивал **„Ohrid wine festival“.**

Од 22 јуни до 24 јуни на ул.Кеј Македонија, на платото пред хотел Палас три дена во Охрид се дегустирапе убаво македонско вино, надополнето со македонска музика за сите генерации. Покровител на фестивалот е општина Охрид, а истиот е организиран од Крафт продукција**.**

- Со концертот Од колено на колено од маестро Александар Јовески, во организација на Здружението на граѓани Арт пријатели, а под покровителство на општина Охрид се одржа второто издание на **Етно фестивалот во Охрид.**
- На 21 јуни во организација на здружението за култура Арт ви венди а под покровителство на Општина Охрид се одржа проектот **Заборавениот звук во чест на Климе Садило . Со реализација на овој проект Охрид се одолжи на големиот мајстор на виолина, виртоузот Климе Садило.**
- Со почетокот на летото како предвесник на туристичата сезона запозна второто издание на Фестивалот на виното и музиката Ohrid wine festival на кој во период од 22 до 24 јуни охриѓани имаа можност да уживаат во убавото вино и преубавата македонска музика.
- На 01.07.2023 година во кафе бар Босфор во охридската чаршија се одржа промоцијата на книгата „Пловните објекти и веслањето низ историјата на Охридското Езеро и пошироко во Македонија“ од Здравко Тупаре. Книгата беше издадена со финансиска поддршка на Општина Охрид.
- На големата сцена во НУ Центар за култура Григор Прличев, се одржа 62-то издание на **Балканскиот фестивал на народни песни и игри**.

Шеесет и двегодишната културна манифестација, препознаена и призната од УНЕСКО, на која продефилирале над 60 илјади уметници во четирите фестивалски вечери, низ игра и песна ги раширија универзалните вредности на фолклорот и интеркултурното разбирање на различните балкански народи.

На ова шеесет и прво издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри настапија културно – уметничките друштва и ансамбли од Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина.

- Општина Охрид во рамките на Програмата за култура ја реализира театарската престава за деца **Во домот на Волшебникот.**
  Преставата беше работена наменски и беше посветена за најмладите охриѓанчиња и туристите.
  Со претставата актерите испратија порака Со насилство НЕ, со дружба може Се.
  Во преставата низ комичен, едукативни, педагошки елементи и интеракција на децата актерија ја пренесоа пораката дека само преку искрен и другарски пристап може да се успее во општеството.
- Во Куќата на Уранија со поддршка на општина Охрид беше отворена **изложбата на стари фотографии на Јонче Поп Стефанија** кој на еден убав уметнички начи го долови животот во Охрид во периодот од 1940 до 1945 година. Изложбата ја изработи универзитетскиот професор Роберт Јанкулоски. Фотографиите изработени од негативите на познатиот охридски сликар станаа сведоци на животот на обичниот човек во Охрид пред почетокот на Втората светска војна, исчистени, препакувани, дигитализирани и дигитално реставрирани негативи од фотографската збирка на Поп Стефанија.
- Со настапот на светската оперска дива Ангела Георгиу придружувана од симфонискиот оркестар на Националната опера и балет под диригенската управа на Чипријан Теодорашку на сцената на античкиот театар,се отвори 63-то изда ние на најреномираниот фестивал **Охридско лето.**
- Од 19-ти до 23-ти јули во Охрид се оддржа шестото издание на Фестивалот на нов европски филм **Beach film festival** кој оваа година понуди многу филмски проекции, мастер класови и музички перформанси на четири локации во Охрид и тоа: Плажа Славија, Сараиште, Брод Армада, МЦ Охрид.
  Љубителите на филмот имаа можност да погледнат 8 долгометражни играни филмови, 16 краткометражни, 9 студентски,5 француски и 4 специјални филмски проекции**.**
- Под покровителсто на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, во период од 20-ри до 28-ти јули, се одржа **дванаесетото издание на културно – забавната манифестација “На зајдисонце во Трпејца**” кое понуди низа содржини со кои го привлече вниманието на гостите и домаќините кои летува во Трпејца.
  Во рамките на оваа манифестација која низ годините стана препознатлива како за месното население,така и за граѓаните и туристите.
  Во богатата програма на манифестацијата настапија еминентни имиња од културниот и општествениот живот од Охрид и Македонија.

- По налог на Одделението за култра, екипите на ЈП Градски гробишта з ги завршија активностите за **санација на споменикот на писателот А Ден Долард** во холандскиот парк што се наоѓа на кеј Македонија на брегот на Охридското Езеро.

- Во издание на општина Охрид беше промовирана книгата „Охридскиот XIX век“ од авторите проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на општина Охрид во рамките на програмата на општина Охрид за одбележување на јубилејот 120 години Илинден
  Промотор на книгата беше проф.д-р Лилјана Гушевска.
- Со полагање свежо цвеќе оред спомен – бистите на хероите од двата Илиндена, општина Охрид, достојно го одбележа **2-ти Август – Денот на Републиката.**
  Делегација на Општина Охрид се поклони и положи свежо цвеќе пред спомен – обележјето на илинденците во градскиот парк во Охрид, спомен-обележјето кај Прентов мост и спомен – обележјето во с.Велгошти каде се одржа целовечерен концерт на КУД Филиграни од Велгошти.

- Со пригодна свеченост во Пештани започна културно лето во Пештани – манифестација која ја организира Здружението на граѓани „ Арте Азура“ со поддршка од општина Охрид.
  Неколкудневната манифестација беше збогатена со концерти, ликовни изложби, изложби на ракотворби, работилници.
- На денот на Свети Климент Охридски –летен во Куќата на УРАНИЈА се одржа свеченост на која беше врачена наградата за хуманизам на лауреатот Виктор Фридман.
  На манифестацијата свечени обраќања имаа проф.д-р Никола Јанкуловски, минатогодишниот добитник на светската награда за хуманизам, Далимир Хајко, претседателот на МАНУ академик Љупчо Коцарев,градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков.
  Манифестацијата која е од светски карактер се реализира со поддршка на Општина Охрид.
- Во организација на Општина Охрид и МЗ Велгошти и ООУ „Живко Чинго“ се одржа традиционалната културна манифестација **“Вечер на Живко Чинго”**, на која беше доделена наградата за најдобар кус расказ.
  Лауреат на годинешната културната манифестација во чест на Чинго беше проф.Иван Антоновски.
  Извадоци од творештвото на Чинго интерпретираше проф. Валентина Божиновска,. Манифестацијата беше збогатена со културно – уметничка програма вокоја настапија група Везилка и членовите на ТЦ Соната.
- **На 56-та по ред Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик**, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, беа промовирани книгите: Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во македонската и светската книжевна критика и Книга за светите браќа Климент и Наум Охридски во издание на Општина Охрид.
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани„Поетска ноќ во Велестово”, се одржа годинешното 35-то Јубилејно издание на **културната манифестација” Поетска ноќ во Велестово”.**
- Под покровителство на општина Охрид, а во организација на Здружението Охридски хор, во период од 26ти до 29ти август се одржа четиринаесетото

издание на **Охридскиот хорски фестивал** на кој зедоја учество на над 20 хорови од Македонија и регионот.

- Во месец август под покровтелство на општина Охрид а во организација на Здружението за култура и литература Мацково, по 5-ти пат се одржа **Балканско – детски поетски камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“ .**
- Во предворјето на црквата света Софија во Охрид во целосна организација на општина Охрид започна **Охридскиот џез фестивал**.
  Во двете фестивалски вечери учество зедоа охридските музичари Ансамбл Билјана, Горан Папазоски, Џон Илија Апелгрин и мн други.
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, од 2 до 6 септември, во Трпејца, се одржа второто издание на **Меѓународната уметничка колонија “Трпејца 2022” г.**
- Со поддршка на Општина Охрид, во предворјето на Св. Софија се одржа **традиционалниот осмосептемвриски концерт на Ансамблот „Билјана“ насловен како Една песна – една приказна.**
- Пред спомен-обележјето т.н Солзата на Роза, лоцирано на пешачката патека кај каналот Студенчишта**, беше одбележана годишнината од потонувањето на бродот Илинден**.
- Со полагање цвеќе пред псомен-обележјето на востаниците беше одбележан јубилејот 110 години од Охридското востание.
- Со полагање цвеќе пред спомен – обележјата во градскиот парк и читање на пораката за мир од генералниот секретар на Обединети нации се одбележа **Меѓународниот ден на мирот.**
- Во организација на НУ Центар за култура „Григор Прличев”, а со поддршка на Општина Охрид, се одржа годинешното 35-то издание на културната манифестација **“Охридски староградски средби”.**
- Со поддршка на Општина Охрид на 6 октомври во големата сала на општина Охрид се одржа концертот **Балет на четири раце** на пијано дуото проф. Нина Костова и Ивона Базгалоска.Љубителите на музиката имаа можност да уживаат во изведба на прекрасни музички композиции од Чајковски, Рахманинов и Лангер.
- Со полагање свежо цвеќе пред спомен-обележјата од НОБ и пригодна свеченост одржана во големата сала на општина Охрид беше одбележан **11 Октомври – Денот на народното востание.**
- Со полагање цвеќе пред спомен-обележјата на револуционерите и пригодна свеченост Општина Охрид го одбележа **23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба.** Во рамките на програмата на општина Охрид за одбележување на јубилејот 130 години од формирањето на ВМРО беше промовирана книгата Отворено за македонистиката од проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на општина Охрид. Промотор на книгата беше проф.Бобан Карапејовски и Свето Стаменов.
- На 5 ноември во НУЦК Григор Прличев со поддршка на Општина Охрид се одржа целовечерен концерт на Фолклорниот ансамбл Отекс по повод 40 години од постоењето на овој Фолклорен ансамбл.

- Со полагање цвеќе пред спомен-обележјата на паднатите борци од НОБ и свеченост посветена на 79 годишнина од ослободувањето на Охрид, Општина Охрид го одбележа **7 Ноември – Денот на ослободувањето на Охрид.**
- Во рамките на тридневната програма на општина Охрид беше промовирана книгата Детска градинка Јасна Ристеска (краток историјата за периодот од 1950 до 1990) од авторот Никола Митровиќ во издание на Општина Охрид, додека пак во рамките на главната свеченост која беше одбележана во Младинскиот центар беше промовирана заедничката изложба на Фото клубот и Општина Охрид со фотографии инспирирани од убавините на Охрид. Изложбата е во трајна сопственост на општина Охрид.
- Со повечедневни чествувања Охрид го одбележа својот Патрон и Заштитник Св.Климент Охридски.
  - Со пригодна свеченост во рамките на Програмата на општина Охрид за одбележување на 8 Декември – Денот на Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид беше промовирана книгата Монофграфија Охрид и Охридско 1918-1929 година од авторот м-р Михаил Патчев. Книгата беше издадена со финансиска поддршка на Општина Охрид.
  - Ноќта спроти Свети Климента во НУЦК Григор Прличев се одржа свечена академија на која беше доделено највисокото општинско признание – наградата – Свети Климент Охридски – Патрон на Охрид на академик Јордан Плевнеш и повелбата Свети Климент Охридски –Патрон на градот на Христијана Парулеска, Поетска ноќ во Велестово и постхумно на Елеонора Чекреџи.
  - Исто така пред одржувањето на свечената академија во куќата на Уранија – МАНУ во соработка со Амбасадата на Република Словачка во Република Македнија беше реализирана изложбата По стапките на светите браќа Кирил и Методиј.
  - На 8 декмври општина Охрид се поклона пред светите мошти на Свети Климент Охридски во црквата Свети Пантелејмон на Плаошник, пред споменициите на светителот, просветителот и учителот во дворот на ООУ Св.Климент Охридски и на градскиот плоштад. На градскиот плоштад, точно на пладне беа доделени и најдобрите литературни творби на расшишаниот општински литературен конкурс по повод Патрониот празник.
  - Вечерта на 8 Декември во рамките на чествувањата на Патронот на Охрид беше промовиран документарниот филм на охридскиот режисер Илија Пиперкоски под наслов Раскажи песно – Охрид, Охрид убав мил.

- Во организација на општина Охрид на 22.12.2023 година, во очи на одбележувањето на годишнината од смртта на охридкиот революционер Петар Чаулев, во спомен – куќата на Христо Узунов беше отворена изложбата Лица на револуцијата: Изложба на необјавени портрети на на македонски револуцинери, односно, Лица на револуцијата 1893-1934 – изложба која одбележува три јубилеи:120 години од смртта на Гоце Делчев, 120 години од Илинденското востание и 130 години од основањето на Внатрешната македонска револуционерна организација.

- Во организација на општина Охрид, преку програмата за деца и младинци по повод Нова година се реализира четиридневна програма во која беа изведени претставите: Во светот на Биби и Боби, Далматинко и Дедо Мраз, Дружината на Снешко Белчо и Ракавиците на дедо Мраз. Најмладите охриѓанчиња и туристите уживаа во периодот од 28.12 до 31.12 на градскиот плоштад во Охридската новогодишна зимска бајка.

**Финансиски дел од извештајот**
За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.09.2023 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **10.254.912,оо,** од кои :

- **60.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „**Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.**
- **60.000 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј за одржување на традиционалниот **Василичарски карневал во с. Куратица ;**
- **600.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација **„Богојавление – Водици“;**
- **29.194,оо** денари се исплатени за годинешното издание на Прличевите беседи и тоа за откуп на примероци од Автобиографијата на Прличев на брајово писмо и за одржување беседа за Прличев од страна на проф. Александра Ѓуркова.
- **600,**оо денари се исплатени на НУБ Св.Климент Охридски за издавање на ЦИП –запис за публикацијата „Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика“ од проф.д-р Димитар Пандев во издание на општина Охрид;
- **150.000,оо денари** се исплатени на Здружението на еѓипќани Пирамида Зем за нивните програмски активности за 2023 година.
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен издавачи договор со авторот на книгата „ Охридски XIX век “, проф.д-Р Димитар Пандев;
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки договор со авторот на книгата „Охридски XIX век“, Славе Ѓорѓо Димоски ;
- **57.870,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки договор со профд-р Димитар Пандев, автор на книгата „Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика“
- **36.962,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки дговор со Гоце Илиески и Мимоза Илиеска,автори на претставите Дружината на Дедо Мраз и Снешко Белчо изведени на предновогодишната претстава за деца на градскиот плоштад.
- **30.000,оо** денари се исплатени на отец Ристе Наумоски за поддршка во печатење и издавање на монографијата за црквата Св. Спас во Лакочереј.
- **300.000, оо** денари се исплатени на Охридската академија на хуманизмот за поддршка на нивните активности за 2023 година.
- **20.000,оо** денари се исплатени на охридскиот спортист, почитуваниот Здравко Тупарески за поддршка во печатењето и издавањето ма книгата: „ Пловните објекти и веслањето низ историјата на Охридското Езеро“

- **50.000,оо** денари се исплатени на ЗГ Градски мешан хор „Вокс Лихнидос“ за реализација на програмските активности во тековната 2022 година.
- **30.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани „Креативна верига“ за новооснованата поетска манифестација во чест на охридскиот писател и поет Тоде Илиевски.
- **240.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Арт пријатели за поддршка за организација на второто издание на Охридскиот етно фестивал.
- **18.000,оо** денари се исплатени на Здружението од областа на коњичкиот спорт „Велгошка гордост“ за поддршка на традиционалниот карневал по повод верскиот празник Прочка, Емшири 2023 година.
- **30.000,оо** денари се исплатени на КУД „Ѓердан од бисери“ за поддршка на дел од програмските активности на КУД „Ѓердан од бисери“за 2023 година.
- **100.000,оо** денари се исплатени на НУЦК „Григор Прличев“ – Охрид, за поддршка на програмските активности на Охридскиот народен театар за 2023 година.
- **15.000,оо** денари се исплатени на охридскиот академски сликар Сашо Блажески за поддршка на неговиот изложба под наслов: „Помеѓу темните линии“ во Грац, Австија.
- **25.000,оо** денари се исплатени на младата охридска писателка Евгенија Веровска за поддршка во печатењето и издавањето на книгата: „Феникс во бурата“.
- **200.000,оо** денари се исплатени на ИВЗ – Охрид за организизација на традиционалната манифестација **„Ифтарска вечер“;**
- **30.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Охридски поетски бисер за организација на **традиционалната поетска манифестација „Охридски поетски бисер“**
- **100.000,оо** денари се исплатени на ОО на Сојузот на борци од Охрид и Дебарца за реализација на планираните програмски содржини за 2023 година.
- **40.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани „Арт вивенди“ за реализација на проектот Заборавениот звук во чест на **Климе Садило.**
- **60.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани „Ден и ноќ“ за реализација на музичко – сценската манифестација **„Малите ѕвездички со КА -2 двојче“;**
- **25.000,оо** денари се исплатени на Културн- уметничкото друштво Отекс фолк за поддршка во нивниот настап на меѓународниот фестивал во Германија
- **20.000,оо денари** се исплатени на детскиот музички фестивал СИ-ДО за нивни настап во СРЦ Билјанини извори на почетокот на учебната година;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението на музичари и изведувачи за реализација на детскиот фестивал **„Распеано рибарче“;**
- **15.350,оо** денари се исплатени на Митко Колушевски за поддршка во издавањето на неговата книга „**Стариот зимбил на дедо Бибмил“;**
- **20.000,оо** денари се исплатени на охридскиот академски сликар Сашо Блажески за поддршка во реализација на неговата изложба во Париз, Франција т.н Точка на илузија.
- **50.000,оо** денари се исплатени на м-р Михаил Патчев за поддршка во **издавањето на неговиот научен труд – книга Охрид во време на кралството на СХС;**
- **12.000,**оо денари се исплатени на Даниела Петкоска за настап на меѓународниот музички **проект Мала ноќна музика во Крагуевац**.
- **20.000,оо** денари се исплатени на Викторија Митевски за реализација на настанот **„Уметниците во чест на Свети Кирил и Методиј“** на 24.05.2023 година.

- **50.000,oo** денари се исплатени на ОО на Црвен крст за поддршка во театарскиот проект „Вдиши театар“;
- **50.000,oo** денари се исплатени на Меѓународниот фестивал на млади музичари „Охридски бисери“;
- **400.000,oo** денари се исплатени наНУ Охридско лето за поддршка на годинешното издание на реномираниот „Фестивал Охридско лето“
- **40.000,oo** денари се исплатени за промоција на книгата **„Тие доаѓаат“**во издание на општина Охрид;
- **100.000,**оо денари се исплатени на Институтот за култура и литература Култруа 365’за поддршка на нивните програмски активности за 2023 година;
- **1.200,oo** денари се исплатени на НУБ „Св. Климент Охридски за исплата за добивање цип – запис за книгите Поезијата на Славе Ѓорѓо Димоски во македонскта и светската книжевна критика и Тие доаѓаат во издание на општина Охрид**;**
- **30.000,oo** денари се исплатени на Наталис студио – Студио за модерен танц и класичен балет за поддршка на нивниот годишен концерт во месец јули;
- **20.000,oo** денари се исплатени за поддршка на изложбениот проект И Охрид имат пештери во Младинскиот центар во Охрид;
- **60.000,oo** денари се иплатени за реализација на традиционалниот велигденски базар проследен **со хуманитарен Велигденски концерт;**
- **40.812**, оо денари се реализирани од Договорот за набавка на услуги за печатење, копирање и издавање бр.09-4071/1 од 15.03.2023 година.
- **13.452, oo** денари се исплатени кон ЈП Градски гробишта за санација и одржување на гробот на доктор Елена Каваева.
- **41.017,oo** денари се реализирани за санација на споменикот на холандскиот писател А ден Долард од страна на ЈП Градски гробишта.
- **25.142,oo** денари се исплатени кон Летра дизајн –Охрид за услуги за печатење на книгата Охридскиот XIX век.
- **1.400.442,oo** денари се исплатени преку Аргил Агенција за уметниците кои настапуваа на Фестивалот на виното и музиката
- **20.000,oo** денари се исплатени на Здружението на граѓани „Театар хит“ за изведба на преставата „Во домот на волшебникот“;
- **60.000,oo** денари се исплатени на Здружението на граѓани Арте Азура за реализација на петото издание на културното лето во Пештани;
- **150.000,oo** денари се исплатени на „Културолошка иницијатива 5 до 12“ за реализација на програмата за работа за 2023 година;
- **50.000,oo** денари се исплатени на Здружението на граѓани „За Трпејца со љубов“ за реализација на културно – забавната манифестација **„На зајдисонце во Трпејца“**
- **30.000,oo** денари се исплатени на **Танцов Клуб Соната за** планираните танцови семинари, составен дел од програмски активности на Здружението за промоција на култура, спорт и образование -Младински културно – образовен центар “СОНАТА”.
- **70.000,oo** денари се исплатени **на Здружението на граѓани за реализација на годинешното издание на „Охридскиот хорски фестивал“;**

- **50.000,оо денари** се исплатени на Здружението за култура, литература **„Мацково3** за реализација на годинешното издание на **културната манифестација Поетски искри од огништето на Ванчо Николески;**
- **100.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани **„Поетска ноќ во Велестово“;**
- **16.704,оо денари се исплтени за Жири –комисијата за избор на најдобар расказ Живко Чинго 2023 година**
- **30.000,оо денари се исплатени на проф.Иван Антоновски – добитник на најдобар расказ Живко Чинго за 2023 година**
- **4.453,оо** денари се исплатени на проф.Валентина Божиноска за **–беседник за ликот и делото на Чинго на манифестацијата Вечер на Живко Чинго**
- **25.000,оо** денари се исплатени на Танцов кулб Соната за танцов перформанс на Културната манифестација **Вечер на Живко Чинго;**
- **4.453** денари се исплатени на **проф.Лилјана Гушевска –промотор на книгата Охридскиот XIX век.**
- **11.135,** оо денари де исплатени на Јованчо Димоски **– за техничко уредување на корицата на книгата Охридскиот XIX век;**
- **19.606,оо** денари се исплатени на проф. Дарко Мариновски – придружник на Илина Митреска – оперски рецитал по повод **Свети Климент Охридски – летен;**
- **22.269,оо денари се испалтени на “**
- **8.714,оо** денари се исплатени на Јован поп Стефанија за настап на **промоцијата на книгата Охридскиот XIX век;**
- **2.672,оо** денари се испалтени на Константина Крежевска и Александар Ковачески за модератори на **Охридскио џез фестивал;**
- **16.339,оо** денари се исплатени на познатиот македонски актер Сашо Ристовски и Магдалена Ризова за изведба на **претсавата за деца „Озо и Бозо“;**
- **32.678,оо** денари се исплатени на Александар Таламаноски за настап со кларинет во рамките на Програмата за празникот на **пресвета Богородица во Пештани.**
- **6.681,оо** денари се исплатени на проф. Валентина Божиноска за настап на промоцијата на книга Охридскиот XIX век.
- **100.000,оо** денари се исплатени на Фото клуб – Охрид за избор на фотографии со мотиви од Охрид, нивно уредување со стакло и паспарту хартија по повод 7 ноември.
- **80.000,оо** денари се исплатени на Охрид фест – Охридски трубадурии за годинешното јубилејно издание на фестивалот;
- **30.000,оо** денари се исплатени на Детското – драмско студио Цвет 75 од Охрид за поддршка на нивната годишна програма за работа за 2023 година;
- **20.000,оо** денари се исплатени на Марина Димовска за поддршка во печатењето и издавањето на книгата: збирката поезија „Моето место“.
- **27.232** се исплатени на Ансамбл Билјана за организација на традиционалниот концерт во чест на Андреј Лаброски.
- **60.000,оо** денари се исплатени на младата охридска сликарка Емилија Карадакоска за поддршка на нејзината изложба во предворјето на црквата Света Софија по повод 120 години од илинденското востание.

- **50.000,оо** денари се исплатени на Пик продукција за реализација на годинешното издание на фестивалот Beach film festival;
- **600,оо** денари се исплатени на НУБ Св. Климент Охридски за цип запис за книгата Охридскиот XIX век.
- **120.000,оо** денари се исплатени на ДООЕЛ Охридњуз за реализација на годинешното јубилејно 5-то издание на Летен маратон на комедии.
- **20.000,оо** денари се исплатени на црквата Воведение во Завој за организација на културно – народната манифестација;
- **50.000,оо** денари се исплатени на УКИМ за поддршка во организација на 56-та Меѓународна летна школа за македонски јазик;
- **30.000,оо** денари се исплатени на охридскиот академски кларинетист Петар Танески за годинешната Интернационална академија на кларинетисти .
- **50.000,оо** денари се исплатени на Ансамбл Билјана за одржување на дванасетото издание на традиционалниот концерт на по повод 8 Септември – Денот на независноста
- **90.000,оо** денари се исплатени за реализција на креативниот перформанс за деца Во светот на Биби и Боби;
- **300.000**, денари се исплатени за реализација на првото издание на Охридскиот џез фестивал,
    - **30.000,оо** денари Поддршка на проекти и програмски активности предвидена е реализација на проектот „Охрид и околината од високо“ со која што ќе биде промовирано и афирмирано охридското природно и културно наследство во меѓународни рамки.
- **30.000,оо** денари се исплатени на охридскиот музички изведувач Александар Таламаноски за негов настап во рамките на дводневните чествувања за празникот Успение на пресвета Богородица во Пештани.
- **50.000,оо** денари се исплатени на проф.д-р Димитар Пандев за книгата Отворено за македонистиката книга прва од проф.д-р Димитар Пандев и Свето Стаменов.
- **6.681, оо** денари се исплатени на Јованчо Димоски за техничко уредување на корицата на книгата Отворено за македонистичката
- **6.681, оо** денари се исплатени на доц.д-р Бобан Карапејовски за промотор на книгата отворено за македонистиката
- **5,500,оо** денари се исплатени на Свето Стаменов, уредник и новинар за книгата Отворено за македонистиката
- **5.500 денари** се исплатени на проф.д-р Наташа Котлар Трајкова за нејзин историски осврт по повод 23 октомври – Денот на македонската револуционерна борба.
- **3.000,оо** денари се исплатени на вокалистот Владо Костовски за негова изведба на химната на Република Македонија по повод 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба.
- **30.000,оо** денари се исплатени на македонскиот актер Сашо Ристовски за изведба на неговата престава за деца Далматинко и Дедо Мраз во рамките на Програмата на општина Охрид поповод Нова година.
- **40.000,оо** денари се исплатени на Гоце Илиески автор на музичкото шоу и претстава за деца и млади Дружината на Снешко Белчо.
- **20.000,оо** денари се исплатени на Црковниот одбор при храмот Свети Илија во Велгошти

- **20.000,оо** денари се испалтени на КУД Фаланга за организација на настанот посветен на Наум Цуклески- личност која има голем придонес во развојот и унапредувањето на образованието во Охрид во повоениот период.
- **20.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Ретко е да си редок за снимање на спотот за Ретката песна наменета за лицата со ретки болести – дел од Националната кампања за подгинување на свеста за овие лица
- **17.000,оо** денари се исплатени за Здружението за модерни танци Соната за поддршка на Меѓународниот натпревар по модерни танци одржан во Словенија
    - **22.000,оо** денари се исплатени на Фото клубот одОхрид за поддршка на проектот „25 –изложба на уметничка фотографија “ со каталог по повод Свети Климент Охридски – Патрон на Охрид.
- **30.000,оо** денари се исплатени на ФА Отекс Фолк – Охрид за поддршка во реализација на годишниот концерт 40 години од основањето на ФА Отекс фолк
- **60.000,оо** денари се исплатени на НИМО Охридњуз ДООЕЛ за поддршка во реализација на традиционалната музичко сценска манифестација Зимска бајка.
- **102.390,оо** денари се исплатени на Летра Дизајн по основ Договор за печатење, копирање и издавање бр.09-4071 од 15.03.2024 година
- **57.600,оо** денари се исплатени на Стаклара Лидер за набавка на услуги за врамување фотографии на охридските градоначалници 1944-2024 г.
- **6.666,оо** денари се исплатени за персонален данок на лицата –поетинци кои се ангажирани за учество во прграмските активности на општина Охрид.
- **20.000,оо** се исплатени за поддршка на проектот: „Вентолин 2 дена“ кој се состоеше од промоција на убавините на Охрид и музички перформанс од страна на познатиот охридски тапанар и музички уметник Никола Ристески заедно со малите ѕвездички со К-2.
- **30.000,оо ден**, се исплатени за реализација на планираниот музички проект на охридската музичка легенда Џеват Рамаданоски во соработка со градскиот мешан хор Вокс Лихнидос под наслов: „Охридски бисерни препеви“
- **20.000,оо** денари се исплатени за реализација на изложбата на фотографии под наслов И охрид имат пештери од Здружението на граѓани Спиридон Спелео, одржана во Младинскиот центар во Охрид.

**142.544,оо** денари се реализирани од Договорот за услуги и поддршка за реализација на планираните програмски содржини (озвучување и осветлување), заведен под бр.09-113168/1 од 30.08.2023 година.
**Останатите средства од Програмата за култура К4 во износ од 2.804.753,оо денари се извршени по основ судски извршни решенија.**

**Манифестациите поддржани од општина Охрид:**
Од вкупно 48 здруженија на граѓани и институции кои ги поддржува општина Охрид 13 се жени – претседателки на здруженија на граѓани, 35 се мажи
**Учесници во програмските активности на општина Охрид:**
Од вкупно 749 учесници во програмските активности на општина Охрид:
392 се жени, од кои 323 се девојчиња на возраст до 29 години;
357 се мажи, од кои 260 се момчиња на возраст до 29 години;

Општина Охрид преку прогамата за работа на одделението за култура се залага за афирмација на македонската култура, македонскиот фолклор, обичаите, традицијата и се она што е длабоко врежано во македонскиот културен идентитет.

Општина Охрид преку програмата за работа на Одделението за култура дава максимална поддршка на специфичните форми на творештво,

**Број 08-2953/62** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/165** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01. до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/63**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА

Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година бр.08-16213/77 од 28.11.2022 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, во текот на 2023 година се извршуваа тековни работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа и спроведување на активности и мерки за чување и унапредување на здравјето и безбедноста на вработените во општина Охрид, вклучувајќи заштита од професионални ризици, унапредување на условите за работа, прилагодување на работниот процес кон способноста на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, замајќи ја во предвид природата на работата. Сите активности од областа на безбедност и здравје при работа се превземаа со цел да се овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид, подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа, процена на секој вид на ризик за сите работни места, безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици, превентивни мерки за намалување на повреди на работно место, позитивна работна култура, подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

### 1. Реализирани програмски активности

Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи на општина Охрид, во периодот од 01.01.2023–31.12.2023 година согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година, ги реализира следните активности:

- Спроведена е тендерска постапка за Набавка од мала вредност бр.02174/2023 за Одржување, технички преглед и периодично испитување на лифт, при што Дел 2 Технички преглед и периодично испитување на лифт е предвиден во Програмата за безбедност и здравје на работа на општина Охрид за 2023 година. За спроведување на набавката е избран економскиот оператор ТЕХНИЧКИ

ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА ДОО Неготино со Одлука за избор на најповолен понудувач за дел 2 бр.09-2941/1 од 02.03.2023 година.

- На 19.05.2023 година се спроведе обука за давање прва помош и употреба на дефибрилатор, спроведена од Црвен Крст-Охрид за 15 вработени во општина Охрид, при што вработените се стекнаа со знаења за прва помош на работно место (отстранување на опасности, проценка на итноста и тежината на повредите, состојби кои бараат неодложна помош, безсознание, шок, крварење, рани, повреди на коски, изгореници, хемиски и електрични повреди, нега и транспорт на повредени, преврски, вештачко дишење, имобилизација, ракување со дефибрилатор итн.).
- Спроведена е тендерска постапка за Купување, сервисирање и обуки за ПП опрема за потребите на општина Охрид ТППЕ при што на 07.07.2023 година за Дел 1 Купување на противпожарна опрема-ТППЕ и општина Охрид е склучен договор со АРМОР ПЛУС ДОО увоз-извоз-Скопје бр.09-10914/1 од 07.07.2023 година, а за Дел 2 Сервисирање и испитување на ПП опрема и обуки за вработени-ТППЕ и општина Охрид е склучен договор со ТЕХНИЧКИ ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА ДОО Неготино бр.09-10906/1 од 07.07.2023 година.
- На 04.08.2023 година за потребите на општина Охрид е извршена набавка на ПП апарати за службени возила (7 ПП апарати S-2 и 1 ПП апарат S-6);
- На 30.08.2023 година за потребите на општина Охрид е извршено сервисирање и контролен преглед на ПП апарати (17 ПП апарати S-9 и 2 ПП апарат S-50, 4 ПП апарати СО2-5л) и испитување на 6 хидранти и 6 хидрантски црева;
- На 23.08.2023 година за потребите на општина Охрид е извршен технички преглед и испитување на патнички лифт и хидраулична платформа за превоз на патници;
- На 15.12.2023 година за потребите на општина Охрид е спроведена обука за противпожарна заштита за 11 вработени од страна на Технички институт Македонија од Неготино.
- Во текот на 2023 година вработени од општина Охрид присуствуваа на обуки за безбедност и здравје при работа, организирани од Конфедерацијата на слободни синдикати, но оваа програмска активност не повлекуваше финасиски импликации, а во Програмата за оваа програмска активност беа предвидени 10.000,00 денари.

**2. Нереализирани програмски активности**

- Изработка на проценка на ризик на работно место (по работно место)
- Изработка на Концептот на изјава за безбедност (по работно место).
- Обука на вработените за безбедност и здравје при работа - на 25 и повеќе вработени.
- Мерење на микроклиматски услови температура, влажност, стуење на воздух (по мерно место – моментгално – летно или зимско ) - до 25 мерни места.
- Мерење на Осветленост (по мерно место – моментално) - до 25 мерни места.
- Мерење на Бучава (по мерно место - Моментално) - до 25 мерни места.
- Редовно тестирање и контрола на работната опрема: (Машина). Парен котел
- Ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Законот за безбедност и здравје при работа;
- Дополнителни лекарски прегледи за работни места со зголемен ризик;

- Полнење на противпожарни апарати;
- Технички преглед периодично испитување на нисконапонска електрична инсталација.

## 3. Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини на Одделението за административно-техничка поддршка, за периодот 01.01.2023–31.12.2023 година, од Програма Е0 за:

- за спроведената обука за давање прва помош и употреба на дефибрилатор, потрошени се 21.000,00 ден. (Фактура бр. 49 од 29.05.2023 со архивски број 05-1/1031 од 30.05.2023 година);
- набавка на ПП апарати за службени возила, потрошени се средства во износ од 13.216,00 ден. (Фактура бр. 2300000711 од 01.08.2023 со архивски број 05-1/1476 од 03.08.2023 година);
- сервисирање и контролен преглед на ПП апарати и испитување на хидранти и хидрантски црева потрошени се средства во износ од 33,00 денари (фактура бр. 2104/2023 од 18.09.2023 со архивски број 05-1/1861 од 06.10.2023 година);
- технички преглед и испитување на патнички лифт и хидраулична платформа за превоз на патници потрошени се средства во износ од 14.160,00 денари (фактура бр. 2222/2023 од 03.10.2023 со архивски број 05-1/1860 од 06.10.2023 година);
- За спроведената обука за противпожарна заштита за 11 вработени од страна на Технички институт Македонија од Неготино потрошени се 9,00 денари (Фактура бр.3015/2023 од 27.12.2023 со архивски број 05-1/174 од 25.01.2024 година);

За 2023 година за Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид беа предвидени 452.039,00 ден., а вкупно потрошени средства од Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2023 година, Програма Е0, за периодот 01.01.2023–31.12.2023 година се 48.418,00 денари.

Заради лимитираност за буџетот на општина Охрид и заради честа присилна наплата останатите програмски активности не беа реализирани.

**Број 08-2953/64** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.012.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасување за 2023 година за периодот од 01.01. до 31.012.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/166** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Охрид од областа на заштитата и спасување за 2023 година за периодот од 01.01. до 31.012.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/65** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2023 година бр.08-17370/22 од 22.12.2022 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи од областа на заштита и спасување (следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на заштита и спасување, управувањето со кризи и одбраната, спроведување на мерки заради заштита и спасување на луѓе и добра од природни непогоди, координирање на активности во спроведување на мерките за заштита и спасување, ажурирање на проценката на загрозеност, ризици и опасности и ажурирање на планот за заштита и спасување од природни непогоди и др.несреќи, подготовка на просторните сили за заштита и спасување и др.активности), континуирана соработка со надлежните органи: Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, подрачните одделенија на сите ресорни министерства, Црвен крст и сите јавни претпријатија на подрачјето на општина Охрид, Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи во периодот од 01.01.2023–31.12.2023 година реализира значајни програмски активности.

1. **Реализирани програмски активности**

- Ажурирање на Проценката на загрозеност на територијата на Општина Охрид од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епитофии и други несреќи;

- Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на општина Охрид;

- Ажурирање на персоналниот состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид и просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид;

-Основна обука на Штабот за заштита и спасување и специјализирани обуки на просторните сили за заштита и спасување (универзална, за противпожарна заштита, за справување со поплави, земјотреси итн.) која беше спроведена од Дирекцијата за заштита и спасување на 22-23.05.2023 година, за која во Програмата беа да предвидени 27.000,00 денари, се реализира без финансиски импликации;

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2023 година, врз основа на потребите на граѓаните и на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

Во периодот 01.01.2023–31.12.2023 година Планинската спасителна служба на Црвен крст-Охрид ги реализираше следните позначајни активности :

- Тридневна акција за пребарување и спасување на 78 годишен сограѓанин во координација со СВР Охрид, кој на 21.01.2023 година беше пронајден починат по пад во провалија длабока 30-ина метри, во близина на селото Расино. Тимот на ПСС асистираше со (свои човечки, материјални и технички ресурси) на надлежните институции за безбедно

изведување на увидната постапка и по завршување на истата, изврши извлекување на телото од провалијата.

- Во периодот од 25 јануари до 31.03.2023 година, реализирани се 22 интервенции од вкупно 37 повици за евакуација на лица кои со своите возила беа заглавени во снежните наноси на планинскиот превој на Галичица. Дел од овие итервенции, во кооординација со ПСС ги изведуваа ренџерската служба на НП Галичица, ТППЕ Охрид и ТППЕ Ресен. Ваквиот вид на интервенции повлекуваат ангажман на поголем број човечки и технички ресурси, а се предизвикуваат поради несовесноста на одредени граѓани, кои и покрај забраната за користење на овој премин, во периодот од 15 ноември до 31 март, сепак се обидуваат со возила да го поминат превојот и најчесто заглавуваат во високите снежни наноси.

- Покрај оперативните теренски активности, во првиот квартал беа спроведени бројни подготвителни активности во однос на претстојната летна туристичка сезона, редовни тренинзи и курсеви за освежување на знаењата на припадниците на ПСС.

- Во првиот квартал од 2023 година беа извршени редовни и вонредни сервисирања на возилата, а беше комплетирана и постапката за вклучување во мрежа на поставената фотонапонска електрична централа на зградата од ПСС.

-На 28.04.2023 година се превземени активности од страна на ПСС, постапено по повик за повредена жена-велосипедист помеѓу селата Коњско и Шипокно на земјениот пат. По мобилизација на ПСС се достави информација дека возило на Првата помош е веќе упетено на терен и од ПСС беше побарано само прецизно наведување на возачот за пристигнување на местото, во согласност со координатите кои ги утврди нашиот оперативен центар.

-На 20.05.2023 година, се превземени активности од страна на ПСС по добиен повик во 13.30 часот за несреќа на странски државјанин со АТВ кај месноста Суво Поле на планината Галичица, беше интервенирано со едно возило и тројца членови на ПСС. Повредениот со скршена клучна коска беше имобилизиран и транспортиран во ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо” – Охрид.

- На 19.06.2023 година, по добиен повик во 21.00 часот за исчезната жена во реонот над село Горно Средорече, Општина Дебрца, беше интервенирано со две возила, седум членови на ПСС и екипа од здружението „Куче спасител”. Беше спроведена повеќечасовна потрага која беше прекината околу 1.00 по полноќ. Во договор со роднините и месното населени беше договорено истата да продолжи рано утрото. Околу 7.00 часот ПСС доби информација од нејзните роднини дека жената е пронајдена жива.

- На 20.06.2023 година, по добиен повик во 12.00 часот за повреден тркач кај местото викано Поник над селото Велестово беше интервенирано со едно возило и тројца членови на ПСС. На лицето со повреди на десното колено му беше укажана прва помош. Заради лесните повреди беше транспортиран до својот дом.

- Покрај оперативните теренски активности, во вториот квартал беа спроведени редовни тренинзи и курсеви за освежување на знаењата на припадниците на ПСС во пресрет на летната туристичка сезона.

- Во текот на месец мај е продолжена соработката со Армискиот ВИНГ која беше воспоставена во 2021 година. Започнати беа подготвителни активности за организација на заедничка вежба и Отворен ден за презентирање на заедничките капацитети во месец јули.

- Од 1-ви јуни, со договор за повремено ангажирање на пола работно време се ангажирани и три припадници на ПСС, со цел обезбедување на поголема мобилност и координираност на службата во иднина, особено во пресрет на летната туристичка сезона.

- Во вториот квартал од 2023 година беа извршени редовни и вонредни сервисирања на возилата.

- Во текот на месец јули Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид ја продолжи соработката со Армискиот ВИНГ која беше воспоставена во 2021 година. Започнатите подготвителни активности во текот на месец мај резултираа со организација на заедничка вежба на 06.07.2023. На истата беа увежбувани процедури и техники за спасување на повреден со асистенција на хеликоптер. На 05.07.2023 беше организиран Отворен ден на кој пред јавноста и децата од предучилишна возраст беа презентирани заедничките капацитети.

- На 07.07.2023, во 17.30 од домарите во планинската куќа Спиридон” на Галичица, ПСС добила пријава за исчезнато лице од Албанија кое околу 19.50часот е најдено на регионалниот пат за Ресен.

- На 09.07.2023 Планинската Спасителна Служба со еден тим, стациониран во планинската куќа Спиридон” на Галичица, го обезбедуваше велосипедскиот настан "Тур де Галичица".

- На 18.07.2023 година ПСС прими повик за асистенција при извлекување на возило на австриски државјани кај Суво Поле на планината Галичица, при што успешно интервенираше еден тим составен од двајца членови.

- На 23.07.2023 година, во 16.20 часот ПСС прими повик за повреден американски државјанин на Галичица. Интервенираше тим со двајца членови, а по пристапувањето до местото, на повредениот му беше имобилизиран зглобот и безбедно беше спуштен до планинарскиот дом Спиридон.

- На 02.08.2023 година, во 15.15 часот ПСС прими повик за повреден параглајдерист на Галичица, под врвот Лако Сигној. Интервенираше тим од пет члена. Во меѓувреме беше обезбеден хеликоптер на Министерството за внатрешни работи кој по имобилизацијата од страна на тимот за спасување, повредениот го пренесе на скопските клиники.

- На 20.08.2023 година, Центарот на Планинската Спасителна Служба беше домаќин на средба со министерот за локална самоуправа Ристо Пенов. На средбата беа презентирани капацитетите со кои располага Службата и нејзините активности. Воедно, се разговараше и за состојбите со планинското спасување во државата и потребата од системско решение во оваа сфера.

- На 05.09.2023 година, инструкторите на Планинската Спасителна Служба одржаа обука за припадниците на Противпожарната единица од Охрид. Обуката се одржа во тренинг центарот на ПСС. На истиот беа презентирани техники за користење на техничка опрема за лична безбедност во непристапен терен, односно вертикала. Воедно беа обновени знаењата за основните техники за користење лична опрема во нетехнички, пристапен терен.

- На 05.08.2023 година, ПСС прими повик од полиција за сообраќајна несреќа на патниот правец Охрид-Ресен, каде пристапи еден од членовите на ПСС кој се најде во непосредна близина до местото, при што беше заклучено дека нема потреба од дополнителна интервенција, бидејќи возачот беше неповреден.
- На 23.09.2023 година, ПСС прими повик од Брза помош за починато лице кое сечело дрва кај Прентов Мост. Заради стрмниот терен беше побарана интервенција од ПСС страна, при што беше интервенирано со четиричлена екипа. По пристигнувањето, брзата помош констатирала смрт, беа направени фотографии од крим-техника, по што починатиот беше спуштен, транспортиран и предаден на надлежните служби.
- Покрај интервенциите во кои се загрозени човечки животи, ПСС во овој период, во два одвоени наврати, асистираше и при транспорт на инвалидизирано лице и спасување на заглавена мачка на дрво.
- Во периодот јули-септември беа спроведени редовни тренинзи за припадниците на ПСС и беа извршени редовни и вонредни сервисирања на возилата.

За потребите на ПСС во третото тримесечје потрешени се 250.274,00 денари повеќе од префрлените средства за овој период.

-Согласно Програмата за заштита и спасување на општина Охрид за 2023 година во периодот јули-септември 2023 година, завршена е тендерската постапка за чистење оџаци, канали и огништа-котли за парно греење и на 20.09.2023 година е склучен Договор со ДООЕЛ„ Шики” Битола (09-13995/1 од 20.09.2023 година).

- На 02.10.2023 година е извршено чистење оџаци, канали и огништа-котли за парно греење (2 парни котли и 2 оџаци) за потребите на општина Охрид.

**2. Нереализирни програмски активности**

- Набавка на заштитна опрема и средства за Универзална единица за заштита и спасување;
- Набавка на заштитна опрема на Просторна специјализирана единица за противпожарна заштита;

-Надоместок на граѓаните за извршување на правата и должностите во заштита и спасување (во зависност од потребите за ангажирање на граѓаните, општинскиот кризен штаб и просторните сили за заштита и спасување);

Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи

За овие програмски активности не беа предвидени финансиски средства во Програмата за 2023 година, ниту беше обезбедена донација.

**3.Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини од областа на заштита и спасување на Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи, реализирани во периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година, од Програмата $Q_O$, потрошени се 1.994.740,00 денари:

За ангажирање на Планинската спасителна служба, Согласно Програмата за заштита и спасување на општина Охрид за 2023 година предвидени се 1.944.000,оо денари, а реализирани се вкупно 1.620.000,оо денари во 2023 година, од кои:

- 76.518,оо денари за одржување на зграда на ПСС;
- 38.466,оо денари за електрична енергија за потребите на ПСС;
- 169.836,оо денари за одржување, сервис и регистрација на возила на ПСС;
- 165.427,оо денари за гориво за потребите на ПСС;
- 7.509,оо денари за банкарски провиизии на ПСС;
- 351.000,оо денари за хонорари и надоместоци за ангажман на стручна служба во оперативен центар;
- 709.013,оо денари за набавка на опрема и потрошен материјал за потребите на ПСС, како и за покривање на зголемени трошоци во текот на летната туристичка сезона.
- 102.231,00 денари за учество на двајца претставници од ПСС на годишен конгрес на Меѓународната Комисија за Алпско Спасување во Јужен Тирол.

Заради лимитираност за буџетот на општина Охрид и заради честа присилна наплата, на Планинската спасителна служба не се исплатени 324.000,00 денари во тековната 2023 година, туку истите се исплатени во јануари 2024 год.

- За извршување на услугите за чистење оџаци, канали и огништа-котли за парно греење (2 парни котли и 2 оџаци) за потребите на општина Охрид потрошени се 50.740,00 денари (фактура бр. 23124 од 02.10.2023 година со архивски број 05-1/1834 од 02.10.2023 година. Заради лимитираност за буџетот на општина Охрид и заради честа присилна наплата, оваа фактура е платена на 25.01.2024 година.

Согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, за 2023 година беа предвидени 2.022.000,00 денари, од кои реализирани се сите програмски активности за кои беа предвидени финансиски средства во износ ос 1.994.740,00 денари, а заштедени се 27.000,00 денари.

**Број 08-2953/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**.

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/167**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА

### Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/67**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## И З В Е Ш Т А Ј
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 – 31.12.2023 ГОДИНА

Советот на општина Охрид на ден 22.12.2022 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2023 година. Во Програмата за работа, активностите на Совеот на општина Охрид за 2023 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јануари, февруари и март)

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)

**ТРЕТО ТОМЕСЕЧИЕ** (јули, август и септември)

**ЧЕТВРТО ТОРМЕСЕЧИЕ** (октомври, ноември и декември)

Во првото тромесечие беа одржани:

**ДВАЕСЕТ И ВТОРАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 30.01.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 37 точки на дневен ред. Беа додадени 3 точки на дневен ред.

Советот усвои 38 Одлуки и 1 Програма.

Комисија за урбанизам – беа предложени 21 точки, беа усвоени 20.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 14 точки, беа усвоени 10.

Комисија за општествени дејности – немаше кворум не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 7 точки, сите беа усвоени.

Комисија за млади и спорт – немаше кворум не се одржа

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТАТА СЕДНИЦА (вонредна)** се одржа на ден 07.02.32023. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка. Истата беше усвоена.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 21.02.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 25 точки. Советот усвои 24 Одлуки, и 1 Програма.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беше предложена 1 точка. Истата еше усвоена.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 12 точки и сите усвоени

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 6 точки. Од нив беа усвоени 4 Одлуки.

Комисија за општествени дејности – беа предложении усвоени 7 точки.

Комисија за верификација, избори и именувања – беше предложена и усвоена 1 точка.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТАТА СЕДНИЦА -** се одржа на ден 14.03.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 91 точка, беа додадени 3. Советот усвои 93 Одлуки.

Комисија за верификација, избори и именувања – не се одржа.

Комисија за млади и спорт – беа предложени и усвоени 2 точки.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 56 точки а беа усвоени 39 точки.

Комисија за заштита на животната средина – не се одржа

Комисија за општествени дејности – не се одржа.

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)

Во второто тромесечие се одржаа три седници на Совет – 26-та, 27-та и 28-та седница.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА СЕДНИЦА** се одржа на 11.04.2023 година.

За работа на оваа седница беа предложени 32 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 6 точки. Во текот на седницата, една точка беше повлечена од дневен ред. Советот усвои 37 Одлуки.

**Комисија за верификација** – Беше предложена и усвоена 1 Предлог одлука.

**Комисија за јавни и комунални дејности** - Предложени беа 6 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 4 Предлог Одлуки, а 2 предлог одлуки не се разгледуваа, бидејќи немаше претставник.

**Комисија за општествени дејности** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за урбанизам** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА СЕДНИЦА се одржа на 26.05.2023 година.**

**За работа на оваа седница беа предложени 66 точки.**

**Советот усвои 63 Одлуки, 2 Заклучоци и 1 Програма.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** - Беа предложени 16 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 15 точки, а една не се разгледуваше,бидејќи немаше претставник.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за заштита на животната средина – не се одржа

Комисија за млади и спорт – немаше кворум не се одржа

**Комисија за урбанизам** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет** - седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

**Комисија за општествени дејности** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА се одржа на 08.06.2023 година**

**За работа на оваа седница беа предложени 66 точки**

Дневниот ред беше дополнет со 1 точка.

**Советот усвои 14 Програми и 3 Одлуки.**

Комисија за заштита на животната средина – седница на комисијата не се одржа

Комисија за млади и спорт – беше предложена 1 точка и истата се усвои.

**Комисија за туризам и ЛЕР** – седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за финансии и буџет - Беа предложени 16 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 6 точки, 8 точки не беа усвоени, а 2 не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.**

**Комисија за урбанизам - Беше предложена 1 Предлог Програма и истата беше усвоена.**

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 5 точки и сите беа усвоени.**

**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧИЕ**

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА СЕДНИЦА се одржа на ден 28.07.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 39 точки**

**Дневниот ред беше дополнет со 2 точки.**

**Советот усвои 40 Одлуки,а една Предлог одлука не беше усвоена.**

**Комисија за верификација, избори и именувања** – беа предложени и усвоени 2 точки.

**Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените -** Бидејќи немаше кворум за работа седницата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 9 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 7 Предлог Одлуки, а 2 Предлог одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.**

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 12 точки на дневен ред и сите беа усвоени од членовите на комисијата.**

**Комисија за урбанизам - Беа предложени 15 точки на дневен ред и сите беа усвоени од членовите на комисијата.**

**ТРИЕСЕТТА СЕДНИЦА се одржа на ден 28.07.2023 година. За работа на оваа седница беше предложена една точка на дневен ред – Советнички прашања.**

**ТРИЕСЕТ И ПРВА СЕДНИЦА се одржа на ден 29.08.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 88 точки. Советот усвои 88 Одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 2 точки на дневен ред.** Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Бидејќи немаше кворум за работа седницата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 50 точки и сите беа усвоени.**

**Комисија за урбанизам - С**едница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки и истите беа усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 54 точки на дневен ред.. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

**Комисија за туризам и ЛЕР –** Беа предложени 2 точки, но бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА СЕДНИЦА се одржа на ден 11.09.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 14 точки – 13 Предлог Програми и 1 Предлог Одлука. Советот усвои 13 Програми и 1 Одлука.**

**Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.**

**Комисија за јавни и комунални дејности - Беа предложени 9 точки на дневен ред, но седница не се одржа.**

**Комисија за млади и спорт** – Ба предложени 2 точки на дневен ред. **Бидејќи немаше кворум, седница на комисијата за млади и спорт не се одржа.**

**Комисија за општествени дејности – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени.**

**Комисија за финансии и буџет–** Беа предложени 14 точки, но бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа

**Комисија за туризам и ЛЕР –** Беа предложени 2 точки, но бидејќи немаше кворум, седница на комисија не се одржа.

**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧИЕ**

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА СЕДНИЦА се одржа на ден 04.10.2023 година. За работа на оваа седница беа предложени 51 точка. Советот усвои 50 Одлуки и 1 Заклучок**

Комисија за општествени дејности –Беа предложени 7 точки на дневен ред, но бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет–Беа предложени 9 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности - Беа предложени 7 точки на дневен ред,но бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

Надлежни за изработка на оваа програма се стручните служби од Секторот за комунален развол, сообраќај и улици, а ја спроведува Одделението Паркови и зеленило, а се однесува на годишно одржување на паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др на територијата на Општина Охрид.

**3. Површини на градско и вонградско зеленило кои ќе се одржуваат во 2023 година**

| Реден број | *Подрачје* | *$m^2$* |
|---|---|---|
| 1. | **“Стара бана“** | 100 |
| 2. | **Плоштад** | 2.500 |
| 3. | “Дом на култура”- према езеро | 1.665 |
| 4. | “Дом на култура”- западна страна | 3.300 |
| 5. | “Кеј Македонија“ прелази, тротоари | 18.900 |
| 6. | Сквер на ул.„Јане Сандански“ и „Питу Гули“ | 3.160 |
| 7. | Парк „Мазија“ | 23.000 |
| 8. | Ул.„7-ми Ноември“ | 3.200 |
| 9. | Бул.„Туристичка“ | 13.340 |
| 10. | Жардињера на Бул.“Туристичка“ | 1.350 |
| 11. | Жардињера ул.„Железничка“ | 2.000 |
| 12. | Парк пред нас.Рача | 3.500 |
| 13. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со “АСНОМ“ | 314 |
| 14. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со “Бистрица“„М.Просветители“„С.Наумов“„А. Емин“„Ј.Сандански“ | 795 |
| 15. | Жардињера кај рекреативна патека | 112 |
| 16. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 3.000 |

***Вкупно: 80.226$m^2$***

***Дрвореди***

| Реден број | *Подрачје* | *бр.* |
|---|---|---|
| 1. | **Бул.„Туристичка“** | 968 |
| 2. | **ул.„Јане Сандански“** | 90 |
| 3. | ул.„Партизанска“ | 165 |
| 4. | ул.„Димитар Влахов“ | 80 |
| 5. | ул.„Македонски Просветители“ | 80 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 146 |
| 7. | Канал Билјанини извори | 32 |
| 8. | ул.„Марко Цепенков“ | 30 |
| 9. | ул.„АСНОМ“ | 30 |
| 10. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 28 |

***Вкупно: 1.649 бр***

**Вонградско зеленило**

| Реден број | Подрачје | $m^2$ |
|---|---|---|
| 1. | **„Кале“** | 340.000 |

***Вкупно: 340.000 m²***

## 4. ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА

- машинско косење на тревник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1,82 ден./$m^2$
- собирање на трева по машинско косење со изнесување собрана трева . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,50 ден./$m^2$
- полевање тревници и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . 0,30 ден./$m^2$
- чистење на трева од лист со изнесување . . . . . . . . . . . . . . . 3,20 ден./$m^2$
- садење на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . 23,30 ден/бр.
- Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење . . . . . . . . . 4,58 ден./ $m^2$
- прашење на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19,50 ден./$m^2$
- полевање на сезонско цвеќе .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,48 ден./$m^2$
- окопување дрвја и грмушки . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15,93 ден./бр.
- Одржување на жардињери . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
  Полевање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. 0,48 ден./$m^2$
  
  Плевење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. 15,93 ден./$m^2$
- кроење трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15,00 ден./бр.
- кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . 15,00 ден./бр.
- Кроење на дрјва со одвоз на гранки . .. . . . 810,00 ден./бр.
- собирање хартија и отпадоци . . . . . . . . . . . . . . . . 0,06 ден./ $m^2$
- косење трева со грбна косачка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2,50 ден./$m^2$
- чистење на трња и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 250,00 ден./час

**Напомена :** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавна чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.08-16084/3 од 15.11.2018 год

5. **КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2023 ГОДИНА**

| ***Вид на операција*** | ***Јан.*** | ***Фев.*** | ***Март*** | ***Апр.*** | ***Мај*** | ***Јуни*** | ***Јули*** | ***Авг.*** | ***Септ.*** | ***Окт.*** | ***Ноем.*** | ***Дек.*** | ***Вк.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење и<br>собирање трева со<br>изнесување<br>-паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-<br>ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-круж.текови<br>- Зеленило кај<br>пешачка патека<br>канал Б.Извори | | | <br>2<br>2<br>2<br><br>1<br>2<br><br>2 | <br>3<br>3<br>3<br><br>2<br>2<br><br>2 | <br>4<br>4<br>4<br><br>3<br>2<br><br>3 | <br>4<br>4<br>4<br><br>3<br>2<br><br>3 | <br>4<br>4<br>4<br><br>3<br>2<br><br>3 | <br>4<br>4<br>4<br><br>3<br>2<br><br>3 | <br>3<br>3<br>3<br><br>2<br>2<br><br>2 | <br>2<br>2<br>2 | | | <br>26<br><br>26<br>26<br><br>17<br>14<br>18 |
| Полив.трева, дрва и гр. | | | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | | | | 23 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | | | 1 | 1 | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 1 | | | 20 |
| Чистење трева од лист со изнесување | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Садење сезонско цвеќе | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Окопување дрва и грмушки | | | 1 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Окопување трендафили | | | 1 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Одржување на жардињери | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | 4 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кроење-режење грмуш. | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Кроење режење тренд. | | 1 | | | | | | | | | | 1 | 2 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | 1 | | | | | | | | | | | | 1 |
| Собир.харт.и отпадоци | 16 | 14 | 16 | 15 | 16 | 15 | 16 | 16 | 15 | 16 | 15 | 16 | 186 |

НАПОМЕНА: Операциите садење цветни површини со операциите ѓубрење и расадување, како и кроење дрвореди и кроење-режење на трендафили и грмушки можат да се вршат и во други периоди од годината во зависност од временските услови

6. **ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2023 ГОДИНА**

| *Вид на операција* | *Единица мера* | *Количина* | *Број пати* | *Вкупна количина* | *Цена* | *Вкупен износ* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева и собирање трева со изнесување<br>-паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-кружни текови<br>-канал Б.Извори | $m^2$ | 49.465<br>13.340<br><br>6.360<br>3.500<br>1.109<br>3.000 | 26<br>26<br><br>26<br>17<br>14<br>18 | 1.286.090<br>346.840<br><br>165.360<br>59.500<br>15.526<br>54.000 | 1,82 | 2.340.684,00<br>631.249,00<br><br>300.955,00<br>108.290,00<br>28.257,00<br>98.280,00 |
| Поливање трева, дрва и грмушки | $m^2$ | 49.465 | 23 | 1.137.695 | 0,3 | 341.308,00 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 20 | 989.300 | 0,5 | 494.650,00 |
| Чистење трева од лист со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 2 | 98.930 | 3,2 | 316.576,00 |
| Садење сезонско цвеќе | бр. | 20.000 | 2 | 40.000 | 23,3 | 932.000,00 |
| Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | $m^2$ | 3.000 | 2 | 6.000 | 4,58 | 27.480,00 |
| Прашење сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | 19,5 | 234.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Полевање сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | 0,48 | 5.760,00 |
| Окопување на дрва и грмушки | бр. | 9.064 | 2 | 18.128 | 15,93 | 288.779,00 |
| Одржување на жардиниери<br>Полевање<br>Плевење | <br>$m^2$<br>$m^2$ | <br>4.000<br>4.000 | <br>4<br>4 | <br>16.000<br>16.000 | <br>0,48<br>15,93 | <br>7.680,00<br>254.880,00 |
| Кроење-режење грмуш. | Бр. | 9.300 | 2 | 18.600 | 15 | 279.000,00 |
| Кроење режење тренд. | Бр. | 1.100 | 2 | 2.200 | 15 | 33.000,00 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | бр | 800 | 1 | 800 | 812 | 649.600,00 |
| Собир.харт.и отпадоци | пати | 49.465 | 186 | 9.200.490 | 0.06 | 552.029,00 |
| **Вкупно** | | | | | | **7.924.457,00** |

Покрај горенаведените сктивности предвидени се и активности околу одржување ( косење на трева со грбна косачка ) и на улици и населби во поширокото градско подрачје.

| **Улица** | ***бр.пати*** | ***м*** | ***цена*** | ***вкупно*** |
|---|---|---|---|---|
| ул.„АСНОМ“ | **4** | **1.200** | **2,5** | **12.000,00** |
| ул.„Марко Цепенков“ | **2** | **1.000** | **2,5** | **5.000,00** |
| ул.„Егејска“ | 2 | 530 | 2,5 | 2.650,00 |
| ул.„Гоце Делчев“ | 6 | 1.700 | 2,5 | 25.500,00 |
| ул.„С.Војвода“ | 3 | 450 | 2,5 | 3.375,00 |
| ул.„15-ти Корпус“ | 3 | 1.000 | 2,5 | 7.500,00 |
| ул.„Галичица“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Н:Карев“ | 3 | 600 | 2,5 | 4.500,00 |
| ул.„Кленоец“ | 3 | 1.300 | 2,5 | 9.750,00 |
| ул. „А.Маринчев“ | 2 | 400 | 2,5 | 2.000,00 |
| ул.„Железничка“ | 2 | 1.700 | 2,5 | 8.500,00 |
| нас.„Х.Узунов“ | 3 | 560 | 2,5 | 4,200,00 |
| нас.„Даљан“ | 5 | 1.450 | 2,5 | 18.125,00 |
| нас.„Св.Стефан“ | 2 | 450 | 2,5 | 2.250,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| с.Пештани | 2 | 1.500 | 2,5 | 7.500,00 |
| нас.„Варош“ | 8 | 1.600 | 2,5 | 32.000,00 |
| Сооб.клучка | 5 | 6.400 м2 | 1,82 | 58.240,00 |
| Спомен парк на Револуција | 2 | 300 | 2,5 | 1.500,00 |
| дворно место на Општина Охрид | 12 | 1.350 м2 | 1,82 | 29.484,00 |
| нас.„Гоце Делчев“ | 3 | 870 | 2,5 | 6.525.00 |
| с.Трпејца | 2 | 560 | 2,5 | 2.800,00 |
| с.Лакочереј | 2 | 650 | 2,5 | 3.250,00 |
| с.Лескоец | 2 | 1.100 | 2,5 | 5.500,00 |
| с.Косел | 2 | 1.000 | 2,5 | 5.000,00 |
| с.Велгошти | 2 | 1.900 | 2,5 | 9.500,00 |
| нас.„Рача“ | 2 | 690 | 2,5 | 3.450,00 |
| нас.„Лагадин“ | 2 | 810 | 2,5 | 4.050,00 |
| с.Свиништа | 1 | 1.500 | 2,5 | 3.750,00 |
| с.Опеница | 1 | 740 | 2,5 | 1.850,00 |
| с.Куратица | 1 | 4.300 | 2,5 | 10.750,00 |
| с.Љубаништа | 2 | 1.200 | 2,5 | 3.000,00 |
| **Вкупно:** | | | | **297.999,00** |

За одржување на локалитетот „Кале“ потребен е постојан тим од 3 ( тројца ) работници кои ќе вршат редовно косење на тревата по патеките, одржување на дрвниот фонд со навремено отстранување на сувите гранки и заболените стебла како и редовно чистење од разни отпадоци. За таа цел на годишно ниво потребни се 250.000,00 денари.

## 7. ПОДИГАЊЕ НОВИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ

| | |
|---|---|
| Подигање нови и реконструкција на парковски површини | **900.000,00** |
| | **900.000,00** |

## 8. АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧИНАРОТ НА ПЛОШТАДОТ „ЧИНАР“

| | |
|---|---|
| Мерки и активности за заштита на чинарот согласно препораките после санацијата | **50.000,00** |
| | **50.000,00** |

## 9. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА НАВОДНВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Мерки и активности за изградба на системи за наводнување | **300.000,00** |
| | **300.000,00** |

| **Ред. број** | **ОПИС** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2023 31.03.2023** | **Извршено 01.04.2023 30.06.2023** | **Извршено 01.07.2023 30.09.2023** | **Извршено 01.10.2023 31.12.2023** | **Вкупно 01.01.2023 31.12.2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно за одржување и користење на паркови и зеленило | **8.222.456,оо** | 2.058.000,оо | 2.320.000,оо | 2.430.000,оо | 1.116.300,оо | 7.924.300,оо |
| 2 | За одржување на локалитет „Кале“ | **250.000,оо** | 71.000,оо | 87.000,оо | 56.000,оо | 35.000,оо | 249.000,оо |
| 3 | Активност и за заштита на чинарот на плоштадот „Чинар“ | **50.000,оо** | 12.500,оо | 14.200,оо | 12.800,оо | 10.350,оо | 49.850,оо |
| 4 | Подигање и реконструкциј а на парковски | **1.100.000,оо** | | | | 151.420,оо | 1.087.920,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | површини | | 256.000,оо | 373.500,оо | 307.000,оо | | |
| 5 | Изградба на системи за наводнување | **300.000,оо** | 71.000,оо | 93.200,оо | 83.000,оо | 51.520,оо | 298.720,оо |
| 6 | Потрошена вода за наводнување на паркови и жардињери | **1.300. 000, оо** | 306.000,оо | 437.000,оо | 405.000,оо | 82.000,оо | 1.230.000,оо |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно за 2023 година** | **11.022.456, оо** | **2.774.500,оо** | **3.324.900,оо** | **3.293.800,оо** | **1.446.590,оо** | **10.839.790,оо** |

**Број 08-2953/90** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/179** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/91** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2023

Поаѓајќи од светските трендови за целосно искористување на природните ресурси, секторот изготви Програма за енергетска ефикасност на Општината, пред се за подготовка и изработка на проекти за искористување на соодветните површини во сопственост на општината:

- услуги за изработка на студии за оправданост за поставување на фотонапонски станици во објектите сопственост на Општина Охрид;
- Изработка на нацрт проект за поставување на фотоволтаични станици

Инвестициите за горенаведеното и нивната реализација се дадени во следната табела:

| | Тип | Предвидени средства за ЕЕ (денари) | Реализација (денари) | Термин на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | услуги за изработка на студии за оправданост за поставување на фотонапонски станици во објектите сопственост на Општина Охрид | 200.000,оо | 61.124,оо | 08.05.2023 г. |
| 2 | Изработка на нацрт проект за поставување на фотоволтаични станици | 400.000,оо | 325.375,оо | 18.09.2023 г. |
| | **Вкупно:** | 600.000,оо | 386.499,оо | |

**Број 08-2953/92** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишниот извештај и завршната сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа Општина Охрид за 2023 година и извештајот за годишниот попис за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/180** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** годишниот извештај и завршната сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа Општина Охрид за 2023 година и Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Охрид со состојба на 31.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/93** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 год.член 33 и 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа „Сл.весник на РМ“ бр.61/2004 ... 150/2021 год. Советот на општината на 39-та седница одржана на 14.03.2024 година, донесе:

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Годишната сметка на Буџетот на Општина Охрид за 2023 година се состои од:

| | *Планирано 2023* | *Остварено 2023* |
|---|---|---|
| ***Вкупни приходи*** | ***1.413.059.565,оо*** | ***1.648.311.117,оо*** |
| - Даночни приходи | 462.051.156,оо | 666.969.345,оо |
| - Неданочни приходи | 42.100.000,оо | 47.425.444,оо |
| - Капитални приходи | 73.855.000,оо | 75.095.366,оо |
| - Трансфери од др.нивоа | 148.663.844,оо | 217.397.623,оо |
| - Самофинансирачки акт. | 27.355.032,оо | 19.009.045,оо |
| - Блок-наменски дотации | 612.150.240,оо | 606.866.986,оо |
| - Приходи од донации | 46.884.293,оо | 15.547.308,оо |
| ***Вкупни расходи*** | ***1.413.059.565,оо*** | ***1.361.733.796,оо*** |
| и тоа: | | |
| -утврдени намени | 1.412.659.565,оо | 1.361.333.796,оо |
| - резерви | 400.000,оо | 400.000,оо |
| ***Одлив*** | | |
| Отплата на главница | 12.710.000,оо | 12.705.372,оо |

**Член 2**

Планираните приходи и приливи по извори и видиви и расходи и одливи по основни намени се искажуваат во Билансот на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на општината.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 год.

### 1. Буџет на општина Охрид

Завршувањето на четвртиот квартал значи завршување на буџетската година и добивање на конечна слика за целокупното работење на општината во тековната година и претставува одраз на целокупното работење. Активностите околу буџетирањето како

процес и буџетот за тековната година со завршување на четвртиот квартал завршуваат. Крајот на буџетската година треба да даде приказ за степенот на остварување како на буџетот и буџетските позиции, така и на остварувањето на годишните буџетски програми. Она што како активност се префрла во наредната буџетска година ќе биде опфатено со наредниот буџет и ќе влезе во реализацијата во наредниот период.

Од аспект на решавањето на проблемите и потребите на граѓаните, решавање на предизвиците кои стојат пред локалната самоуправа овој извештај и извештаите по буџетските програми ќе го прикажат квалитетот на решавање и извршувањето на обврските и тоа дали целокупниот процес се спроведувал на ефикасен начин или не, сето тоа преку прикажаната реализација како на буџетот така и на буџетските годишни програми и нивниот степен на извршување.

Ѕогласно донесениот буџетски календар за постапките и активностите за донесување на буџетот како и насоките дадени од Министерството за финансии на седницата одржана на ден 22.12.2022 година со Одлука бр. 08-17370/36 Советот го утврди и го донесе буџетот на Општина Охрид за 2023 година на износ од 1.303.636.815,оо денари.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот за 2023 година од 21.02.2023 год. се извршија одредени корекции на расходната и приходната страна на буџетот, реалокација на одредени средства во основниот буџет како и намалување на висината на основниот буџет за 996.704,оо ден.на барање на МФ со цел усогласување на пренесеното салдо од претходната година, планираниот износ со фактички пренесеното салдо како и дел во буџетот на донации, каде се изврши зголемување на целокупниот буџет за износ од 3.740.000,оо ден. Со наведените корекции нивото на буџетот се заокружува на износ од 1.306.380.111,оо ден.

Со Одлука за измена на распоредот на средства на буџетот на општина Охрид за 2023 година бр.08-3254/3 од 14.03.2023 год.во делот на основниот буџет се изврши реалокација на средства од една буџетска позиција на друга, износ од 3.000.000,оо ден.со цел да се обезбедат средства во согласност со брањето на ЈП „Водовод“ Охрид за субвенционирање на дел од трошоците за електрична енергија. Со оваа одлука, нивото на буџетот на Општина Охрид за 2023 година остана непроменето.

Со Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Охрид-пренамена за 2023 година бр.08-5339/16 од 11.04.2023 год.се изврши реалокација на средства од една програма во друга и од едно конто на друго, при што нивото на буџетот останува исто. На истата седница донесена е и Одлука за проширување на средства која се однесува на зголемување на буџетот на општината за 2.549.586,оо ден.во делот на донации во средното образование и дел во програмата за унапредување на здравствената заштита.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот бр.08-8278/18 од 08.06.2023 год.во делот на основниот буџет се направи ревидирање како на приходната така на расходната страна по основ добиени средства од министерството за транспорт и врски износ 3.000.000,оо ден.за изработка на проекти за водоснабдување како и по основ зголемување на дотацијата за ДДВ за 41.212.068,оо ден.согласно измените на законот за ДДВ и воведување на компонентата за успешност, со што нивото на буџетот се заокружи на 691.700.000,оо ден. основен буџет, односно 1.353.061.143,оо ден.вкупен буџет.

Со Одлука за измена на распоредот на средства на буџетот на Општина Охрид за 203 год.бр.08/11550/16 од 28.07.2023 год.извршена е пренамена на средства во одредени

позиции и програми но нивото на буџетот останува непроменето согласно претходно донесената одлука.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот бр.08-13504/16 од 11.09.2023 год.извршено е зголемување на буџетот во делот на донации и одредена реалокација на средстваво пооделни позиции и буџетски програми со што нивото на вкупниот буџет со споменатите измени во делот на донации, се заокружува на износ од 1.363.512.643,оо ден.

Со Одлука за измени и дополнување на буџетот за 2023 година бр.08-15424/18 од 12.10.2023 год.се изврши зголемување на нивото на буџетот како во делот на основниот буџет, така и вкупниот буџет. Зголемувањето се однесува по основ Законот за финансирање на Локалната Самоуправа член 22 кој предвидува планирање на дополнител пораст од 10 % од просечно остварните приходи во последните три години за општините кои заклучно со третиот квартал оствариле реализација на сопствените приходите над 75%. Во исто време со ова зголемување беше планирано и намалување на проекцијата за ДДВ за 2023 година, поради намалени дотации од страна на МФ по овој основ со што висината на вкупниот буџет се заокружи на износ од 1.413.059.565,оо денари.

Во постапката за подготовка и креирање на буџетот за 2023 година, беше користена стандардна процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја како и мислењата и потребите на граѓаните сондирано преку прибирање на предлози, мислења и барања од сите заинтересирани страни за буџетскиот процес со вообичаената пракса за средби со граѓани,јавна дебата, средби со месни и урбани заедници, јавни расправи и сл.

Согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат формата и содржината на завршните сметки, пропишани од страна на Министерството за финансии по завршување на буџетската година се изготвува завршна сметка на буџетот. Завршната сметка во својата форма ги содржи истите податоци како и оние кои ги содржи буџетот, само што завршната сметка дава целосна слика за вкупната годишна реализација како на приходната страна така и на расходната страна. Во процедурата на донесување на годишната сметка, Советот ја донесува завршната сметка (за претходната година) најдоцна до 15 март во тековната година и истата во пропишана форма се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година. Структурата на планираниот буџет на општина Охрид за 2023 година согласно донесениот буџет и измените, прикажани компаративно со претходната година е даден во следната табела и графикон:

***Табела бр.1***

| **Ред. број** | **Видови на приходи** | **2022 Планирано** | **2023 Планирано** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 554.048.947,оо | 578.006.156,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 98.251.053,оо | 148.663.844,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 540.613.410,оо | 612.150.240,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 24.591.557,оо | 27.355.032,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 55.788.363,оо | 46.884.293,оо |
| | | 1.273.293.330,оо | 1.413.059.565,оо |

***Графикон 1***
*Планирани приходи споредбено.*




**2. *Приходи на Општината- финансиски показатели***

Податоците прикажани во овој извештај, остварувањето во номинални износи како и процентуалното остварување на буџетот се однесуваат на остварувањето по сите основи на буџетот во 2023 година, реализација на приходната и расходната страна за дадениот период и се прикажани во Билансот на приходи односно Билансот на расходи во завршната сметка за 2023 година. Остварувањето на приходите за вкупниот буџетот на Општина Охрид за 2023 година изнесува 1.648.311.117,оо денари што претставува извршување од 116,65 % од вкупно проектираните 1.413.059.565,оо. Во делот на остварување на приходите влегува и износ од 95 мил.денари средства кои се добиени на наменски сметки врз основа на аплицирани проекти од републичкиот буџет. Доколку од реализацијата се одбијат овие приливи, процентот на реализација на вкупнот буџет изнесува 109,92 %. Доколку се анализираат податоците од билансот на приходи кои се однесуваат на основниот буџет на општината за 2023 година, остварувањето на приходите во износ од 1.006.887.778,оо ден. во однос на планираните 726.670.000 ден. претставува остварување на основниот буџет од 138,56 %. Исто така и во делот на основниот буџет доколку се одбијат приливите по основ наменски дотации се добива процент на реализација од 125,49 %. Доколку се анализираат податоците прикажани во завршната сметка заклучно со 31.12.2023 година, пооделно по типови на буџет, разликите кои се јавуваат помеѓу остварените приходи и реализираните расходи останувaат како непотрошен дел, вишок на приходи кои како такви се пренесуваат во наредната буџетска 2024 година како пренесено салдо.

Пооделно непотрошениот дел кој се пренесува во наредната буџетска година изнесува 292.702.194,оо денари средства во основниот буџет (во вака пренесеното салдо влегуваат и средствата во износ од 95.000.000,оо ден.средствата кои како непотрошен дел се останати на сметките од 789), 9.725.778,оо денари средства од блок-наменски дотации, 5.204.961,оо денари средства од буџетот на самофинансирачки активности и 23.427.440,оо денари средства од буџетот на донации. Непотрошените средства пооделно по типови буџет (основен буџет, блок-наменски дотации, буџет на самофинасирачки активности и донации) како непотрошен дел од 2023 година се пренесуваат и вкалкулираат во новиот буџет за 2024 година.

Според изворите на приходи, структурата на остварување на буџетот е дадена во следната табела:

***Табела бр.2***

| Реден број | Видови на приходи | 2023 Планирано | 2023 Остварено | % |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи (без пв и ддв) | 578.006.156,oo | 789.490.155 | 136,41 |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 148.663.844,oo | 217.397.623,oo | 82,33 |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 612.150.240,oo | 606.866.986,oo | 99,14 |
| **4.** | Приходи од самофин. активности | 27.355.032,oo | 19.009.045,oo | 69,49 |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 46.884.293,oo | 15.547.308,oo | 33,16 |
| | | 1.413.059.565,oo | 1.648.311.117,oo | 109,93 |

***Графикон бр.2***

*Планирани приходи 2023 год.*




***Графикон бр.3***

*Остварени приходи 2023 год.*




Дадените показатели во табелата укажуваат на висок процент на остварување на поодлените групи на приходи со исклучок на делот во донации кој покажува низок процент на остварување и делот од приходите по основ самофинансирачки активности кој е приход на буџетските корисници од сопственото работење и планирањето и остварувањето на овој тип на приходи е резултат на согледувањата и планирањето на директорите на овие институции. Во Билансот на приходите од завршната сметка на буџетот на општина Охрид за 2023 година, може да се види структуралната распределба на остварување на приходите според единствениот план и класификација на приходите утврден за начинот на евидентирање во буџетските органи и другите буџетски корисници на Р. Македонија. Податоците прикажани во графиконот бр.2 односно бр.3 го даваат процентуалното учество на пооделните видови приходи во вкупно планираниот, односно вкупно остварениот буџет и се различни од процентуалниот приказ во табела бр.2 која го покажува процентот на остварување на пооделните приходи во однос на планираните износи поодделно.

Споредбено остварувањето на буџетот во 2023 и 2022 година е дадено во следната табела:

***Табела бр.3***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2022 Остварено** | **2023 Остварено** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 556.335.506,оо | 789.490.155 |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 75.589.903,оо | 217.397.623,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 497.259.374,оо | 606.866.986,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 15.905.024,оо | 19.009.045,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 21.903.509,оо | 15.547.308,оо |
| | | 1.166.993.316,оо | 1.648.311.117,оо |

***Графикон бр.4***

*Остварени приходи споредбено.*




Сумирано реализирани приходи во 2023 година споредбено со 2022 година ги прикажуваме како што следи:

Споредбено 2023 год. во однос на 2022 год. заклучно со 31.12.2023 год. доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (колона основен буџет од билансот на приходи), во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2023 год. 1.006.887.778,оо денари
- остварување во 2022 год. 631.925.409,оо денари

Остварувањето во 2023 год. на основниот буџет, соодветно на прикажаното остварување е за 374.962.369,оо ден. повисоко во однос на претходната година, односно за 59,336 % или 44,303 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2022 година, доколку од вкупната реализација се одбијат средствата во износ од 95 мил.денари кои се трансферираат од сметките 789 на основниот буџет.

Споредбено 2023 год. во однос на 2022 год. заклучно со четвртиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи, по сите основи (изворни приходи, самофинансирачки активности, блок дотации, донации,), во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2023 год. 1.648.311.117,оо денари
- остварување во 2022 год. 1.166.993.316,оо денари

Остварувањето во 2023 год. на вкупниот буџет, соодветно на прикажаното остварување е за 481.317.801,оо денари повисоко од претходната година, односно за 41,244 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2022 година. И во овој случај доколку од вкупната реализација се одбијат средствата во износ од 95 мил. денари кои се трансферираат од сметките 789 на основниот буџет се доаѓа до 33,104 % процент на повисок степен на реализација на вкупниот буџет.

Структурата на приходите е дадена во табела 2 погоре при што најзабележителни се отстапувањата во делот на приходите по основ донации од странство за што подетално може да се добијат податоци од соодветни служби, како и во делот на приходите од самофинансирачките активности на буџетските корисници. Поодело по групи на приходи остварувањето може да се види во табеларниот дел- Биланс на приходи од завршната сметка кој е составен дел од овој извештај.

***3. Расходи на општината***

Остварениот износ на приходи на буџетот на општина Охрид за 2023 година, претставува основ за степенот на реализирање на програмите за работа и измирување на трошоците согласно усвоените програми од страна на општинскиот совет.

Во посебниот дел на буџетот на општина Охрид за 2023 година искажани се трошоците по носители и корисници. Билансот на трошоците на буџетот на општина Охрид за 2023 година е во рамките на одобрениот буџет и истиот од 01.01 до 31.12.2023 година изнесува 1.361.733.796,оо денари или 96,37 % остварување во однос на вкупно планираните расходи во буџетот по сите основи. Споредбено за буџетската 2022 година вкупните расходи изнесувале 1.166.993.316,оо денари или остварување од 91,65% на расходниот дел на буџетот за 2022 година по сите основи.

Разликата помеѓу остварените приходи и реализираните трошоци во периодот од 01.01 до 31.12.2023 година претставува салдо кое како непотрошени средства во тековната година се пренесуваат и распоредуваат во буџетот на наредната 2023 година, соодветно по намени. Висината на овие средства е дадена во анализата на приходниот дел.

Финансиските параметри по основ расходи и приходи од позицијата самофинансирачки активности како и наменските дотации за образование и детска заштита, поединечно се дадени во извештаите од наведените правни субјекти кои се предмет на разгледување и усвојување од страна на Советот на Општина Охрид.

***4. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност***

При изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходите и расходите се изготвува и Биланс на состојба кој реално ја прикажува имотната состојба на општината за која цел од страна на градоначалникот се формираат пописни комисии со цел утврдување на реалната состојба на имотот, основните средства, ситниот инвентар како и побарувањата и обврските на Општината. Горенаведените податоци се наведени во извештајот за попис за 2023 година кој е во прилог и е составен дел на годишниот извештај.

Во однос на побарувањата кои општина Охрид ги има а во насока на заштита на своите права, преку надлежните служби и ангажираните правни застапници, покрај за своите обврски према доверителите, општината редовно ги следи и своите побарувања, го следи нивното доспевање и превзема дејствија за судска наплата на истите. Од страна на стручната служба за сите оние побарувања кои доспеваат без разлика на нивниот основ и висина како од правни така и од физички лица навремено се поднесува предлог за утужување до правната служба или правните застапници и сите вакви предмети навремено се процесираат од страна на стручната служба пред надлежните органи. Бидејќи вакивот процес се одвива секојдневно односно се работи за континуиран процес каде дел од предметите веќе се завршени, дел се во постапка, а дел започнуваат, во ниту еден момент општината неможе да располага со точен податок за висината на износот кој би се добил по овој основ односно од наплата по утужените предмети. Вкупните евидентирани побарувања по сите основи се прикажани и опфатени со пописот за 2023 година.

Во однос на обврските на општина Охрид и покрај активната политика и мерки кои беа превземани во изминатиот период, 2023 година сеуште се карактеризираше со високиот степен на задолженост од една страна и секојдневните растечки потреби на граѓаните на општината од друга страна. Во изминатиот период во целост беше утврден вкупниот долг на општината пооделно по сите основи, структурално разработен како евидентирани обврски, пресметани камати и утврдени обврски, дел кој ги опфаќа податоците за

редовните обврски, спогодби за регулирање на долг, експропријации, обврски врз основ на пресуди, извршни решенија, делот за кредитното задолжување, каматите и извршните решенија и пресуди, обврски по склучени договори и делот кон МФ кој и во текот на 2023 година сеуште ја оптоваруваше сметката на општина Охрид. Висината на обврските континурано предизвикуваше проблеми не само во извршувањето на тековните активности туку и во самиот процес на планирање и подготвување на буџетот а следствено на тоа и рационално планирање и реализација на програмите за работа. Општина Охрид од втората половина на 2023 година благодарение на низа мерки и политики, како и пораст во наплатата на приходите по сите основи започна систематски да го решава проблемот со задолженоста, што доведе до тоа да после повеќе од 20 години Општина Охрид конечно го надмина проблемот со презадолженост и блокирана сметка. После низа години Општина Охрид конечно без било какви ограничувања и блокади може непречено да ги планира своите активности и програми во насока на решавање на актуелните проблеми на граѓаните и нивно ефикасно решавање со цел подобрување на условите за живеење и решавање на нивните секојдневни проблеми.

Висината на обврските на општината во идниот период и можноста за повторно задолжување на општината во иднина зависи исклучиво од менаџментот на општината и чекорите кои во иднина ќе бидат превземани. Согласно постојната законска регулатива во однос на процесот на буџетирање како и во однос на спроведување на постапки за јавни набавки ни дава за право да тврдиме дека можноста за повторно задолжување и блокади на сметката на општината се минато, што незначи дека неможе повторно да се случи ваков процес, но со вистинско лидерство и правовремени мерки и активности дискусии на оваа тема би требало да бидат заборавени за периодот кој следи а можноста за развој и просперитет на нашата заедница да биде високо на листата на било кое раководство на локалната самоуправа во иднина. Место досегашната пракса каде при креирање на буџетот и политиките на општината, максимален акцент се ставаше на овие тнр наследени проблеми, конечно сите сили ќе може да бидат насочени кон спроведување на буџетските програми и активности, реализација на проекти кои ќе овозоможат раст и развоја на нашата општина и во крајна инстанца решавање на проблемите и потребите на граѓаните на нашата општина.

***5. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегираните надлежности***

Реализацијата на капиталните проекти и активности кои се планирани во соодветни програми е прикажана посебно во извештаите на соодветните сектори и извештаите за реализација на секоја програма поединечно, извештаи преку кои се следи степенот на реализација на истите и висината на расходите пооделно како на квартално така и на годишно ниво. Инвестициони програми опфатени со буџетскиот процес во 2023 година кои се предмет на разгледување и усвојување со овој извештај се следните:

*Урбанистичко планирање,* програма која е од особено значење за развојот на локалната самоуправа од аспект што планирањето на просторот од секогаш било една од основните и најважни активности и надлежности на локалната власт во смисла дефинирање на просторот за живеење и функционирање на одредена група на луѓе, преку генералните и деталните урбанистички планови;

- *Уредување на градежно земјиште.* Оваа програма исто така е од витално значење за граѓаните од аспект на инфраструктурни решенија за непречено одвивање на

секојдневните активности на населението и решавањето на основните човекови потреби од овој вид како изградба на пристапни улици, водовод, обезбедување со електрична енергија и сл.;

- *Поддршка на локалниот економски развој.* Со почеток на спроведувањето на процесот на децентрализација во Македонија, за првпат општините добија надлежност да се грижат за локалниот економски развој. Една од активностите кои треба да имаат централно место во активностите на општините од овој вид е поддршката на развојот на малите и средните претпријатија и поттикнување на претприемништвото. Оваа надлежност на локалната самоуправа, како релативно нова, неопходно побарува голема инвентивност и креативност од локалните власти, кои ќе се во согласност со нивните стратешки планови и документи и ќе помогне во изнаоѓање на форми и мерки за поддршка на развојот на овие претпријатија за што секако потребна е и одредена координираност и корелација со централната власт;

- *Проекти за енергетска ефикасност.* Имајќи ги во предвид измени во Законот за енергетика и задолжителноста во спроведување на одредбите од овој закон, имајќи ја во вид се поголемата ограниченост на обновливите ресурси, оваа програма и активностите од овој вид повеќе од сигурно е дека во наредните години ќе завземаат се позначајно место во планирањето на буџетите на локалните самоуправи;

- *Изградба и одржување на јавно осветление,* како програма предвидена во буџетот на општина Охрид служи за реализација на активности од оваа област, подобрување на постојната мрежа, како и изградба на нови мрежи низ општината во оние делови каде што нема или има во недоволен обем. Во врска со овие активности во соодветна законска постапка преку ЈПП избран е јавен приватен партнер кој изврши модернизација, проширување и одржување на системот за јавно осветлување на општина Охрид;

- *Изградба, реконструкција на улици и патишта*, согласно позитивните законски програми овие активности се опфатени во програмата за уредување на грдежно земјиште а ги опфаќа активностите за изградба на нови улици и патишта кои се во надлежност на локалната самоуправа и реконструкција на постојните улици и патишта.

Од аспект на непречено одвивање на целокупната комуникација во границите на општината, овие активностите се итоа како битни од повеќе аспекти и не случајно овие активности според својот опфат во буџетот се една од позначајните и пообемни ставки;

- *Изградба на сообраќајна сигнализација,* како програма е во тесна врска со претходната програма и во своите активности ги опфаќа работите за поставување хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и патиштата во надлежност на општината а во насока на безбедно одвивање на сообраќајот, правилно информирање и заштита на сите учесници во сообраќајот;

- *Изградба на сиситеми за водоснабдување,* како активности се опфатени како во годишната програма така и во развојната програма а опфаќа активности за изградба и реконструкција на водоводни мрежи на територија на општина Охрид, активност која исто така е од големо значење за квалитетот на живеењето на граѓаните;

- *Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води,* активност која исто така е опфатена со програмат за уредување на градежно земјиште и ги опфаќа активностите за изградба и реконструкција на капацитети за одведување и пречистување на отпадни води, активности кои покрај тоа што директно влијаат на

квалитетот на животот на граѓаните исто така имаат значаен ефект за заштита на животната средина.

- *Изградба на паркови и зеленило,* програма која итоа како е значајна и важна во одржување на здрава животна средина и зачувување на истата,

- Во однос на наменските односно блок дотациите како што може да се види во Билансот на приходите и расходите со оглед на природата и изворите на средствата како и типот на расходите кои се сервисираат со овој тип на средства, истите во голема мера се реализирани. Она што треба да се истакне во однос на блок дотациите е фактот дека години наназад доделените блок дотации во областа на основното образование континуирано се недоволни за покривање на тековните обврски при што години наназад се интервенира со огромни средства од сопствениот буџет на Општина Охрид, додека во делот на средното образование континуирано остануваат непотрошени с-ва.

Раководството на општина Охрид во неколку наврати реагираше до соодветните инситуции со цел во наредниот период да се изврши реалокација на вишокот на средства од средното во основното образование со цел надминување на парадоксалната ситуација која моментално ја имаме во овој дел на буџетирањето, но како и претходно, така и во моментов нема слух за решавање на овој проблем.

Во однос на блок дотациите и буџетирањето на овие средства во делот на капиталните инвестиции подетални информации може да се добијат од надлежниот сектор односно од извештаите за остварувањата на програмите од основното односно средното образование и детските градинки.

***6. Транспарентност на буџетскиот процес***

Согласно трендовите кои го следат работењето на општините во модерниот свет а на кој нашата општина се повеќе посветува внимание е и аспектот на транспарентноста во работењето на општината. Во нашата општина континуирано се спроведува трендот на транспарентност во работењето, трендот на отворање на процесот на буџетирање кон јавноста, тренд кој значи целокупното работење на општината вклучително и буџетското работење да бидат навремено и целосно достапни за јавноста, со цел запазување на претходно споменатите принципи а во насока на чесно и одговорно работење на локалната самоуправа. Администрацијата е се поотворена во своето работење, се прифаќаат предлози и идеи од граѓаните, се овозможува целосен пристап до информациите од јавен карактер. Партиципацијата во ваквите процеси од страна на граѓаните гради мостови на доверба помеѓу локалните власти и граѓаните, помага во градењето на една транспарентна и одговорна локална власт, помага во подобрување на услугите кои ги добиваат граѓаните. Вклученоста на граѓаните во овие процеси е како во делот на креирањето на буџетот, предлагање, планирање на активностите, процесот на донесување на буџетот, процесите на извршување на буџетот така и при поднесување на отчет за сработеното, односно изготвувањето на завршните сметки, се со цел запазување на процесот на транспарентност во трошењето на нивните средства, висината, намената, остварувањата. Основните придобивки од транспарентноста во овие процеси е секако унапредување на демократските процеси во општеството, чувството за отвореност и отчетност кое го имаат граѓаните кон локалните власти и чувството на креатори на својата судбина, која произлегува од нивната активна улога во овој процес.

Во насока на ваквата транспарентност, согласно законските прописи, општините до Министерството за финансии редовно поднесуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за своето работење. Буџетот на општината, кварталните, полугодишните извештаи, како и завршната сметка на буџетот се објавуваат во Службен гласник на општината кој се објавува на официјалната веб страница на општината. Три основни принципи се битни во процесот на транспарентност на буџетскиот процес, и тоа:

- достапност на информации за буџетскиот процес, дали јавноста добива навремени, сеопфатни и точни податоци ;
- вклученост на граѓаните во процесот на донесување на буџетот и во колкава мера;
- мониторинг на процесот на извршување на буџетот.

Битен момент во овој процес е и тоа дали одлуките кои што се носат за трошење на народните пари, парите од буџетот, се донесени на транспарентен начин, дали одлуките кои ги носи локалната самоуправа и ги отсликува барањата односно мислењето и потребите на граѓаните или сето тоа се прави далеку од очите на јавноста. Во овој процес, голема е улогата на граѓанскиот и невладиниот сектор во поттикнување и развој на транспарентен мониторнинг систем, кој во голема мера ќе влијае на процесот на донесување на одлуките на локалната власт и секако намалување на лошото менаџирање со јавните ресурси и буџет. Иако ваквите процеси навидум не изгледаат лесни и се чини дека се ограничувачки, сепак постојат методи и начини за воведување на ваква пракса и систем на транспарентност и отчетност а во оваа насока во последно време силен поттик дава и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во нашата општина принципот на транспарентност се практикува на едно високо ниво на сите нивоа од работењето од започнување на процесот на буџетирање каде се користи методот на партиципативно буџетирање, процес кој буди се поголем интерес, процес кој опфаќа директна вклученост на јавноста во целокупниот процес на буџетирање од самиот почеток па до крај, односно од моментот на започнување на планирањето на буџетот, до моментот на изготвување на буџетот, реализацијата на буџетот и на крај отчетот за сработеното. Сето ова се остварува преку јавни трибини, средби со граѓани, средби со месни односно урбани единици, процес кој континуирано се вршеше од самиот почеток, пракса која во последните години беше во голема мера нарушена поради ситуација со пандемијата, но во креирањето на буџетот за 2023 година повторно беше успешно спроведена преку отворени денови за граѓаните, средби кои овозможија непосредна средба на граѓаните со стручните служби и директна вклученост во креирањето на програмите и буџетот со свои сугестии, мислења, барања и сл. Имајќи ја во предвид улогата на граѓаните во сите овие фази изразена на високо ниво со цел граѓаните да одлучуваат за своите потреби и приоритети, односно да се слушнат нивните барања и мислење продолжува и натаму. Една од најголемите улоги која ја игра транспарентноста кон која се стреми нашата општина не само во буџетскиот процес, туку и во целокупното работење е тоа што на тој начин расте одговорноста и транспарентноста во работењето, принципи кои порано или подоцна ќе мора да ги прифатат и спроведуваат сите, бидејќи целокупното работење, не само на локално ниво туку и на сите други јавни и државни институции се темели на работењето со парите на граѓаните.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Потставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | | 726.670.000 | 1.006.887.778 | 27.355.032 | 19.009.045 | 612.150.240 | 606.866.986 | 46.884.293 | 15.547.308 | 0 | 0 | 1.413.059.565 | 1.648.311.117 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 462.051.156 | 666.969.345 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 462.051.156 | 666.969.345 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 21.100.000 | 30.777.809 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.100.000 | 30.777.809 |
| R10 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 2.720.000 | 2.718.935 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.720.000 | 2.718.935 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.490.000** | **2.488.935** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.490.000** | **2.488.935** |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 400.000 |
| 425 Договорни услуги | 1.990.000 | 1.989.815 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.990.000 | 1.989.815 |
| 426 Други тековни расходи | 100.000 | 99.120 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 99.120 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **230.000** | **230.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **230.000** | **230.000** |
| 464 Разни трансфери | 230.000 | 230.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 230.000 | 230.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **726.670.000** | **721.346.734** | **27.355.032** | **17.972.768** | **612.150.240** | **606.866.986** | **46.884.293** | **15.547.308** | **0** | **0** | **1.413.059.565** | **1.361.733.796** |
| Т10 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА | 7.427.900 | 7.239.325 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.108.500 | 1.108.500 | 0 | 0 | 8.536.400 | 8.347.825 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.108.500** | **1.108.500** | **0** | **0** | **1.108.500** | **1.108.500** |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.108.500 | 1.108.500 | 0 | 0 | 1.108.500 | 1.108.500 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **7.267.900** | **7.079.325** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.267.900** | **7.079.325** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 2.438.200 | 2.417.825 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.438.200 | 2.417.825 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 2.597.000 | 2.597.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.597.000 | 2.597.000 |
| 464 Разни трансфери | 2.232.700 | 2.064.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.232.700 | 2.064.500 |
| **47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **160.000** | **160.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **160.000** | **160.000** |
| 471 Социјални надоместоци | 160.000 | 160.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 160.000 | 160.000 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| | 726.670.000 | 721.346.734 | 27.355.032 | 17.972.768 | 612.150.240 | 606.866.986 | 46.884.293 | 15.547.308 | 0 | 0 | 1.413.059.565 | 1.361.733.796 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија<br>Ставка О П И С<br>Потставка | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | **ВКУПНО** | |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 6.100.000 | 6.100.000 | 16.356.982 | 13.277.407 | 65.930.000 | 65.790.262 | 0 | 0 | 0 | 0 | 88.386.982 | 85.167.669 |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **55.331.662** | **55.193.630** | **0** | **0** | **0** | **0** | **55.331.662** | **55.193.630** |
| 401 Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.053.690 | 38.954.104 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.053.690 | 38.954.104 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.137.972 | 15.099.526 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.137.972 | 15.099.526 |
| 404 Надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.140.000 | 1.140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.140.000 | 1.140.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **6.100.000** | **6.100.000** | **16.356.982** | **13.277.407** | **10.442.316** | **10.440.610** | **0** | **0** | **0** | **0** | **32.899.298** | **29.818.017** |
| 420 Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 7.500 | 7.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.500 | 7.500 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.474.105 | 7.474.102 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.474.105 | 7.474.102 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 14.102.168 | 11.649.919 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.102.168 | 11.649.919 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 1.050.619 | 822.437 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.050.619 | 822.437 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 924.695 | 527.419 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 924.695 | 527.419 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 272.000 | 270.132 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 272.000 | 270.132 |
| 427 Привремени вработувања | 6.100.000 | 6.100.000 | 0 | 0 | 2.968.211 | 2.966.508 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.068.211 | 9.066.508 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **156.022** | **156.022** | **0** | **0** | **0** | **0** | **156.022** | **156.022** |
| 464 Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 | 156.022 | 156.022 | 0 | 0 | 0 | 0 | 156.022 | 156.022 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | **ВКУПНО** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **726.670.000** | **721.346.734** | **27.355.032** | **17.972.768** | **612.150.240** | **606.866.986** | **46.884.293** | **15.547.308** | **0** | **0** | **1.413.059.565** | **1.361.733.796** |
| VA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 1.400.000 | 1.399.891 | 2.480.000 | 1.698.148 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.880.000 | 3.098.039 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.400.000** | **1.399.891** | **2.480.000** | **1.698.148** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.880.000** | **3.098.039** |
| 480 Купување на опрема и машини | 400.000 | 400.000 | 680.000 | 598.148 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.080.000 | 998.148 |
| 481 Градежни објекти | 0 | 0 | 1.800.000 | 1.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.800.000 | 1.100.000 |
| 482 Други градежни објекти | 1.000.000 | 999.891 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 999.891 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА
## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **726.670.000** | **721.346.734** | **27.355.032** | **17.972.768** | **612.150.240** | **606.866.986** | **46.884.293** | **15.547.308** | **0** | **0** | **1.413.059.565** | **1.361.733.796** |
| W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 29.572.000 | 27.494.418 | 0 | 0 | 6.928.000 | 4.250.519 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36.500.000 | 31.744.937 |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **25.892.000** | **23.840.737** | **0** | **0** | **6.928.000** | **4.250.519** | **0** | **0** | **0** | **0** | **32.820.000** | **28.091.256** |
| 401 Основни плати | 16.823.000 | 15.235.063 | 0 | 0 | 4.070.000 | 2.883.306 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.893.000 | 18.118.369 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 7.130.000 | 6.880.329 | 0 | 0 | 2.776.000 | 1.308.407 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.906.000 | 8.188.736 |
| 404 Надоместоци | 1.939.000 | 1.725.345 | 0 | 0 | 82.000 | 58.806 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.021.000 | 1.784.151 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **3.680.000** | **3.653.681** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.680.000** | **3.653.681** |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 550.000 | 526.026 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550.000 | 526.026 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 1.250.000 | 1.249.005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.250.000 | 1.249.005 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 1.430.000 | 1.429.579 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.430.000 | 1.429.579 |
| 425 Договорни услуги | 450.000 | 449.071 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 | 449.071 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **726.670.000** | **721.346.734** | **27.355.032** | **17.972.768** | **612.150.240** | **606.866.986** | **46.884.293** | **15.547.308** | **0** | **0** | **1.413.059.565** | **1.361.733.796** |
| WA0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 1.593.000 | 1.569.995 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.593.000 | 1.569.995 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.593.000** | **1.569.995** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.593.000** | **1.569.995** |
| 480 Купување на опрема и машини | 560.000 | 556.774 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 560.000 | 556.774 |
| 481 Градежни објекти | 850.000 | 846.907 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 850.000 | 846.907 |
| 483 Купување на мебел | 183.000 | 166.314 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 183.000 | 166.314 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **726.670.000** | **721.346.734** | **27.355.032** | **17.972.768** | **612.150.240** | **606.866.986** | **46.884.293** | **15.547.308** | **0** | **0** | **1.413.059.565** | **1.361.733.796** |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 500.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 | 400.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **460.000** | **400.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **460.000** | **400.000** |
| 425 Договорни услуги | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 426 Други тековни расходи | 430.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 430.000 | 400.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **40.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **40.000** | **0** |
| 464 Разни трансфери | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 | 0 |

**ЧЛЕН 3**

Завршната сметка на Општина Охрид за 2023 год. се објавува во "Службен гласник на Општина Охрид".

**Број 08-2953/94**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/181**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 29 став 1 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на средствата во Буџетот на Општина Охрид за 2024 година на следниот начин:

| **Програма Потставка** | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| **N 10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425750 Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 2.562.000,00 | 0 | 0 |
| **N 20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 425750 Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 0 | 6.286.776 ,00 | 0 | 0 |
| **N 10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 742114 Приходи од европски држави | 0 | 0 | 2.562.000,00 | 0 | 0 |
| **N 20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 742114 Приходи од европски држави | 0 | 0 | 6.286.776,00 | 0 | 0 |

**Член 2**

Предлог-измените и дополнувањата во наведените програми стануваат составен дел на Буџетот на општина Охрид за 2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/95**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/182**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008 , 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 ), член 36 став 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 18 став 6 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Мислењето на ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Охрид бр. 03-52/2 од 20.02.2024 година**,** Советот на Општина Охрид на седница одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2024 година.

Програмата дефинира 6 општи мерки за заштита на населението на општина Охрид од заразни заболувања, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

1) обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2) обезбедување хигиенски исправна вода во езерото;

3) отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);

4) вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други хигиенско- технички мерки на населени места и други јавни површини;

5) обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај,како и најавни места и

6) обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2024 година ќе се преземат следните мерки:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2024 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдувањето на општина Охрид го врши ЈП „ Водовод“ Охрид и тоа за населените места: Орман, Рача, Велгошти, Лескоец, Д.Коњско, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи кои се во системот ЈП „ Водовод“ Охрид се снабдуваат населените места: Трпејца, Љубаништа, Ливоишта, Вапила, Г.Лакочереј и Д.Лакочереј. Сопствени водоводи имаат селата: Рамне, Велестово, Косел, Сирула, Скребатно, Елшани, Расино, Опеница, Завој, Свињишта и Куратица.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи и тоа: Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**Планирани активности**

Согласно Правилникот за безбедност на водата ( „Сл.Весник на РМ“ бр.183/18), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје Охрид и Институтот за јавно здравје Скопје. Испитувањето на санитарно – хигиенска исправност заради можност од евентуални загадувања и спречување на ризик од заболување на населението, се врши два пати годишно на мостри на сирова вода (нехлорирана ) од 5 изворишта Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол во Институт за јавно здравје на РМ-Скопје. Испитувањата се земаат пред почеток и на крај на туристичката сезона. Исто така се врши испитување на квалитетот на водата и од мостри земени од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа.

На мострите испратени во ИЈЗРМ се вршат следните анализи:

- Проширена физичко - хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали;
- Анализа за присуство на пестициди
- Паразитолошка анализа и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Центарот за јавно здравје Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2024 година ќе врши еднаш неделно на 10 мерни места од системот за водоснабдување, а од останатите по една мостра месечно.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје Охрид се врши:

- Основна микробиолошка и хемиски анализа;
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи се прави и трета контрола од страна на вработените во ЈП „Водовод“ – Охрид. Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата. Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработените во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед.

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено се земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење, од мај до септември по 35 примероци месечно. Вкупниот број на земени примероци езерска вода минимум изнесува 170 според Националната програма за јавно здравје на РСМ. Испитување на квалитетот на водата кај градското пристаниште се врши и во јануари пред празникот Водици.

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали.

**Перманентни активности**

Покрај горе споменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници.

Вкупната должина на постојната канализациона мрежа изнесува околу 181,7 км, од кои:

- мешовита канализациона мрежа 41 км,
- фекална канализациона мрежа 94,7 км,
- атмосферска канализациона мрежа 45 км и
- 7 ( седум ) препумпни станици

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајни површини, одржувањето на пешачките патеки, детските игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирањето и депонирањето на собраниот смет се врши заради обезбедување на здрава и чиста средина.

Организираното собирање на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица „Комунална Хигиена“ на подрачјето на градот Охрид, како и во 24 населени места. Собирањето на отпадот во 2024 година ќе се врши секојдневно во потесното градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно. Во текот на летната сезона во потесното градско подрачје комуналниот отпад се врши четири пати во текот на денот.

Исто така ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика, стара хартија и стакло со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на Општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

**Планирани активности**

За превентивно спречување на појава од заразни болести одржувањето на канализационата мрежа ќе се врши секој ден во текот на 2024 година и тоа:

- Редовно одржување на линии - ќе се врши преглед и чистење на линии механичко и со пумпа. Работата ќе се одвива во две смени;
- Ќе се вршат интервенции на отклонување на дефекти и застои по пријава на граѓани, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година;
- Ќе се врши преглед на пумпните станици, механичката опрема, електро опремата, нон стоп во текот на 24 часа во текот на цела година.

На седумте пумпни станици покрај секојдневното редовно контролирање во електричниот и механичкиот дел и ќе се вршат интервенции на чистење на јамите кај сите седум пумпни станици, ќе се вршат и замени и поправки на делови од опремата - пумпи, мотори и сл.

- Тековно одржување на улична ( фекална ) канализациона мрежа .........км 181,7,
- Одржување на ревизиони, приклучни и прекршни шахти..................... бр.8000,
- Чистење на улични сливници................................................................... бр.1500,
- Планско темелно чистење на улична ( фекална ) и атмосферска.............

канализациона мрежа........................................................................ км 181,7

- Електромашинско и механичко одржување на црпни станици ............ бр. 7

**Перманентни активности**

Редовно се врши чистење на уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти. Собирањето на сметот се врши перманенто согласно динамиката предвидена со годишната програма за подигање на комуналниот отпад по денови и региони, а метењето на улиците се врши според категоризацијата на улиците. Редовно се прават контроли од страна на комунална инспекција.

**Вонредни активности**

Ќе се вршат околу 2.000 интервентни чистења уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Ќе се вршат чистења на локации каде има појава на т.н.диви депонии.

Ќе се врши и контрола по пријави на граѓани.

**4. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 ) треба да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училиштата и предучилишните установи, Студенскиот дом, социјалните установи, објекти за водоснабдување, пазарот, автобуските станици и другите јавни објекти, средствата за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на Општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување на превентивни мерки за заштита на населението од заразни болести од ЈЗУ „Центарот за Јавно здравје“ – Охрид, Локалната самоуправа на општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

**Планирани активности**

*Дезинсекција против комарци*

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат стално присуство на бројни популаци на комарци и други штетни инсекти во регионот на општина Охрид. Со цел редукција на комарците и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мерка ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава човекова околина неопходно е примената на општи и специфични мерки :

- Подигање на свеста на населението за здравствените ризици од комарците, крлежите и другите вектори преку едукација и информации, пропаганден материјал, информативни постери, флаери, летоци и нивна дистрибуција меѓу населението, соработка со медиумите со цел здраствена промоција .

**Рок:** во тек на годината

- Исушување на застојни води (бари) и остранување на сите предмети каде се задржува вода која претставува средина за множење на комарци,

- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите

**Рок:** во тек на годината

- Евидентирање(мапирање ) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива, при што ќе достави информација за севкупната површина и достапноста на потенцијалните места за размножување на комарците.

**Рок:** јануари до март

- Изработка на Предлог програма за дезинсекција
- Ларвицидна дезинсекција

**Рок:** од март до септември

- Адултицидна дезинсекција

**Рок:** од мај до септември

- Мониторинг на спроведувањето и квалитетот на спроведената дезинсекција

**Рок:** Во тек на спроведување

Места кои треба да бидат третирани се: Охридското крајбрежје на потег од с. Подмоље до комплексот Св. Наум, подножјето на планината Галичица - населба Билјанини извори и централното градско подрачје до улица Железничка, Студенчишко блато и по потегот на реката Грашница и Коселска река.

Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во даденото подрачје. Ларвицидната и адултната дезинсекција ќе се врши согласно Акциониот план, односно од рана пролет до касна есен и да се спроведуваат на стурчен и организиран начин. Средствата со кои ќе се врши дезинсекцијата треба да бидат согласно препораките на Светската здравствена организација и да бидат регистрирани и одобрени од Секторот за хемикалии при Министерството за здравство. Извршителот на дезинсекцијата ќе се утврди во постапка и на начин согласно Законот за јавни набавки. По извршената дезинсекција, извршителот треба да достави извештај до Центарот за јавно здравје, до локалната самоуправа, до Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Инситутот за јавно здравје. Контролата на спроведената дезинсекција ќе ја вршат Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Институтот за јавно здравје.

**Дератизацијата** ќе се врши со поставување на висечки мамци или статички парафински блокови во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода.

**Превентивната дератизација се спроведува двапати годишно** :

1. Пролетна дератизација (прв дел од дератизациониот процес) - 2.000 шахти

**Рок : од март до мај**

**2. Есенска дератизација** (втор дел од дератизациониот процес ) – 2.000 шахти

**Рок: од октомври до ноември**

**Два пати годишно** (пролет и есен) кога се очекува и најголема биолошка појава на штетни глодари треба да се третираат и други критични точки: јавни депонии и ѓубришта, околу семејни згради и куќи ( во подрумски простории, шупи) за да не се наруши хигиено- епидемиолошката состојба во општина Охрид. Доколку постојат предуслови дератизација ке се изведува и во селските населби.

**5.Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Охрид во тек на 2024 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студенски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

Планирањето и водењето на овие активности е во рамките на Агенција за храна.

За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ Охрид, ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2024 година. Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје. Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

Исто така ќе се испитува биолошкиот квалитет на храната преку конзумно-амалитичка метода, како и следење на нутритивниот статус во функција на рана детекција на прекурсори на можни здравствени ризици за појава на хронични незаразни заболувања. За превенирање на болестите поврзани со небезбедна храна во текот на 2024 год. Ќе се врши бактериолошка анализа на приготвената храна.

**6.Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Со здравствено воспитување во 2024 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири, трибини и медиуми.

Исто така ќе се изготват едукативни материјали за подигање на свеста на населението и редовно ќе се држат предавања на тема хигиената на храната и заштита на животната средина.

Со влегување во сила на оваа Програма, престанува да важи Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населениото од заразни болести бр. 08-3254/101 од 14.03.2023 година.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-2953/96** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕТСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Годишната програма на општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/183**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 159 од Законот за права на децата („Сл.весник на РМ“ бр. 148/13, 152/19 и 275/12), член 4 ст.1 од Деловник за работа на општински совет за превенција на детско претстапништво бр.29-18593/2 од 15.12.2023 година, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната :

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Програмата на општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид за 2024 година е изготвена согласно чл.159 од Законот за правда на децата (Сл.весник на РМ бр. 148/13, 152/19 и 275/12), Член 4 ст.1 од Деловник за работа на општински совет за превенција на детско претстапништво бр.29-18593/2 од 15.12.2023 година и е во согласност со Националната стратегија за превенција на малолетничко

престапништво и Годишната програма за работата на Државниот Совет за малолетничко престапништво.

Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид е формиран на 29.08.2023 година со Одлука на Совет на општина Охрид бр. 08-12881/114 од 29.08.2023 година и брои 11 членови.

Програмата на општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид за 2024 година ја изготвува Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид, кој исто така донесува:

- деловник за својата работа,
- на подрачјето на општина Охрид врши работи за следење на состојбите, покренува иницијативи за нивно подобрување и
- развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детско претстапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Во општина Охрид постојат 4 средни училишта, 9 основни училишта, вклучувајќи го и музичкото училиште, 5 детски градинки и 3 високо образовни институции.

Превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид претставува активност на сите општествени чинители (семејство, полиција, образовни институции, социјални, педагошки служби, здравствени установи и др.) и бара сериозен и мултидисциплиниран пристап во реализирање на превентивните активности.

Годишната програма за 2024 година за работа на Општинскиот Совет за превенција на малолетничко престапништво за општина Охрид претставува оперативен документ, за реализација на конкретни приоритетни цели и задачи во тековната година.

За својата работа, општинскиот Совет за превенција на малолетничко престапништво најмалку еднаш годишно го известува Советот на општина Охрид и Државниот совет за превенција на малолетничкото престапништво.

Програмата на Советот за превенција на малолетничко престапништво се финансира од буџетот на општина Охрид и од други средства.

Оваа програма е изготвена според Националната Стратегија за превенција на малолетничко престапништво како и Годишната програма за работата на Државниот совет за малолетничко престапништво.

## ЦЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Општинскиот совет за превенција на малолетничкото престапништво на општина Охрид дефинира приоритетни програмски активности кои се групирани во три области, кои се во согласност со приоритетите на Националната стратегија за превенција на малолетничко престапништво и годишната програма за работата на Државниот Совет за малолетничко престапништво.

Општите цели на оваа програма се:

1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид;
2. Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за постоечкиот и растечки проблем со малолетничката делинквенција;

3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка на ОСПМП со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на национално, регионално и локално ниво.

**ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

**1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид**

Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на територијата на општина Охрид се врши преку истражување во училиштата и анализа на документацијата и статистиките на Министерството за внатрешни работи, Центарот за социјални работи, обвинителствата и судовите со цел да се добие прецизна бројка малолетни престапници, најчесто сторени кривични дела и прекршоци, како и да се детектираат проблемите со кои се соочуваат социјалните и педагошките служби. Од посебен интерес е да се организираат работни средби со основци и средношколци за директно да се детектираат ризиците и изворите за малолетничко престапништво и работни средби со стручниот кадар од училиштето заради детекција на проблемите со кои се соочуваат и врз основа на тоа да се бараат соодветни солуции.

Врз основа на наведените активности ќе се направи проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид, ќе се утврдат фактори на ризик и врз основа на тоа ќе се планираат превентивните активности. Ќе се утврди и трендот на малолетничкото претстапништво на општина Охрид, етиолошки и феноменолошки карактеристики на малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид. Врз основа на добиените резултати ќе се утврди и профилот на малолетниот престапник.

**2.Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за проблемот со малолетничката деликвенција**

Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за проблемот со малолетничката деликвенција претставува континуиран процес кој ги вклучува сите општествени чинители.

Малолетничката делинквенција е проблематика која бара сериозен и координиран системски пристап со цел да се влијае на јавноста на подигање на свеста и разбирање на сериозноста на малолетничкото престапништво и последиците кои произлегуваат. Имајќи во предвид дека се работи за најранлива категорија, неопходно е заедницата да го третира проблемот со малолетничка делинвенција со посебен сензибилитет.

Со цел да се делува ефективно и ефикасно на локално ниво, општинскиот Совет за превенција на детско претстапништво на општина Охрид ќе иницира и организира јавни расправи, трибини, дебати, контактни емисии на локални медиуми кои ќе имаат тематски пристап. Најактуелни теми се темите за врсничко насилство, сајбер криминал, младите и зависностите, организирани форми на криминал и младите, спречување на рецидивизмот кај младите итн.

Во соработка со основните и средни училишта, невладините организации, Младински совет, Црвен крст-Охрид. Одделот за превенција при СВР Охрид, Комисијата за еднакви можности, Локалниот совет за превенција на општина Охрид, ќе

се оддржат едукативни работилници за пооделни целни групи (родители, ученици, наставници) како потенцијални инволвирани страни, на кои посебен акцент ќе се стави на последиците од малолетничкото престапништво, но и како да се делува во насока на превенција на појавата на малолетничко претстапништво. Ќе се планираат и проектни активности и кампањи со цел подигање на свеста кај основците и средношколците за оваа појава, но и на целата заеница. Исто така овие работилници треба да промовираат здрава и безбедна средина, креативно користење на слободното време, спортско-рекреативни и забавни активности што ќе овозможи правилен психо-физички раст и развој и отргнување на малолетниците од девијантни појави.

**3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на локално, регионално и национално ниво**

Оваа цел ќе се постигне преку организирање директни средби со преставниците на сите засегнати надлежни институции, како што се од стручните служби од основните и средните училишта, невладините организации, Центар за социјални работи, Младински совет, Одделот за превенција при СВР Охрид, Основно јавно обвинителство, Основен суд Охрид, Државен Совет за превенција на малолетничко престапништво и др. Целта на овие средби е координација на тековните активности и размена на информации за добри практики и позитивни искуства.

Особено значајна е и соработката на Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид со општинските совети за превенција на малолетничко престапништво од другите општини, обезбедувајќи размена на искуства и координација на можни идни заеднички активности и проекти за превенција на малолетничкото престапништво на регионално ниво.

Постои тесна соработка и заеднички координирани активности помеѓу Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид и Локалниот совет за превенција на општина Охрид и Комисијата за еднакви можности.

Заради успешно реализирање на програмските активности за 2024 година неопходно е формирање на работни групи кои ќе покриваат посебни полиња на интерес. Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид ги формира следните работни групи:

1. Работна група за поддршка на малолетни престапници;
2. Работна група за оддржување работилници и предавања во основните и средните училишта на теми за превенција на малолетничко претстапништво;
3. Работна група за изготвување на проекти од областа превенција на малолетничко престапништво;
4. Работна група за остварување на средби со основци и средношколци;
5. Работна група за остварување на средби со стручните служби во основните и средните училишта;

Во зависност од потребите и програмските активности, може да се формираат и нови работни групи, како и да се оствари соработка со спортски, културни здруженија, невладини и др. организации.

Составен ден на Програмата за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2024 година е Акцискиот план за реализација на Програмата за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2024 година.

Општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид за реализираните програмски активности од Програмата за за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2024 година изготвува Извештај кој го доставува до Советот на општина Охрид и Државниот Совет за превенција на малолетничко претстапништво.

**Акциски план за реализација на Програмата за превенција на малолетничко престапништво на Општина Охрид за 2024 година**

| Ред .бр. | Опис на активност | Време | Одговорни страни | Цел |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Континуирано собирање на податоци и анализа на документи за проценка на состојбата малолетничкото престапништво | Март - Декември | ОСПМП, Стручни служби – ООУ и СОУ, МВР, ЦСР, Основен суд | Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид |
| **2.** | Работилница на тема „Свесно родителство” | 23 март | ОСПМП, КЕМ, Совет на родители | Зголемување на свеста на родителите за големи предизвици, пречки, двоумици и недвоимици, булинг, врсничко неразбирање, преран пубертет, депресии, детска изолација, депресија. |
| **3.** | Трибина со стручен тим во општинските основни и средни училишта за прерано стапување во сексуални односи | Април | ОСПМП, КЕМ во соработка со стручни лица и невладини организации | Да се едуцираат учениците од 9-то одделениие и средношколците со цел да се зголеми свеста за последиците од преране стапување во сексуални односи |
| **4.** | Капања против зависности | Октомври | ОСПМП,КЕМ,Стручни служби и совети на родители – ООУ и СОУ, МВР, ЦСР | Едукација на учениците од основните и средните училишта<br>Подигнување на свеста за последиците од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | зависностите |
| **5.** | Кампања за спречување булинг и сајбер насилство | Март – Декември | ОСПМП, Основни и средни училишта, КЕМ, невладини организации | Подигнување на свеста за последиците од булинг и сајбер насилство<br>Спречување на насилство кај младата популација |
| **6.** | Соработка и средби со претставници на ДСПМП и ОСПМП од другите градови во РМ | Март – Декември | ОСПМП | Размена на искуства и реализирање на заеднички активности |
| **7.** | Кампања „Крени глас против врсничкото насилство’’ | Март-Декември | ОСПМП, Макпетрол, основни училишта | Споделување на знаења и искуства за решавање на проблемите поврзани со врсничко насилство |
| **8.** | Редовни работни средби со основци и средношколци | Март-Декември | ОСПМП, ученички клубови, основни и средни учишта | Да се детектираат проблемите и факторите на ризик |
| **9.** | Редовни работни средби со стручен кадар од основните и средните училишта | Март-Декември | ОСПМП, основни и средни училишта | Да се детектираат проблемите и факторите на ризик |
| **10.** | Реализирање на проектни активности (електронска платформа-форум за млади и поставување на кутии во училиштата за поплаки, пофалби и сл. активности) | Март-Декември | ОСПМП, основни и средни училишта, невладини организации | Младите да имаат можност да го искажат своето мислење, проблемите и предизвиците со кои се соочуваат |
| **11.** | Соработка со спортски здруженија и клубови на подрачјето на општина Охрид | Март-Декември | ОСПМП, спортски клубови и здруженија, основни и средни училишта | Промовирање на здрав живот и здрави навики, креативно користење на слободното време |
| **12.** | Вклучување во сите активности кои не се предвидени во програмата, но се поврзани со превенција на малолетничко претстапништво. | Март-Декември | ОСПМП, КЕМ, невладини организации, Младински совет, Црвен крст, државни институции и служби, основни и средни | Активно учество во превенција на малолетничко престапништво на подрачјето на општина Охрид. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | училишта. | |

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-2953/97** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2024 - 2026**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програмата за измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2024 - 2026, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/184** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2024-2026**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2024-2026 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-18774/20 од 27.12.2023 год.

**Во делот IV-2**

- **Точка 2 се менува и гласи**

**Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 9 УБ 9.3 и ДУП УЗ9 УБ 9.3**

- **После точка 3 следуваат точките 4, 5 и 6**

| **IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1 | Прив.иницијатива |
| 2 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 9 УБ 9.3 и ДУП УЗ 9 УБ 9.3 | Прив.иницијатива |
| 3 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП УЗ10 УБ 10.1 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 4 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 11 УБ 11.1 и ДУП УЗ11 УБ 11.1- опфат 3 | Прив.иницијатива |
| 5 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.3 и ДУП УЗ12 УБ 12.3 - опфат 4 | Прив.иницијатива |
| 6 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.5 и ДУП УЗ15 УБ 15.5 - опфат 2 | Прив.иницијатива |

**Во делот IV-3**

- **Во точка 23 после 23.1 се додава потточка 23.2**
- **Во точка 29 се додава потточка 29.1, потточката 29.1 станува 29.2, а потточката 29.2 станува потточка 29.3**

| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **23** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 23.2 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 3 | Прив.иницијатива |
| **29** | **Урбан блок 16.1** | |
| 29.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 29.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | Прив.иницијатива |
| 29.3 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | Прив.иницијатива |

Оваа Програма за измени и дополнување на Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/98** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** програмата за измени на годишната програма за млади и невладини организации за 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/185** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2024 ГОДИНА**

***Воведни напомени***

Општина Охрид ја препознава улогата на младите во развојот на општествените, демокаратски процеси, па затоа дава постојана систематизирана поддршка со цел нивно поголемо, активно вклучување во општествените процеси, а со самото тоа и развојот на

градот. Програмата за млади и невладини организации претставува дополнителна алатка за вклучување на младите во сите активности на локално ниво и истата служи како водичи гаранција за успешна и просперитетна локална заедница.

Освен тоа за општина Охрид од клучна важност е и граѓанскиот сектор и неговата улога во развојот на општеството. Целта на општината е да обезбеди поголема вклученост и на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики со што би се постигнал развој на градот, а притоа би се подобрил и животот во заедницата. Со спроведувањето на програмата се воспоставува партнерски однос меѓу општина Охрид и граѓанските организации, онаму каде што општината има потреба од одредена задача, а тие можат да одговорат на истата. Се разбира, општина Охрид ја почитува независноста на граѓанските организации, како и нивната слобода при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од сето ова произлегува основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид- да претставува мост на поврзување помеѓу младите, невладините организации и општината. Задачата на вработените во одделението за млади и невладини организации, водејќи се според оваа програма, е овозможување услови за подобра положба на младите во општеството, нивно учество во креирањето на младинските политики кои се важни за развојот на градот, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

**ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

***1. Учество во проектот ReLOAD2***

Општина Охрид втора година активно учествува во проектот на програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) ReLOaD2 откако беше потпишан меморандумот за разбирање помеѓу двете инволвирани страни. Проектот Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан 2 ReLOaD2е финансиран од Европската унија и го спроведува програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во шест земји од Западен Балкан. Проектот ќе трае до декември 2024 година и истиот има за цел јакнење на партиципативната демократија и процесите за интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската Унија преку јакнење на граѓанското општество и младите за нивно активно учество во процесот на донесување одлуки. Со проектот се поттикнуваат локалните власти да го користат јавното финансирање за граѓанските организации на транспарентен и развојно ориентиран начин, препознавајќи ги локалните потреби.

Согласно потпишаниот меморандум, Општина Охрид се обврзува да издвои средства од општинскиот буџет во висина од 25%од вкупниот одобрен буџет на проектот. Средствата ќе бидат наменети за кофинансирање на проектите на граѓанските организации кои ќе бидат избрани преку јавни повици организирани во рамки на самиот проект.

Општина Охрид и проектот ReLOaD2 во тековнава година а и следната ќе објави јавен повик до граѓанските организации за поднесување предлог проекти кои се доследни на развојните цели за кои преку јавен повик општината ќе ги определи како приоритетни за 2024 година.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Средства наменети за кофинансирање на проектите на ГО во рамките на проектот ReLOaD2 | ***881,648.00 МКД 464990*** |

## ПОДДРШКА НА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

### *1. Проект: МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД*

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат б лагосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други апекти од животот на младите.Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

Врз таа основа а спрема член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),член 18 став 1 точка 10, како и член 114 и 115 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10,05/11,09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.Весник на РМ“ бр.10/20), како и Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спортСоветот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 11.2021 година донесе одлука за отстапување на времено користење и спроведување постапка за формирање на Младински Центар Охрид.Воедно по претходно објавен јавен повик бр.09- 433/2 од 13.01.2022 за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со младинскиот центар – Охрид Општина Охрид донесе решение со кое **Коалиција на младински организации СЕГА** од Прилеп се избира за оператор на Младински Центар Охрид.Во рамките на истиот по претходно објавен оглас на Коалиција на младински организцаии СЕГА вработени се три лица од кои еден раководител и двајца младински работници.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД ЗА 2024 ГОДИНА

Младинскиот центар во Охрид е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

Целта на постоењето на младинскиот центар Охрид е да се обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- неформалнообразование: обучување и подучување на млади;
- информирање, менторство, подучување и советување;
- информалноискуственоучењекое се случува во слободновременизучество во забавни и волонтерскиактивностиорганизираниза и одмлади.

Младинскиот центар и оваа година ќе биде отворен секој работен ден и ќе биде достапен за младите најмалку 40 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период

младите можат да доаѓаат во Центарот, да учествуваат во програмските активности и да ги користат постојаните услуги или пак да се самоорганизираат, дружат и да ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 1: КООРДИНАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ПРОЕКТОТ

**Координативни состаноци**

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО ќе организираат редовни месечни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид. На состаноците ќе учествува и Извршниот директор, а по потреба ќе се вклучат и други членови од персоналот на СЕГА.

На првиот иницијален состанок во јануари 2024 година, проектниот тим ќе подготви оперативен план за спроведување на активноститеза 2024 година и ќе дефинира индикатори за успех. На иницијалниот состанок, проектниот тим ќе креира Календар за одбележување на позначајни интернационални денови во годината кои се од интерес на младите.

**Обезбедување на техничка и логистичка поддршка за програмски активности**

Проектниот тим ќе биде задолжен за целосна техничка и логистичка поддршка за сите настани предвидени со програмата на МЦО. Тој ќе биде задолжен за обезбедување на простор за одржување на настаните и состаноците, набавка на материјали и технички материјали, како и обезбедување на храна и освежување.

Тековно ќе се развиваат и дополнуваат сите неопходни процедури за работа кои ќе овозможат непречено функционирање на Младинскиот Центар Охрид.

**Известување**

Младинските работници се одговорни за документирање на спроведените активности според претходно утврдени правила од страна на Коалиција СЕГА. Раководителот на МЦО е одговорен на месечна основа да ја прибере и документира целосната административна документација од спроведените активности и ја испраќа до Проектниот координатор во форма на месечен извештај. Проектниот координатор и раководителот се задолжени за известување и комуникација со Општина Охрид. Финансискиот менаџер е задолжен за реализација на сите плаќања предвидени со буџетот на Младинскиот Центар Охрид, во согласност со финансиските процедури на СЕГА, како и за чување и документирање на финансиската документација од проектот и подготовка на финансиски извештај.

**Дисеминација и видливост**

Проектниот тим ќе биде задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот редовно ќе споделува информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, tweeter, youtube) ќе се користат како канали за комуникација со јавноста. Дополнително, на почетокот на календарска година ќе се подготви Комуникациска Стратегија на Младинскиот Центар, која ќе биде водилка за активностите кои се однесуваат на видливост и промоција на центарот.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 2: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА МЛАДИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ

**Интерна Обука за јакнење на капацитетите на младинските работници**
Во првиот квартал на спроведување на програмата на МЦО, СЕГА ќе организира интерна обука со цел зајакнување на вештините за работа со млади. Интерните обуки ќе бидат фокусирани кон успешно спроведување на Програмските Активности на МЦО, а ќе бидат спроведувани од претставници на персоналот на СЕГА.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 3: ПРОМОЦИЈА НА РАБОТАТА НА МЦО

**Креирање на промотивен материјал**
За потребите од промоција на Младинскиот Центар Охрид, ќе се креирапромотивен материјал (нотеси, хартиени кеси, балони, белезици, маички) кои ќе се користат наменски при реализацијата на програмските активности.
Дополнително ќе се брендираат дел од прозорците со цел поголема видливост на самиот Центар.
**Организирање на ИНФО ДЕНОВИ за промоција на Младински Центар Охрид**
Во текот на 2024 година МЦО ќе продолжи да организира активности Инфо Денови, преку кои ќе се промовира работата на Младинскиот Центар, активностите, можностите за вклучување на локалните млади, како и услугите што ги нуди младинскиот центар за младите. Инфо деновите ќе бидат организирани на различни локации на кои фрекфенцијата на млади е најголема и на истите ќе се користат флаери и промотивни материјали со логото на МЦО и логото на Општина Охрид.
**Промоција на МЦО на социјалните мрежи**
На креираните профили на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram) кои се користат како канали за комуникација со јавноста, секојдневно ќе се врши промоција на Младинскиот Центар и промоција на услугите и програмите што ги нудиме. Со оваа промоција се планира да се опфатат месечно околу 3 000 млади (допаѓања на фејсбук страната, рекации на постови, прегледи, импресии итн.), а истата бројка се очекува секој месец да се зголемува. Со цел поголема видливост на социјалните мрежи предвидени се средства за спонзорирање на социјалните мрежи.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 4: ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ОХРИД

**Програма: Младинско Учество**
Во рамките на програмата за Младинско Учество во текот на 2024 година, Младинскиот Центар Охрид ќе спроведе кампања за поттикнување и унапредување на младинското учество. Кампањата ќе вклучи неколку компоненти:
[1] Е-младинско учество: поттикнување на учеството на младите преку дигитални алатки и платформа за дигитално младинско учество inciraj.mk (со која раководи Коалиција СЕГА)
[2] Работилници за младинско учество со млади на возраст од 15 – 29 години: Целта на овие работилници ќе биде младите да се запознаат со скалилата на учество и можностите како тие да се вклучат во процесите на донесување одлуки согласно постоечката законска регулатива

[3] Младински кругови – на теми кои се од интерес на младите Охриѓани а кои се во доменот на функционирањето на локалната самоуправа
[4] Ученичко учество – работилници со ученичките организации формирани во средните општински училишта за воспоставување процедури за работа, креирање на годишни програми и застапување за интересите на учениците
[5] Соработка со Локален Совет за Млади и Собрание за млади
[6] Клуб за Дебата – серија на работилници со млади со цел зајакнување на нивните вештини за јавно говорење, дебатирање и анализа на локалните проблеми.

**Програма: Младинско Информирање**

Со цел навремено и точно информирање на локалните млади за сите можности кои им се нудат (волонтерство, образование, култура, повици за учество на младински размени, стипендии, локални јавни повици, огласи за вработување, огласи за практикантсво), младинските работници секојдневно ќе објавуваат информации на веб страната и на социјалните мрежи. МЦО ќе продоложи да биде центар за документација и информирање со прибирање на печатени и електронски публикации, прирачници, книги и важни документи од обласа на младите. Исто така младинските работници ќе ги промовираат европските програми за интернационални мобилности и волонтерство, интеркултурни размени како и можностите за искористување на овие програми од страна на младите.
Во рамките на оваа програма во Младинскиот Центар Охрид ќе продолжи да работи Медиа Клубот. Преку овој клуб младите кои имаат интерес за новинарство, графички дизајн и фотографија ќе можат да известуваат за теми од интерес на младите. Нивните вести ќе се објавуваат во посебно мени на веб страната на МЦО. Дополнително, младите ќе изработат списание за млади кое ќе излезе во еден годишен број (годишно списание) во текот на 2024 година.
Младински подкасти - во 2024 година од страна на членовите на Медиа клубот ќе се снимаат подкасти-емисии на теми од интерес на младите, како и актуелни случувања на локално ниво. Подкастите ќе бидат објавени на каналот на Youtubeна МЦО и на веб страната.

**Програма: Вработување и претприемништво**

Програмата Вработување и претприемништво ќе вклучи серија на работилници за млади во насока на унапредување на нивниот личен развој и поттикнување на нивната вработливост. Работилниците ќе вклучат компоненти на кариерно насочување и кариерно советување во зависност од возраста на учесниците во програмата.
Дополнително, оваа програма предвидува објавување на сите можности за кариерен развој, образование и отворени работни места на веб страната на МЦО кои ќе се преземаат од повеќе проверени извори.
Младинскиот Центар Охрид ќе ја промовира и Гаранција за Млади (посебна мерка од Оперативниот План за вработување) помеѓу младите од Охрид, вклучително и активните мерки за вработување.
Во рамките на програмата се планираат следните активности:
[1] Саем за образование и кариера - организирање на Саем за образование и кариера, во соработка со средните училишта, факултетите и бизнис секторот во Општина Охрид.

[2] Работилници за кариерно советување и вработливост за млади лица – редовно спроведување на работилници со млади од 15 – 29 години.

[3]Мотивирачки трибини на МЦО

[4] Посета на млади претприемачи / успешни бизниси во Охрид

[5]Панелдискусии

[6] Конференција за младинско претприемништво – ноември 2024

**Програма: Култура**

Посебен фокус во работата на Младинскиот Центар Охрид ќе има и програмата Култура. Оваа програма ќе вклучува активности во насока на развивање на креативниот потенцијал на младите но и промоција на млади уметници и креативци. Програмата за Култура ќе ги вклучи следниве компоненти:

[1] Креативен Клуб: ќе продолжи да работи и оваа година со цел да се поттикне креативноста кај младите, каде на информален начин младите ќе се дружат, креираат и творат. Креативниот клуб ќе функционира во согласност со потребите на младите во период од 6 месеци во текот на 2024 година.Во рамките на креативниот клуб ќе се организира Летна креативна школа за млади и деца која ќе има цел да ја поттикне креативноста кај младите лица и деца од Охрид.

[2] Театарска Работилница: младите кои имаат аспирации за глума ќе имаат можност преку театарска работилница да ги унапредат своите вештини и знаења од областа на театарот. Работилниците ќе резултираат со перформанс кој ќе биде организиран во просториите на МЦО, и на кој ќе присуствуваат млади лица и соработници на МЦО.

[3] Саем на рачни изработки – во насока на промоција на младите креатори и творци на ракотворби, МЦО повторно ќе организира саем на рачни изработки преку кои младите ќе имаат можност да ја презентираат својата работа но и да ги понудат своите ракотворби на продажба на посетителите на саемот.

[4] Соработка со други организации и промоција на млади уметници – МЦО ќе продолжи да дава поддршка и промоција на различни музички, културни и уметнички настани организирани од млади уметници и организации од Охрид.

[5] Ликовна школа – оваа школа ќе се реализира со помош на ангажирање на ментор/ наставник каде преку серија на работилници младите ќе се запознаат со разни ликовни и уметнички техники.

[6] Музичка школа – оваа школа ќе биде реализирана од локален ментор / наставник по музичко каде ќе се вклучат млади кои имаат желба поблиску да се запознаат со музиката и да имаат можност да свират на различни инструменти.

[7] Литературен камп - Во текот на месец јануари ќе се организира литературен камп со средношколци со цел поттикнување на талентите за пишување и творење. МЦО ќе ги поддржи младите творци и ќе ги промовира нивните творби.

**Програма: Неформално Образование**

Програмата за Неформално Образование ќе опфати различни теми кои се од интерес на младите: здравје, екологија, недискриминација, безбедност и сл. Во првиот квартал од

2024 година, МЦО ќе го обнови Волонтерскиот Клуб кој ќе обезбеди можност за нови млади да се вклучат во работата на Центарот преку промоција на активностите и програмите на Центарот, но и преку учество во различни иницијативи кои ќе произлезат од младите за младите. Заедно со персоналот на МЦО волонтерскиот клуб ќе организира работилници на теми од интерес на младите. Воедно Волонтерскиот Клуб ќе биде вклучен и во:

[1] Одбележување на позначајни денови

[2] Неформално образование на теми од интерес на младите (работилници и предавања за здравје и спорт, безбедност, недискриминација, екологија, кампања за превенција од пороци, превенција од насилство и врсничко насилство и сл.)

[3] Младински иницијативи (како на пример Еко Акции, Панел дискусии, Форуми и сл.)

[4] Одбележување на Ден на Млади – Недела на млади: по повод 12 август, Светскиот Ден на младите, ќе се организираат серија на активности кои од една страна ќе ги презентираат сите програми на МЦО но и ќе се промовираат младите уметници, креативци и артисти преку пригоден хепенинг кој ќе се одржува цела недела (Недела на млади).

**Други услуги за млади, младински организации и организации за млади**

За потребите од младинските организации, организациите за млади, младинските неформални групи и младите воопшто, МЦО ќе ги изнајмува бесплатно своите простории за реализација на нивни настани но и за поттикнување на нивниот развој. Воедно, МЦО ќе ги промовира сите активности на други организации кои реализираат активности во просториите на Центарот кои се во интерес на младите.

## РАБОТЕН ПАКЕТ 5: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНИ АКТЕРИ

**Соработка со училишта**

На почеток на новата учебна година 2024/2025 ќе бидат обновени и потпишани меморандуми за соработка со основни и средни училишта со цел вклучување на учениците и заедничка организација и имплементација на предвидените активности кои опфаќаат различни креативни и едукативни работилници, обуки, забавни настани, инфо денови и сл.

**Состаноци со локални младински организации**

Во текот на целата година, (на секои два месеци) ќе се одржуваат тековни состаноци со останатите младински организации со кои веќе имаме воспоставено успешна соработка: Младински Совет Охрид, Црвен крст Охрид, Енхелеус Лихнид, Суп Клуб Охрид, Фото Клуб Охрид, Охрид Трчат и други. МЦО ќе продолжи да работи на воспоставување на соработка со други организации кои работат на територијата на општина Охрид. Средбите ќе имаат за цел запознавање, подобра организација и имплементација на предвидените заеднички активности како што се: формирање на локален волонтерски клуб; одбележување на значајни датуми како Интернационален ден на волонтеризмот; организација на хуманитарни акции, јавни настани и други активности.

**Состаноци со претставници на локалните власти**

Во текот на годината редовно ќе се организираат средби со претставници на локалните власти со цел презентација на спроведените активности и резултатите од истите. На истите состаноци ќе се дискутира за забелешки, насоки и идеи за подобрување на соработката, потребите и проблемите на младите и зголемување на младинскиот активизам во Општина Охрид.

Тековни состаноци во зависност од потребите ќе се организираат со Советникот за Млади при ЛС Охрид и со претставници на Локалниот Младински Совет со цел консултации и помагање за поуспешно спроведување на некои од предвидените активности.

**Предлог буџет за раководење со Младински центар Охрид за 2024 година, Коалиција на младински организации СЕГА**

| | | Единица | Тип | Количина | Месеци/ *асник" бр3* | Побараноод општина Охрид | Учество на апликантот | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Опис на трошокот** | **Тип** | **Цена** | **# Единици** | **Единици** | **(МКД)** | **(МКД)** | **(МКД)** |
| **1. Персонал** | | | | | | **1,231,080.00** | **1,590,612.00** | **2,821,692.00** |
| 1.1 | ПрограмскиРаководител (СЕГА) | месец | 63,419.00 | 1 | 12 | 0.00 | 761,028.00 | **761,028.00** |
| 1.2 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 54,132.00 | 1 | 12 | 0.00 | 649,584.00 | **649,584.00** |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 0.00 | **483,240.00** |
| 1.4 | МЦО Младинскиработник | месец | 35,650.00 | 1 | 12 | 427,800.00 | 0.00 | **427,800.00** |
| 1.5 | МЦО Младинскиработник | месец | 26,670.00 | 1 | 12 | 320,040.00 | 0.00 | **320,040.00** |
| 1.6 | Финансискиасистент (СЕГА) | месец | 15,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 180,000.00 | **180,000.00** |
| **2. Патнитрошоци** | | | | | | **37,920.00** | **0.00** | **37,920.00** |
| 2.1 | Патнитрошоцизакоординативнисостаноцизамониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локалнипатнитрошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| **3. Обуки** | | | | | | **9,000.00** | **0.00** | **9,000.00** |
| 3.1 | Интернаобука (патнитрошоци, сместување, работниматеријали, храна) | единица | 3,000.00 | 3 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| **4. Другидиректнитрошоци** | | | | | | **9,600.00** | **0.00** | **9,600.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| **5. Индиректнитрошоци** | | | | | | **72,000.00** | **24,000.00** | **96,000.00** |
| 5.1 | Канцелариските материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | 0.00 | 14,400.00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.2 | Освежувањеза МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средстваза одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лицезачистење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комуникацискитрошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 24,000.00 | 24,000.00 |
| **6.Специфични трошоциповрзани со проектот** | | | | | | **331,100.00** | **0.00** | **331,100.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивниматеријали (балони, маици, стикери, белезици) | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.2 | Тефтери (бележници) А5 | единица | 74.00 | 500 | 1 | 37,000.00 | 0.00 | 37,000.00 |
| 6.3 | Печатених артиенике си | единица | 100.00 | 200 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 6.4 | Знаме со јарбол (4 метра) | единица | 5,300.00 | 2 | 1 | 10,600.00 | 0.00 | 10,600.00 |
| 6.5 | Организирање на настанзаДен на млади | единица | 35,000.00 | 1 | 1 | 35,000.00 | 0.00 | 35,000.00 |
| 6.6 | Театарскаработилница - реквизити | единица | 9,000.00 | 1 | 1 | 9,000.00 | 0.00 | 9,000.00 |
| 6.7 | Медиаклуб (печатење на весник) | единица | 6,000.00 | 1 | 1 | 6,000.00 | 0.00 | 6,000.00 |
| 6.8 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 6 | 1 | 18,000.00 | 0.00 | 18,000.00 |
| 6.9 | Активности на волонтерскиклуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.10 | Спонзорирање на објави на социјални мрежи | месец | 2,000.00 | 12 | 1 | 24,000.00 | 0.00 | 24,000.00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.11 | Печатење на материјали | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | 0.00 | 3,500.00 |
| 6.12 | Хонорарза ментори/наставници зашколиза музика и уметност | месец | 6,600.00 | 2 | 5 | 66,000.00 | 0.00 | 66,000.00 |
| 6.13 | Печатење на промотивниматеријали (флаери, публикации и сл.) | единица | 70,000.00 | 1 | 1 | 70,000.00 | 0.00 | 70,000.00 |
| **7.Трошоци заопремување на МЦО** | | | | | | **164,500.00** | **0.00** | **164,500.00** |
| 7.1 | Опремазао звучување | единица | 100,000.00 | 1 | 1 | 100,000.00 | 0.00 | 100,000.00 |
| 7.2 | Осветлувањезанастани | единица | 20,000.00 | 1 | 1 | 20,000.00 | 0.00 | 20,000.00 |
| 7.3 | ПП Апарат | единица | 3,000.00 | 1 | 1 | 3,000.00 | 0.00 | 3,000.00 |
| 7.4 | Сетзапрва помош | единица | 1,000.00 | 1 | 1 | 1,000.00 | 0.00 | 1,000.00 |
| 7.5 | Пепелник | единица | 1,500.00 | 1 | 1 | 1,500.00 | 0.00 | 1,500.00 |
| 7.6 | Столици во боја | единица | 2,600.00 | 10 | 1 | 26,000.00 | 0.00 | 26,000.00 |
| 7.7 | КлубМасички | единица | 4,000.00 | 2 | 1 | 8,000.00 | 0.00 | 8,000.00 |
| 7.8 | Брендирање на прозори | единица | 5,000.00 | 1 | 1 | 5,000.00 | 0.00 | 5,000.00 |
| **Вкупнодиректнитрошоци** | | | | | | **1,855,200.00** | **1,614,612.00** | **3,469,812.00** |
| Административнитрошоци, 10% одпрограмскитетрошоци | | | | | | MKD 185,520.00 | MKD 0.00 | MKD 185,520.00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **MKD 2,040,720.00 463110** | **MKD 1,614,612.00** | **MKD 3,655,332.00** |

| | ОПШТИНА ОХРИД | КОАЛИЦИЈА СЕГА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **ПРОЦЕНТУАЛЕН ПРИКАЗ НА БУЏЕТ** | **55.83%** | **44.17%** | **100.00%** |

**ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**ЗА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**

Со цел непречено функционирање на Локалниот младински совет и негово понатамошно активно делување, општината се обрзува да издво и средства потребни за реализација на годишната програма на Локалниот младински совет.

Локалниот младински службите ја достави својата програма во која се предвидени два предлог проекти со кои се таргетира младото население на територија на Општина Охрид и чија цел е поголема вклученост на младинската популација во општествените процеси.

Предлог програмата на Локалниот младински совет на Општина Охрид за 2024 година:

1. **ПРОЕКТ – Мултикултурен фестивал – Спојување на различни етнички заедници и нивно претставување на нивните култури.**

**1.1 Опис и цели на проектот**

Охрид претставува еден културен град кој е збир на култури од повеќе етнички заеднички.

Низ годините нашиот град се развивал мултикултурно, па така и денес во него живеат најразлични етникуми, како на пример: Македонци, Роми, Египкани, Турци, Албанци, Срби, Власи, Бошњаци и други. Нашата цел преку овој проект е спојување на сите млади од различни етнички заедници на настан кадешто секоја заедница би имала можност да си ги претстави своите народни обележја, култура и уметност, преку својата традиционална храна, облека, танцови, инструменти, накит, песни, ора, итн.

**1.2 Целна група**

Младите од 15-29 години, учениците од основните и средните училишта, студентите и младите од различни етнички заеднички

**1.3 Вклученост на младите**

Самиот проект би започнал со вклучување на младите во активностите на проектот каде што тие преку нивно активно вклучување би придонесле за реализирање на предвидените активности (поетско читање, изведување на танцови, ора, народни песни, изложба на слики, накит, носии, инструменти). Исто така, младите и останатите посетители преку посетата на овој фестивал ќе имаат можност да се запознаат со културите, јазикот, уметноста и останатото народно творештво кое ќе биде претставено на самиот настан

**1.4 Очекувани резултати**

- Запознавање на младите со различните етнички култури кои живеат во градот Охрид;
- Намалување на поларизацијата и јазот помеѓу етничките заедници;
- Здружување, зближување и вмрежување на младите од различни етникуми;
- Промоција на народното творештво од народите кои живеат во Охрид;
- Зголемена застапеност на социјалните мрежи;
- Остварена соработка со различните етникуми;

**1.5 Преглед на активности**

1. Мобилизација на младите;

2. Координативни средби со претставници на здруженија, образовни институции, професори, културни институции, културно-уметнички друштва и други засегнати страни;
3. Интеркултурна маса со етнолог;
4. On-line и медиумска промоција за време на целиот проект;
5. Завршен настан за промоција и вмрежување на младите од различните етникуми;

**1.6 Буџет**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| Трошоци за проектот: | Износ во денари |
|---|---|
| Техничка опрема | 12,000,00 |
| Храна и Освежување | 30,000.00 |
| Промотивни материјали | 45,000.00 |
| Видео и Фотографија | 12,000.00 |
| Експерт од областа | 3,000.00 |
| Патни трошоци | 6,000.00 |
| **Вкупно:** | **108,000.00463110** |

## 2. ПРОЕКТ – ЕКО СУП, ЕКО ПЛАНИНАРЕЊЕ, ЕКО ВЕЛОСИПЕД

– физичка активност на младите и нивна мотивација за водење поздрав живот, развивање во правилна насока и подигање на еколошката свесност.

**1. Опис и цели на проектот**

Вклучување на сите основни и средни училишта на ниво на Охрид каде учениците би се вклучиле во одредена активност од проектот. Преку вакви активности се поттикнуваат младите на здрав начин на живот, мотивација и правилен развој со што сакаме да придонесеме до позитивни промени во животот на младите во време каде поголемиот дел од денот го поминуваат пред компјутери затворени, а со ваквите активности се стремиме за градење на едно здраво младо општество кое се грижи за животната средина.

Овие три активности се избрани поради тоа што позицијата на Охрид е таква што се наоѓа на езеро, но и на планина, и секако е толку мал град што до било која дестинација низ градот и подалеку може да се стигне со велосипед. Преку овие активности ќе се спроведуваат акции за чистење на пешачка патека покрај Охридското езеро, чистење на плажа на Охридското езеро, и чистење на планинарска патека на Галичица.

**Напомена:**Безбедноста на младите и здравјето е на прво место, ниедна активност нема да ја наруши безбедноста и здравјето на младите.( напротив ќе го зголеми здравјето)

**2. Целна група**

Младите од 15-29 години, учениците од основните и средните училишта, студентите и останати

**3. Вклученост на младите**

Самиот проект директно ги вклулува младите во извршувањето на активностите ( возење велосипед-чистење, планинарење-чистење, веслање суп даска – чистење)

**4. Очекувани резултати**

- Младите се запознаени со природните убавини на Охрид;

- Подигната еколошка свест;
- Зголемена потреба за физичка активност и бавење со одредени спортови кај младите;
- Задоволни и среќни млади;
- Почиста околина;

5. **Преглед на активности**

- Мобилизација на младите;
- Средби со професорите по физичка култура од основните и средни школи, со јавни претпријатија (комуналец и др.);
- Состанок со водичите и обучувачите за акцијата;
- Обезбедување храна, вода и сл;
- Обезбедување суп даски, велосипеди ;
- Обезбедување кеси, ракавици;
- Промоција на активноста;
- Спроведување на активностите (планинарење, велосипед, суп –веслање, чистење);

6. **Буџет**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| **Трошоци за проектот:** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Изнајмување опрема ( велосипед, суп-даски ) | 6,000.00 |
| Храна и Освежување | 15,000.00 |
| Промотивни материјали | 15,000.00 |
| Видео и Фотографија | 6,000.00 |
| Експерт од областа | 6,000.00 |
| Опрема за чистење(кеси за ѓубре, ракавици, дезинфекциско средство за раце) | 2,000.00 |
| Патни трошоци | / |
| **Вкупно:** | **50,000.00 463110** |

| **Извор на финансирање** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Буџет на Општина Охрид | 158,000.00 |
| **Вкупно** | 158,000.00 |

| | |
|---|---|
| **Вкупен износ на програмата во денари** | 158,000.00 |
| **Буџет на Општина Охрид во денари** | 158,000.00 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Програмата заработа на Советот на млади на Општина Охрид е изработена одчленовите на Советот на млади на Општина Охрид во координација со претставници на општинската администрација. Целта на програмата е да делува во насока на реализирање на приоритетните цели за кои е основан Советот на млади на Општина Охрид. Програмата на активности со кои се таргетира младинската популација на Општина Охрид како што е претходно наведено. Согласно политиката на Општина Охрид за транспаретност и отчетност пред граѓаните,програма беше претставена преку јавна расправа и младите

имаа можност нивните идеи да ги претставаат пред Советот на млади и да ги интегрираат во самата програма.

**Општина Охрид во 2023 година доби 8.000 долари во денарска противредност од УНДП за реализација проект„ Зајакнување на улогата на младите во општина Охрид" кој опфаќа две младински иницијативи.**

Во текот на 2023 година Локалниот Младински Совет доби обврска и изработи две иницијативи за чија реализација на Општина Охрид и беа одобрени 8000 долари од страна на УНДП и нивната реализација ќе биде и во текот на 2024 година.

Првиот одобрена младинска иницијатива има наслов **"Промоција на младите преку промоција на Локалниот младински совет,инклузија на млади еднаквост и доверба".**

-Вториот младинска иницијатива има наслов **"Заштити се себе си, кажи не на насилство".**

**За релаизација на проектот кој опфаќа две младински иницијативи предвидени се вкупно 463.300,00 денари.**

| **Извор на финансирање** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Буџет на Општина Охрид | **00.000,00** |
| УНДП | **463.300,00** |
| **Вкупно** | **463.300,00** |

**Вкупен буџет за предлог нацрт програма за Млади и НВОза 2024 година**

За успешнареализацијанапроктот„ReLOaD2"ОпштинаОхрид,се обврзува да обезбеди средства од буџетот на општината во висина од минимум 25 % од вкупниот одобрен буџет на проектот. Средствата ќе се обезбедат во рамки на прогрмата за млади и невладини организации на општин

| | |
|---|---|
| ***Вкупен износ на програма во денари*** | ***3.543.668,00*** |
| ***Буџет на УНДП во денари*** | ***463.300,00785 426990*** |
| ***Буџет на општина Охрид во денари*** | ***3.080.368,00*** |

**Образложение:измените на Програмата за млади и нво 2024 се однесуваат во делот на проектот добиен од страна на УНДП,прецизирање на насловот на проектот.**

Оваа Програма за измени на Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 08-2953/99** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-ЛИТЕРАТУРА (КНИГИ) ОД НУ МАНИФЕСТАЦИЈА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ НА ОПШТИНА ОХРИД, НАМЕНЕТИ ЗА ОСУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање донација на движни ствари-литература (книги) од НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ на општина Охрид, наменети за ОСУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/186** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - ЛИТЕРАТУРА (КНИГИ) ОД НУ МАНИФЕСТАЦИЈА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ НА ОПШТИНА ОХРИД, НАМЕНЕТИ ЗА ОСУ „СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на движни ствари - литература на општина Охрид, согласно одлуката донесена на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-714/90 од 30.01.2024 година. Давател на донацијата е НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ - Струга наменета за **ОСУ „СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД** .

- **Донацијата се состои од:**

| Бр. | Предмет | Парчиња |
|---|---|---|
| 1 | Литература, различна поезија, песни од различни автори | 64 |

**Член 2**

Наведената литература од член 1 на оваа одлука се отстапува на трајно користење на **ОСУ „СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**.

Донирањето ќе биде без надомест.

**Член 3**

Општина Охрид како примател на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на давателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 08-2953/100** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-ЛИТЕРАТУРА (КНИГИ) ОД НУ МАНИФЕСТАЦИЈА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ НА ОПШТИНА ОХРИД, НАМЕНЕТИ ЗА СОСУ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за за прифаќање донација на движни ствари-литература (книги) од НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ на општина Охрид, наменети за СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/187** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина

Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - ЛИТЕРАТУРА (КНИГИ) ОД НУ МАНИФЕСТАЦИЈА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ НА ОПШТИНА ОХРИД, НАМЕНЕТИ ЗА СОСУ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на движни ствари - литература на општина Охрид, согласно одлуката донесена на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-714/90 од 30.01.2024 година. Дavател на донацијата е НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ - Струга наменета за **СОСУ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - ОХРИД** .

- **Донацијата се состои од:**

| Бр. | Предмет | Парчиња |
|---|---|---|
| 1 | Литература, различна поезија, песни од различни автори | 64 |

**Член 2**

Наведената литература од член 1 на оваа одлука се отстапува на трајно користење на **СОСУ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - ОХРИД**.

Донирањето ќе биде без надомест.

**Член 3**

Општина Охрид како прималел на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на давателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/101** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ-ЛИТЕРАТУРА (КНИГИ) ОД НУ МАНИФЕСТАЦИЈА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА**

**ПОЕЗИЈАТА“ НА ОПШТИНА ОХРИД, НАМЕНЕТИ ЗА ОЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за за прифаќање донација на движни ствари-литература (книги) од НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ на општина Охрид, наменети за ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/188**
**14.03.2024 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - ЛИТЕРАТУРА (КНИГИ) ОД НУ МАНИФЕСТАЦИЈА „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ НА ОПШТИНА ОХРИД, НАМЕНЕТИ ЗА ОЕМУЦ „СВ НАУМ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на движни ствари - литература на општина Охрид, согласно одлуката донесена на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-714/90 од 30.01.2024 година. Давател на донацијата е НУ Манифестација „Струшки вечери на поезијата“ - Струга наменета за **ОЕМУЦ „СВ НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**.

- **Донацијата се состои од:**

| Бр. | Предмет | Парчиња |
|---|---|---|
| 1 | Литература, различна поезија, песни од различни автори | 64 |

**Член 2**

Наведената литература од член 1 на оваа одлука се отстапува на трајно користење на **ОЕМУЦ „СВ НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**.

Донирањето ќе биде без надомест.

**Член 3**

Општина Охрид како примател на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на давателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/102** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ДОНЕСУВАЊЕ ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 7.56 ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ „15 ТИ КОРПУС“ - ОХРИД, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-445/12 ОД 05.06.2002 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување техничка исправка за ГП 7.56 во ДУП за дел од МЗ „15 ти Корпус“ - Охрид, донесен со Одлука број 07-445/12 од 05.06.2002 година, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/189** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 7.56 ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД МЗ „15 ТИ КОРПУС“ - ОХРИД, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-445/12 ОД 05.06.2002 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува техничка исправка за ГП 7.56 во ДУП за дел од МЗ „15 ти КОРПУС“ - Охрид, донесен со Одлука број 07-445/12 од 05.06.2002 година, општина Охрид, со тех.бр. 01/24 од февруари 2024, изработена од Друштво за проектирање и градба СНЕГАР КОМПАНИ ДООЕЛ Охрид, од системот е-урбанизам како број на постапка 59496

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Техничка исправка – електронски формат, PDF верција
- Позитивно мислење бр. 19-2182/1 од 29.02.2024 година

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава позитивно мислење за усвојување на техничката исправка за ГП 7.56 во ДУП за дел од МЗ „15 ти КОРПУС“ - Охрид, донесен со Одлука број 07-445/12 од 05.06.2002 година, општина Охрид, и истата ја доставува на донесување до Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2953/103** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 6.7 НА КП 16836/1 ВО КО ОХРИД 3 ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД II УЕ МЗ 4 ДОЛНА ВЛАШКА МААЛА - ОХРИД, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-3087/3 ОД 27.12.2005 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 6.7 на КП 16836/1 во КО Охрид 3 од ДУП за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид, донесен со Одлука број 07-3087/3 од 27.12.2005 година, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година.

**Број 09- 2953/190** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2024 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП 6.7 НА КП 16836/1 ВО КО ОХРИД 3 ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД II УЕ МЗ 4 ДОЛНА ВЛАШКА МААЛА – ОХРИД, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БРОЈ 07-3087/3 ОД 27.12.2005 ГОДИНА, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува техничка исправка на Детален Урбанистички план за ГП 6.7 на КП 16836/1 во КО Охрид 3 од ДУП за дел од II УЕ МЗ 4 Долна Влашка Маала - Охрид, донесен со Одлука број 07-3087/3 од 27.12.2005 година, општина Охрид, со тех.бр. 13/24 од Февруари 2023, изработена од институт за урбанизам, сообраќај и екологија “ИН-ПУМА“ Скопје, од системот е-урбанизам како број на постапка 60052.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Барање за Техничка исправка – електронски формат, PDF верција 0301-55/1 од 29.02.2024
- Позитивно мислење бр. 19-2597/1 од 29.02.2024 година

**Член 3**

